Универзитет „Св. Кирил и Методиј”
Филозофски факултет-Скопје
Институт за историја

# ***„ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ ОД МАКЕДОНИЈА ПОД СРПСКА ВЛАСТ (1912 – 1915)”***

***-Магистерски труд-***

Изработил: Марина Ѓоргиевска

Ментор: проф. д-р Никола Жежов

Ноември 2018
Скопје

**ВОВЕД:**

Историјата, како општествена наука, понудува безброј можности на проучување и нејзино испитување. Таа е едно големо сеќавање за севкупноста на човековиот живот. Преку историјата се проучува, научно обработува, истражува некој настан, појава или процес од политички, воен, општествен, социјален и др. аспект. Се определив да пишувам на темата ,,Вардарскиот дел од Македонија под српска власт (1912-1915)” бидејќи сакав на едно место да ги сублимирам сите промени кои што настанале од доменот на политичкиот, воениот и општествениот аспект.

Османлиската Империја на Балканот и во Македонија се задржала 500 години. Во последните години од нејзиното постоење се случиле бројни настани кои што влијаеле за нејзин побрз распад. Во 1912 година против неа обединетите балкански земји Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора започнале заедничка воена акција која завршила со пораз на Османлиската Империја и бил ставен крајот на 5 вековното владеење на Османлиите во Македонија. Од друга страна пак обединетите балкански земји ги истакнале териториjални аспирации кон Македонија. Тие незадоволни од деловите на Македонија коишто ги завладеале за време на Првата балканска војна за кратко време започнале нова, но овојпат Меѓусојузничка војна. Оваа војна која се водела за распарчување на територијата на Македонија завршила со потпишување на Букурешкиот мировен договор кој оставил трагични последици за Македонија и македонскиот народ. Со овој договор Македонија била поделена на 3 дела и со тоа таа престанала да постои како целина.

Србија, Грција и Бугарија ќе бидат причините за воведувањето на терминологијата и постоењето на Вардарска, Егејска и Пиринска Македонија. Уништувајќи ја власта на Османлиската Империја, секоја од нив ќе започне да манипулира со трите дела.

Вардарскиот дел од Македонија бил приклучен кон Кралството Србија. Во овој дел на Македонија бил воспоставен посебен режим на управување. Биле донесени разни наредби и уредби преку кои се воспоставувала српската власт во

Вардарскиот дел на Македонија. Тие воопшто не ја подобриле положбата на македонското население во споредба со претходната власт. Имено новите власти наложуваат нов начин на живот исполнет со закани, притисоци, терор, погроми итн. Македонското секојдневие целосно ќе биде променето во сите аспекти од тогашното негово функционирање: политички, административен, воен, културно-просветен, здравствен аспект.

Трудот се состои од 6 глави. Во првата глава е опфатена општствено-политичката состојба во Вардарскиот дел на Македонија од 1912-1915 година. Потоа е обработен текот на Балканските војни 1912/1913 година, борбите што сојузничките војски ги воделе на територијата на Македонија, учеството и придонесот на Македонците на страната на сојузничките војски за време на Првата балканска војна, задачите и дејноста на македонските чети за време на војната. Потоа се осврнувам на борбата на Македонците против поделбата на Македонија, односно дејноста на Македонците-интелектуалци кои се наоѓале во Петроград предводени од Димитрија Чуповски и нивните меморандуми испратени до Лондонската мировна конференција и до владите на соседните држави. Првата глава ја заокружувам со Букурешкиот мировен договор потпишан 10 август 1913 година, последиците од договорот за Македонија и македонскиот народ и поставените граници на соседите.

Во втората глава е обработено воспоставувањето на српската власт во Вардарскиот дел од Македонија 1912-1915 година во која ја опфаќам административната поделба на Вардарскиот дел од Македонија, донесените наредби и уредби заради зацврстување на српската власт, работата на административните органи, не прифаќањето на српската власт од македонскиот народ и жестокиот терор и разните погроми што српската војска и четничките одреди ги спроведувале врз невиното македонско население.

Во третата глава е разработен отпорот на македонскиот народ спрема српските власти. Поточно е опишан пасивниот отпор на македонскиот народ кој се изразувал на тој начин што родителите на ги запишувале децата во српските училишта, населението не ги посетувало црквите и дугите установи, машкото население не сакало да стапува во српската војска, селското население се обидело

да си ја поврати и задржи земјата, како и преку вооружениот отпор со кревањето на Тиквешкото и Охридско-дебарското востание во 1913 година. Имено се опишани причините, текот и последиците на востанијата кренати против српскиот режим.

Во четвртата глава е обработена регрутацијата и мобилизацијата на населението од Вардарскиот дел на Македонија до октомври 1915 година, поточно е истражено избегнувањето на македонскиот народ да стапува во редовите на српската војска. Исто така се осврнувам и на најголемата вооружена акција која се случила во овој период на територијата на Вардарскиот дел на Македонија, за целта и нејзините причини, а станува збор за Валандовската акција.

Во петата глава е разработено здравството во Вардарскиот дел на Македонија во период од 1912-1915 година, односно условите во кои живеело населението, појавата на заразните болести и епидемијата од колера и пегав тифус , отворањето на голем број на болници за сместување на ранетите од војната и заразените, преземените превентивни мерки, пристигнувањето на голем број на странски мисии, хуманитарци, доброволци.

Во шестата глава се разработени просветно-образовните прилики во Вардарскиот дел на Македонија 1912-1915 година. Поточно се обработени условите во кои се изведувала наставата, начинот на кој биле отворани српските училишта, проблемите со кои се соочувал образовниот систем, односот на српските просветни власти спрема дотогашните егзархиски учители и спрема децата од христијанска и муслиманска припадност, како и односот кон другите приватни училишта.

Трудот е резултат на повеќегодишно истражување во научните институции како: Државниот архив на Република Македонија, Националната универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Институтот за национална историја и Македонската академија на науките и уметностите. Најдетални информации ми понуди Државниот архив каде подетално се посветив на фондовите како: Кралско српско посланство – Лондон (1879-1918), Митрев Анастас, публицист и општественик – Скопје.

Покрај обработени фондови имав можност да погледнам и архивски материјали зачувани на микрофилмови од кои ќе ги издвојам м.ф 467, м.ф 471, м.ф 472.

На крајот би сакала да му се заблагодарам и на мојот ментор проф. д-р Никола Жежов за посветеност и соработката при подготвувањето на темата, како и на колегите од Архивот за помошта при прегледот на архивските материјали, а посебно на д-р Јасмина Дамјановска и Стојан Аврамовски.

***„Ако сакаш да посетиш една земја потоната во маки и страдања, тогаш, о брате, оди во Македонија".*** *- Од одржаниот говор на Георги П. Атанасов, градоначалник на Ѓумурџина на 4 мај 1913 на парадата на Македонско-одринското доброволство*

**ГЛАВА ПРВА**

# ОПШТЕСТВЕНО – ПОЛИТИЧКАТА СОСТОЈБА ВО МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ 1912-1913

## *1. Состојбата во Македонија во годините пред и за време на Балканските војни 1912 – 1913*

Македонија според својата местоположба важела за значајно сообраќајно и стратегиско подрачје со поволна географска положба и климатски услови кои влијаеле за одгледување на разни земјоделски и бројни индустриски култури на огромните површини обработливо земјиште. Се одгледувало: тутун, памук, сусам, ананас, афион, свилена буба и други производи. Била позната и по богатите сточарски и рудни богатства. Плодните Вардарска и Струмска долина овозможувале излез на Егејското Море преку кое се вршела трговија со Европа и со земјите од Азија и Африка. Градот Солун важел за главен општествен, економски, политички образовен и културен центар на Македонија. Низ Македонија минувале и важните комуникации, магистрални патишта кои ја поврзувале Европа со земјите од Истокот.

Сите овие и останати други богатства кои ја краселе Македонија биле една од причините што ги привлекло соседните балкански земји своите погледи и интереси да ги насочат токму кон Македонија. Имено Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора најголем интерес имале да ги освојат Османлиските владенија[1] на Балканот: Македонија, Албанија, Тракија, Епир, Санџак, Косово и Метохија, односно првите три држави најмногу претендирале да освојат колку што е можно повеќе од

[1] Во предвечерието на Балканските војни Османлиската Империја владеела на Балканот околу 170 000 км$^2$ простор со над 6 000 000 жители од кои само околу еден и пол милион било османлиско население. Димитьр Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981, стр. 13

територијата на Македонија, додека Црна Гора своите интереси ги насочила кон Скадар и околината.

Соседните балкански земји внимателно ја следеле ситуацијата во Македонија и чекале погоден момент за да започнат да ги реализираат своите планови кои ги кроеле кон Македонија. Имено состојбата во Македонија под османлиска власт била загрижувачка. Населението во Македонија, поточно христијанското живеело во крајно тешки услови. Воглавно преовладувало селското население кое било натоварено со многубројни даноци. Голем дел од селаните биле безимотни и тие биле принудени да работат на чифлиците на феудалците кои ја поседувале обработливата земја. Христијанското население заостанувало во својот економски, стопански и политички развиток, без парче земја со зголемени и воведени нови даноци. Тоа било подложено и на репресалии од страна на османлиските власти. Сето тоа предизвикало да се започнат подготовки за кревање на востание против османлиските власти.

Во Источна Македонија, во Малешевско во 1876 година било кренато Разловечкото востание предводено од Димитар Поп Георгиев-Беровски. Востаниците предводен од Беровски го ослободиле с. Разловци и во него била воспоставена месна македонска власт. Пред востанието да зазело пошироки размери истото било задушено. Разловечкото востание било дело на македонскиот народ што значи дека било автохтоно, организирано автономно без надворешни влијанија и со јасна цел за национално ослободување. Ова востание го означило почетокот на понатамошните вооружени борби за национално ослободување. Две години подоцна во 1878 година во с. Кресна било кренато Кресненското востание (Македонско востание). Најголемата причина за кревање на Кресненското востание предизвикал чл. 23 од Берлинскиот мировен договор кој се однесувал за Македонија и предвидувал автономија, но во рамките на Османлиската Империја. Ова востание било кренато како резултат на тешката положба во Македонија, за нејзино ослободување и претставувало протест против одлуките донесени на Берлинскиот конгрес.

Положбата на христијанското население во Македонија воопшто не се подобрила и во периодот кој следел. Неговата економска состојба била крајно

влошена. Било подложено на жестоки репресалии од страна на османлиските власти и башибозуци, како и на грабежи вршени од страна на разбојнички банди. Како разултат на таквата состојба, револуционерната борба за ослободување на Македонија и за подобрување на положбата на населението продолжила и во наредните години. Имено во 1903 година избувнало Илинденското востание кое било дело на македонскиот народ, предводен од ТМОРО[2] против османлиските власти, со цел да се издвојува национално ослободување и обединување. Востанието иако завршило со неуспех тоа било поттик македонското население и понатаму да ја продолжи борбата против властите за да ги оствари своите идеали, ослободување и создавање на сопствена држава.

Во јули 1908 година била крената Младотурската револуција против апсолутната власт на султанот Абдул Хамид II. Младотурците ја истакнале паролата за слобода, еднаквост меѓу сите граѓани, братство и правда и успеале да влијаат револуцијата да биде прифатена кај населението. Ги повикувале Македонците да ги распуштат нелегалните чети и да се приклучат кон револуцијата. Целта на Младотурците била да воведат промени во Империјата, да го спречат нејзиното пропаѓање и да ги сочуваат освоените области. Но тие не биле во состојба тоа да го сторат, туку напротив тие придонеле за нејзин што побрз распад. Во април 1909 година против нив била крената контрареволуција која била

---

[2]ТМОРО – Тајна македонско-одринска револуционерна организација, основана на 23.10.1893 година во Солун под името МРО (Македонска револуционерна организација) од страна на шестмина револуционери-интелектуалци: Дамјан Груев, Петар Поп Арсов, Христо Татарчев, Христо Батанџиев, Андон Димитров и Иван Хаџи Николов. Целта на Оранизацијата била да поведе вооружена борба против Османлиите и против туѓите вооружени чети и групи во Македонија за да се сочувал територијалниот интегритет и да се издвојувала политича автономија на Македонија. По 1903 година, со неуспехот на Илинденското востание Организацијата постепено започнала да слабее поради внатрешните поделби. Имено таа се до 1905 година до одржување на Рилскиот конгрес кога била преименувана во ВМОРО (Внатрешно македонско-одринска револуционерна организација) успеала да го сочува единството. Во 1908 година на Ќустендилскиот конгрес Организацијата дефинитивно се распаднала на две спротиставени страни: централисти т.е левицата предводени од Јане Сандански и врховисти, пробугарската групација т.е десницата, што довело и до меѓусебни вооружани пресметки. По Младотурската револуција 1908 година револуционерната Организација престанала да постои, таа била возобновена 1911 година кога бил избран нов Централен комитет со Тодор Александров, Христо Чернопеев и Петар Чаулев. По 1919 година Организацијата започнала да го употребува името ВМРО (Внатрешна македонска револуционерна организација). Организацијата била основана за да се бори против туѓите пропаганди, за да издвојува ослободување и создавање на самостојна македонска држава. Нејзината парола била Македонија на Македонците!. Виолета Ачкоска, Никола Жежов, Предавствата и атентатите во македонската историја, Скопје 2004, стр. 164, Македонска енциклопедија 2, Скопје 2009, стр. 855-857

совладана со помош на христијанското население предводено од македонските истакнати револуционери меѓу кои најактивни биле Јане Сандански[3] и Христо Чернопеев[4]. Откако власта повторно преминала во рацете на Младотурците тие вовеле нови закони, реформи, мерки кои биле погубни за христијанското население во Македонија. Всушност Младотурците не го спровеле она што го ветиле пред контрареволуцијата, односно не го уништиле системот на апсолутизмот, не го решиле националното прашање, ниту пак економско-аграрното прашање за да ја подобрат бедната положба на населението, и не создале услови за економски и културен развиток на населението. Продолжиле да спроведуваат реформи во спротивна насока кои довеле до влошување на положбата во Империјата. Во 1910 година бил донесен законот против четите и било преземено насилно разоружување на населението придружено со големи жестокости, како и законот за колонизација со кој во Македонија биле населени неколку стотици илјади муслимани-мухаџири. Сето тоа предизвикало незадоволство кај христијанското население кое живеело во рамките на Османлиската Империја, а се надевало на поголеми позитивни промени.

[3]Сандански Јане (1871-1915), македонски револуционер, член на Организацијата од 1899 година. Дејствувал против врховизмот и неговото влијание во Македонија. Во 1901 година бил назначен за војвода и дејствувал во Серскиот револуционерен округ. Бил главен организатор во киднапирањето на американската мисионерка Мис Елен Стон во 1901 година. Во 1905 година на Првиот конгрес на Серскиот револуционерен округ бил избран за околиски војвода во Мелничко. Бил претседател на Вториот и Третиот редовен конгрес на Серскиот округ одржани во годините 1906 и 1907. Бил еден од основачите на Народната федеративна партија. Учествувал во контрареволуцијата на Младотурците во 1909 година. За време на Првата балканска војна предводел група на четници и селска милиција со чија помош успеал да ослободи поголема територија во Пиринска Македонија вклучително и градот Мелник, а со својата чета влегол и во градот Солун како претходница на бугарската армија. Бил убиен во 1915 година во месноста Блатата, Мелничко. Енциклопедија ВМРО 1893-1934, Скопје 2015, стр. 249

[4]Чернопеев Христо (1868-1915), македонски револуционер и член на ТМОРО/ВМОРО. Бил инструктор на четите на Организацијата, а потоа станал четник под раководство на Михаил Апостолов-Попето. Во 1900 година бил назначен за војвода и дејствувал во Кукушко. Учествувал во аферата на Мис Стон како и во Илинденското востание. Во 1905 година бил избран за раководител на Струмичкиот револуционерен округ и како делегат од истиот округ учествувал на Рилскиот конгрес на ВМОРО во 1905 година. Учествувал во контрареволуцијата на Младотурците. Бил еден од основачите и член на Народната федеративна партија. Во 1911 година бил избран во ЦК на ВМОРО заедно со Тодор Александров и Петар Чаулев. Учествувал во Балканските војни и бил награден со Орден за храброст-III степен. За време на Првата светска војна во еден судир со француската војска го загубил својот живот во близина на с. Криволак, Неготинско. Бил погребан во дворот на црквата Св. Богородица во Ново Село, Штипско. Енциклопедија ВМРО 1893-1934, Скопје 2015, стр. 351

Како одговор на таквата нивна политика во годините 1910-1911 највидните дејци на Организацијата решиле да ја возобноват ВМОРО и да ја продолжат нивната нелегална и вооружена борба. Бил избран нов Централен комитет на Организацијата во состав: Тодор Александров, Христо Чернопеев и Петар Чаулев[5]. Според писмото испратено од Тодор Александров до Христо Чернопеев од 19 октомври 1911 година се говори за неопходноста да се изведат што повеќе динамитни атентати од страна на ВМОРО[6]. Впрочем основен метод на дејствување на возобновената ВМОРО била со употреба на експлозивни направи да се вршат диверзии на железничките пруги и други објекти. Динамитните атентати биле изведувани и раководени од страна на Тодор Александров. За изведување на истите биле обучувани четници. Бројни провокативни атентати биле изведени во Македонија со цел да се предизвикаат османлиските власти на засилен терор и насилство над населението, а тоа да послужело како повод воено да се интервенира од надвор. Биле изведени бројни атентати врз железнички пруги, на јавни места, за време на пазарните денови, во разни населени места и во градови каде што била собрана голема маса на луѓе. Тие биле познати под името „Магарешки атентати”, бидејќи експлозивната направа се ставала на самарот на добитокот, најчесто на магариња со кои селаните ги носеле своите продукти на пазарот и од експлозијата страдале голем број на луѓе и добиток. Овие атентати само ја влошиле положбата на христијанското население во Македонија кое било изложено на невидени жестокости, крвави репресалии и одмазништво од страна на османлиските власти и башибозуци. Биле изведени атентати во следниве градови: Радовиш, Битола,

[5] Чаулев Петар (1880-1924), македонски револуционер, член на Организацијата од 1897 година. Како војвода учествувал во Илинденското востание. Во 1907 година бил избран за Охридски реонски војвода. Во 1908 година на Ќустендилскиот конгрес земал учество како делегат од Солунскиот револуционерен округ. Во 1911 година бил избран во ЦК на ВМОРО. Учествувал во Балканските војни, а со својата чета дејствувал во регионот помеѓу Ресен и Охрид кој го ослободил на 10 ноември 1912 година. Во 1913 година со своја чета учествувал во Тиквешкото востание против српската власт. Бил еден од организаторите на Охридско-дебарското востание во септември 1913 година. Земал учество и во Валандовската акција во 1915 година. По Првата светска војна бил избран во ЦК на ВМРО. Учествувал во преговорите со СССР кои завршиле со потпишување на т.н Мајски манифест на кој го ставил својот потпис и не се откажал од него за разлика од другите потписници. Поради таквиот негов став и поради обвинението дека стои зад убиството на Тодор Александров бил осуден на смртна казна од страна на ВМРО. Бил убиен во пивница во Милано на 24 декември 1924 година од страна на Димитар Стефанов, атентатор од редовите на Организацијата. Енциклопедија ВМРО 1893-1934, Скопје 2015, стр. 348

[6] Архивите говорят, Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1893-1919 г.), Документи на централните ръководни органи, том I, част 2, София 2007, стр. 1016-1017

Кичево, Крушево, Кавадарци, Охрид, Прилеп, Солун, а со најтрагични последици биле атентатите во Дојран, Штип и Кочани.

На 21 ноември во штипската чаршија била активирана силна експлозивна направа од која биле ранети двајца Турци и еден Македонец што било повод воените и полициските власти да се нафрлат врз христијанското население при што убиле 20, раниле 262 лица, исчезнати биле 7 лица, а 10-тина дуќани и куќи биле ограбени.[7]

На 1 август 1912 година (четврток, пазарен ден), силна експлозија одекнала на пазарот во Кочани и од двете бомби биле убиени 10-тина лица, главно Турци. Турските власти и муслимани извршиле масакар врз христијанското население, пазарџии од селата и градот со разни предмети, огнено и ладно оружје. Биле убиени 39 лица, ранети 200 лица од кои мнозина подоцна од нив починале, а голем број биле трајно осакатени.[8]

Овие атентати биле опишани од Анастас Митрев[9] за кои запишал: "Некаков македонски бедник, го натоварил магаренцето со две торби пченкарно брашно, оди на пазар... Го пречекува чета и, со пари или без пари, му го зема магаренцето, става во едната торба пеколна машина и еден од четниците, преоблечен во селска облека, тргнува со магаренцето кон пазарот. И таму, каде што струпува турската сиромаштија, запира 'продавачот'..., ги растоварува торбите... со викот 'евтино брашно'! Даалиите се натрупуваат околу 'продавачот'; секој посакува да купи 'евтино' брашно за да ги нахрани своите гладни деца. 'Продавачот' одвреме навреме го погледнува часовникот и две-три минути пред избувнувањето на пеколната машина, ја прекратува продажбата 'за малу'; оди да го види

[7] Александар Апостолов, Внатрешната Македонска Револуционерна Организација од 1908-1918, Златна книга – 100 години ВМРО, Скопје 1993, стр. 113

[8] Исто, стр. 113

[9] Митрев Анастас роден во с. Завој (Охридско) во 1884 година. Бил учител во Кичево, Прилеп, Лерин и Сер. Учествувал во формирањето на Нардоната федеративна партија, како делегат од Битолскиот округ. Бил близок соработник на Јане Сандански со кого имал слични ставови за револуционерното движење. Во период од 1911-1912 година бил главен уредник на весникот „Учителски глас". Се залагал за обединување на Македонија. За време на Втората светска војна се вклучил во антифашистичкото движење во Бугарија, а во 1943 станал член на Отечествениот фронт. По Втората светска војна во 1947 се преселил во Скопје. Краток временски период работел во Министерството за земјоделие, а во 1948 година станал научен соработник во Институтот за национална историја. Државен архив на Република Македонија (ДАРМ), Фонд: 812. Митрев Анастас, публицист и општественик – Скопје.

магаренцето, или ‘по нужда’ и не се враќа повеќе. Пеколната машина експлодира и откинува некому рака, некому нога, некому глава од насобраната турска сиромаштија. Атентаторот жив, здрав и насмеан дека успешно си ја извршил дадената задача се враќа кај четата на определеното место.”[10]

Положбата во која функционирало христијанското население во Македонија во годините 1911-1912 била неподнослива. Тоа живеело во крајно тешки услови, секојдневно изложувано на тортури, измачувања, репресалии и убиства.

Балканските соседни земји будно го следеле развојот на настаните во Македонија. Тие започнале да развиваат пропагандна дејност за војна против Империјата, која ја спроведувале преку печатот со излегување на бројни написи за тешката положба на народите кои се наоѓале под османлиска власт и притоа биле повикувани владите и народните маси да започнат борба за ослободување на “браќата” од пет вековната власт. Со истакнување на паролите: „за ослободување на поробените браќа христијани” и „остварување на националните идеали” засновани врз „државно-правните и историски права”, балканските држави умешно ги заскриле и замаскирале нивните вистински намери.[11] Нивните планови биле да ја “ослободат” Македонија од османлиска власт, но не во вистинска смисла, туку да и наметнат нова потешка власт од претходната. Нивните стремежи биле да освојат колку што можат повеќе од територијата на Македонија за сопствено богатење, бидејќи за нив таа претставувало само објект за завладување.

Секоја од балканските држави се борела да си обезбеди економска и политичка доминација на Балканот. Србија се наоѓала во тешка економска и политичка криза и спасот за излез од истата го гледала преку обезбедување излез на море. Откако во 1908 година по анексијата на Австро-Унгарија врз Босна и Херцеговина ги изгубила шансите за излез на Јадранското Море, таа своите интереси и погледи ги насочила кон Македонија и Албанија. Целта на Србија била да се прошири територијално кон југ-Македонија бидејќи преку Вардарската долина се поврзувала со Егејското Море. Но Србија не била единствената држава која смислувала планови како да завладее со делови од територијата на

---

[10] Виолета Ачкоска, Никола Жежов, Предавствата и атентатите во македонската историја, Скопје 2004, стр. 165-166

[11] Историја на македонскиот народ, книга втора, Скопје 1969, стр. 358

Македонија. Исти претензии како и Србија, имале и другите соседи на Македонија, Бугарија и Грција.

Бугарија се стремела за приклучување на цела Македонија. Таа не се задоволувала само со освојување на делови од територијата на Македонија и сметала дека единствено само таа треба да го има правото да владее со градот Солун.

Територијални претензии кон Македонија имала и Грција. За неа најважно било единствено таа да владее со градот Солун, а со тоа би спречила излегување на Србија и Бугарија на Егејското Море.

Единствената цел на трите соседни балкански држави Србија, Бугарија и Грција била да заграбат што е можно повеќе од територијата на Македонија, да си обезбедат излез на Егејското пристаниште и правото да владеат со градот Солун.

Во овој период не мала улога одиграле и големите европски земји поделени во два блока Централните Сили (Германија, Австро Унгарија) и Антантата (Русија, Франција и Велика Британија) кои ја контролирале и уредувале состојбата на Балканот. Тие биле ангажирани околу „решавање" на прашањето за последните османлиски владенија на Балканот. Имено откако Австро Унгарија ја анектирала Босна и Херцеговина таа воспоставила власт во целиот западен дел на Балканот и имала намера за понатамошен продор кон Блискиот Исток. Ваквото нејзино проширување не и одело во прилог на Русија која се залагала за формирање на Балкански Сојуз кој би го спречел понатамошното проширување на Австро-Унгарија кон Блискиот Исток.

Владите на Србија, Бугарија и Грција започнале да кројат планови како и на кој начин да ги реализираат територијалните претензии кои ги имале кон Македонија. Единствено решение било само преку започнување на војна против Османлиската Империја и извојувана победа над неа можеле само на тој начин да ја освојат територијата на Македонија. Но владите на балканските држави биле свесни дека не се доволно силни секоја од државите поединечно да и се спротистави и во овој период на моќната Империја. Поради тоа тие биле принудени да воспостават сојузништво, односно да ги здружат силите и со една заедничка акција да и се спротистават на Империјата.

Првите поконкретни чекори кон сојузување биле направени меѓу Србија и Бугарија во месец октомври 1911 година. Желбата за постигнување договор за сојуз меѓу двете држави била голема, но тие не можеле да се спогодат бидејќи и двете страни имале аспирации кон Македонија. Имено разговорите коишто се воделе во текот на октомври 1911 година довеле до постигнување на согласност, но не и до потпишување на договор од причина што се појавиле несогласувања околу т.н "спорна област". Всушност тие не можеле да се спогодат околу поделбата на Македонија, односно кој дел од територијата на Македонија кому да му припадне. Во овие преговори директно учество земала Русија која настојувала да ги приближи Србија и Бугарија за што поскоро склучување на Сојуз од една страна за одбрана од Австро Унгарија, а од друга страна за истиснување на Османлиската Империја од Балканот.

Владите на Србија и Бугарија морале во што поскоро време да потпишат договор бидејќи постоела опасност териториите на Балканот коишто биле под владение на Османлиската Империја да бидат поделени од страна на големите европски држави на нивна штета. Поради тоа создавањето на Сојузот бил подржан од Русија за да го спречи австриско-германскиот продор на Балканот. Имено идејата на Австро Унгарија била од Босна преку Санџак и Косово да излезе на Вардар од каде преку Вардарската долина би стигнала до Егејското Море и Солун, како и нејзиното настојување и ангажирање за создавање на албанска држава, што би значело крај на аспирациите на Србија за излез на Јадранското Море. Од друга страна Бугарија се плашела од Романија која имала аспирации кон Добруџа. И покрај настојувањата за што поскоро постигнување на договор преговорите продолжиле и во наредните шест месеци се до март 1912 година.

Во периодот додека се воделе српско-бугарските преговори, особено погоден момент за балканските држави претставувала влошената положбата во Македонија, Албанското востание во 1911 година и избувнувањето на Италјанско-турската војна во октомври 1911 година во Африка. Учеството на Османлиската Империја во војната и нејзиниот пораз ги охрабрило балканските држави што поскоро да склучат Сојуз и со една заедничка воена акција да ги протераат Османлиите од Балканот.

По скоро шестмесечни интензивни преговори конечно на 13 март 1912 година бил склучен српско-бугарскиот договор, односно бил потпишан „Договор за пријателство и Сојуз”, кон кој бил додаден Таен анекс потпишан на 29 април 1912 година.

Во чл. 2 од Тајниот анекс било утврдено: “Сите територијални зголемувања што би се реализирале со една заедничка акција да се најдат под кондоминиум, заедничка управа, а нивното ликвидирање ќе биде три месеци по слкучувањето на мирот врз следниве основи: Србија и го признава на Бугарија правото на териториите на исток од Родопите и р. Струма, додека Бугарија на Србија и ги признава териториите северно и западно од Шар Планина. Овие области се нарекувале неспорни, бидејќи не постоеле спорни прашања за истите. Што се однесува пак за територијата меѓу Шар Планина, Родопите, Архипелагот и Охридското Езеро била означена како спорна. За оваа област двете држави се договориле дека доколку не било можно да се организира во автономна област истата да ја поделат меѓу себе. Односно спорната територија била означена со линија која била повлечена од турско-бугарската граница од Голем Врв кај Крива Паланка близу до манастирот Габовци (Св. Еразмо) на Охридското Езеро. Србија се обврзала дека нема да има никакви барања преку означената граница, а Бугарија да ја прифати таа граница ако рускиот император кој ќе биде замолен да биде арбитар за ова прашање се изјасни позитивно во корист на оваа линија”.[12]

Со ваквата поделба териториите на запад од повлечената граница требало да и припаднат на Србија, а источно на Бугарија. Всушност со Тајниот анекс се предвидувала поделба на територијата на Македонија доколку истата не можела да се организира како автономна област и биле утврдени конкретните територијални претензии на завладување на балканските земји.

Склучениот Договор бил придружен и со воена конвенција потпишана на 2 јуни 1912 година во која меѓу другото се вели: “двете земји си гарантирале една на друга држава независност и неповредливост на територијата, а во случај да бидат нападнати од една или повеќе држави заедно да си помагаат со сите сили, доколку

[12] Александар Христов, Јован Донев, Македонија во меѓународните договори 1875-1919, Скопје 1994, стр. 164-166

некоја од големите сили се обидела да анектира, окупира или со воена сила да заземела било кој дел од турските владенија на Балканот и доколку тоа било спротивно на заедничките интереси, двете страни се обврзувале да си пружат помош една на друга".[13] Со воените конвенции биле прецизирани заедничките воени акции на балканските држави.

Договорот не можел да се објавува во јавност или соопштува на некоја друга држава без дадена согласност од двете потписнички и одобрение од Русија со цел да не се обелоденат нивните заскриени намери.

Освен договорот меѓу Србија и Бугарија биле потпишани и одбранбени договори меѓу: Бугарија и Грција на 29 мај 1912 година со кој се гарантирала меѓусебна подршка и заедничко настапување против Османлиската Империја, во септември 1912 година бил склучен договор меѓу Србија и Грција со кој Грција се обрзува да и помогне на Србија во случај на интервенција од Австро Унгарија, во август 1912 година меѓу Бугарија и Црна Гора, на 6 октомври 1912 година меѓу Србија и Црна Гора. На тој начин бил создаден Балканскиот сојуз кој чекал погоден момент за започнување на воена акција против Османлиската Империја.

Ваквите сојузи се создавале со цел да се решат воени, економски, политички и други прашања. Освен во српско-бугарскиот договор во ниту еден друг договор не била прецизирана поделбата на територијата на Македонија, доколку исходот од војната завршела позитивно во корист на сојузниците.

Големите европски држави се обидувале да го спречат почетокот на војната, заплашувајќи ги балканските земји со економски санкции и уверувајќи ги дека ќе ја принудат Империјата да воведе реформи во христијанските области на Балканот. Во своите намери тие не успеале, бидејќи веќе се чуствувала миризбата на барутот, односно балканските сојузници биле при крај со подготовките и се очекувало само судбоносниот час кога ќе ја започнат воената акција против Империјата.

На 1 октомври 1912 година обединетите балкански држави доставиле Меморандум до владата на Османлиската Империја во Цариград во кој на ултимативен начин барале да се воведе автономија во балканските предели кои се наоѓале под нејзина власт, Македонија, Одринско, Стара Србија и Епир.

[13] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, Скопје 2000, стр. 516

Империјата сметала дека не треба да му придава внимание на овој ултиматум поради тоа што бил испратен од незначителни балкански државички. Ултиматумот од страна на Отоманската Империја не бил прифатен по што на 18 октомври 1912 година обединетите балкански држави и објавиле војна што значело и почеток на Првата балканска војна.

## *1.1 Почеток и тек на Првата балканска војна*

На 9 октомври 1912 година црногорската војска прва ги започнала воените дејствија во Северна Албанија и Скадар каде војувала против османлиските единици. Останатите држави Првата балканска војна официјално ја започнале на 18 октомври 1912 година.

За време на војната борбените дејствија се воделе во Северна Албанија, Тракија и Македонија. Тлото на Македонија во почетокот на војната станало главно боиште кадешто се одиграле првите и решавачки битки против османлиската војска. Имено во почетокот на војната Тракиското боиште требало да го спречи префрлувањето на османлиски сили на територијата на Македонија, а подоцна станало главно и решавачко боиште што ја принудило Империјата на целосна капитулација. Всушност сојузничките војски успеале за краток период да ги разбијат османлиските единици на трите боишта и да ја принудат Империјата да побара примирје.

На тлото на Македонија на почетокот на војната османлиската армија ги претрпела првите и решавачки порази во битките против српските војски. Имено српските војски воделе две посериозни битки против османлиските единици, а се работи за Кумановската битка и битката за Битола.

Кумановската битка била првата битка во Првата балканска војна на територијата на Македонија која се водела на 23 и 24 октомври 1912 година меѓу

српската и османлиската војска[14]. По дводневната борба кај Куманово османлиската армија предводена од Фети паша била разбиена и принудена да се повлече. За време на оваа битка од голема помош за српската војска биле и околу 6.000 македонски четници кои од тил ја нападнале османлиската војска која се дала во панично бегство оставајќи им го оружјето на македонските четници, а тоа придонело српската војска да премине во противофанзива[15].

Османлиската армија предводена од Фети паша по поразот во битката за Куманово го продолжила патот кон Скопје со намера да се смести во него и да ја организира неговата одбрана. При повлекувањето кон Скопје голем дел од војниците кои биле мобилизирани во османлиската војска како Македонци, Османлии и Албанци дезертирале и се разбегале по своите домови. Македонците дезертирале од причина што не сакале да се борат против народ од иста вера.

По заземањето на Куманово српската војска исто така го продолжила својот пат кон Скопје, но успеала да стигне само до караулата Бучар Хан кај с. Бучинци, каде бил сместен Штабот на I-та српска армија која го подготвувала планот за освојување на градот. Пред Скопје се задржал и Фети паша со намера да го одбрани градот од српските војски и притоа тој се надевал на помош од муслиманското население. Бидејќи и двете страни биле со иста намера, освојување на Скопје постоела голема опасност од османлиско-српски судир. Во градот настанала паника поради можна пресметка меѓу Македонците и муслиманите. Македонците се плашеле од крвави погроми од страна на власта и војската, а муслиманите од одмазда на христијаните. Особено била влошена положбата на Македонците во Скопскиот затвор кои биле заплашувани со ликвидација.[16] Во една таква настаната положба исполнета со обострани инциденти, заплашувања, судрувања, а со цел да не излезе ситуацијата од контрола и да се случат поголеми крвави последици и разрушување на градот Скопје, ситуацијата ја презеле конзулите кои заедно со градските македонски првенци успеале да го принудат

[14] За време на Кумановската битка Османлиите ангажирале 50.000 луѓе и 150 топови, додека Србите ангажирале 26.000 луѓе и 60 топови. Од српска страна имало 723 загинати, ранети 3.441, исчезнати 603 лица, додека од османлиска страна биле заробени 2.000 војници, запленети 61 топ, 6 митралези и друг воен материјал. Исто, стр. 538-539

[15] Исто, стр. 539

[16] Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918), Скопје 1969, стр. 45

Фети паша да се откаже од неговата намера да се стационира пред Скопје и да отстапи со својата војска кон Велес-Битола. Власта во Скопје преминала во рацете на странските конзули меѓу кои најактивен бил русинот Калмиков кој заедно со градските македонски првенци успеале во градот да организираат власт и да го поштедат градот од безредија, и да ги ослободи сите Македонци од турскиот затвор. По повлекувањето на корпусот на Фети паша странските конзули заминале во Бучар Хан и го предале градот на Штабот на I–та српска армија во која српските единици влегле без борба и потоа била воспоставена српската власт.[17]

По Кумановската битка османлиските војски се упатиле кон Битола. На патот кон Битола, во продирањето кон Прилеп на Присад на 3 и 4 ноември 1912 година се развила жестока борба. Во оваа борба учество земале и месните македонски чети кои поставувале заседи, напаѓале во тил на непријателот и давале известувања за движењето и позициите на османлиските единици. Со нивна помош српската војска ги заземала сртовите на планината Бабуна. Во оваа жестока борба од двете страни била употребена артилерија и биле дадени жртви. На 5 ноември 1912 година српската војска влегла во градот Прилеп каде била дочекана како ослободителна.

По повлекувањето од Прилеп османлиските единици се распоредиле кај с. Алинци. На 5 ноември српската војска со помош на месните македонски чети и четите на ВМОРО ги заземале позициите кај с. Алинци. Оваа борба била наречена и како бојот кај Алинци или бојот кај Бакарно Гумно во која двете страни дале голем број на жртви[18].

На 4 ноември 1912 година се развила и борба за градот Кичево. До жесток судир меѓу двете војски дошло на 5 ноември 1912 година, а истиот ден во вечерните часови српските сили веќе започнале да напредуваат кон Битола со цел понатамошно гонење на османлиските единици.

Српската војска на територијата на Македонија ја водела и втората жестока битка против османлиската војска, битката за Битола од 16-19 ноември 1912

---

[17] Исто, стр. 45-46

[18] Во битката кај Алинци српските загуби изнесувале 1.378 лица, додека од османлиска страна 500-тини лица. Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, Скопје 2000 година, стр. 545

година[19]. Во оваа битка османлиската војска претрпела пораз и се распаднала. Всушност по тридневните борби кај Битола дел од османлиската војска се повлекла кон Струга-Албанија, додека друг дел преку Лерин-Воден кон Солун. Од друга страна дел од српската војска преку Косово, Метохија и Албанија успеала да излезе на Јадранско Море, додека друг дел да стигне до Лерин и Гевгелија каде се сретнала со бугарската и грчката војска. Всушност градот Гевгелија била најужната точка окупирана од српската војска. Во текот на октомври-ноември 1912 година српската војска окупирала поголем дел од Вардарска Македонија, односно т.н „спорна зона" и поголем дел од „беспорната зона". Всушност војната за Србија завршила откако ги разбила османлиските сили кај Битола. Оттогаш српските власти целото свое внимание го насочиле во организирањето и зацврстувањето на српската власт во Вардарскиот дел на Македонија.

Во Источна Македонија за време на војната дејствувала бугарската војска, односно Седмата бугарска наречена Рилска дивизија. Дел од единиците на оваа дивизија се движеле по долината на р. Струма, додека друг дел по источната страна од долината на р. Вардар и се стремеле што побрзо да избијат во Јужна Македонија за да влезат во градот Солун. Во источниот дел на Македонија единиците на Седмата рилска дивизија имале позначајни судири кај Царево Село, Кочани, Кресненската и Рупелската клисура. Особено важна и значајна била победата што ја извојувале кај Рупелската клисура што им овозможило отворен пат кон Јужна Македонија и Егејското Море. Бугарската војска која се движела кон Солун пристигнала истовремено со грчката војска, додека главнината се движела кон Истанбул каде на Чаталџа ги потиснала Османлиите.

Бугарската војска ја ослободила Источна Македонија, односно под нејзина контрола била територијата меѓу: Горна Џумаја – Царево Село – Кочани – Штип –

[19] Во битката кај Битола учество земале 30.000 османлиски сили со 98 топови и 86.000 српски сили со 155 топови. На чело на српската Прва армија стоел кнезот Александар Караѓорѓевиќ, додека со Вардарската армија командувал Зеки паша. Во оваа битка загинале околу 1.000 османлиски војници, додека од српска страна загинале 539 војници. Славчо Ковилоски, Македонија и Балканските војни, Скопје 2012, стр. 71

Криволак – Гевгелија – Кукуш – Солун – брегот на Егејско Море – Кавала – р. Места – Родопите.[20]

Грчките војски имале за цел да го заземат градот Солун и да окупираат колку што можат повеќе од територијата на Јужна Македонија. Имено грчките војски на копно се движеле во два правци: еден дел од војската се движела во правец на Лерин и Гевгелија, каде се сретнала со српската војска и се судрила при што Србите биле принудени да се повлечат од Лерин, додека друг дел во правец на Солун. Движејќи се во овие два правци грчките војски имале судрувања против османлиските војски кај местото Јанина и меѓу Гуменџе и Енице Вардар. На 19 и 20 октомври 1912 година војувале во една од најголемите битки против Османлиите позната како битката кај Јанина во која успеале да извојуваат победа и да си обезбедат отворен пат кон Солун. Со помош на странските конзули меѓу кои главна улога изиграле францускиот и рускиот било одлучено градот Солун да биде предаден на грчката војска на 8 ноември 1912 година од страна на командантот на османлиската армија Таксим паша. Грчката војска, односно морнарица го спречила и префрлувањето на османлиските сили од Мала Азија во Македонија што значело дека уште на почетокот на војната Грција си обезбедила доминација на Егејското Море. Грчката војска во споредба со своите сојузници најбрзо напредувала и таа немала жетоки борбени дејствија освен во битката кај Јанина што значело дека речиси без борба успеала да освои поголем дел од Егејска Македонија.

Македонија на самиот почеток на војната била окупирана од сојузничките српски, бугарски и грчки војски кои веќе кон крајот на 1912 година започнале да ја воспоставуваат тројната власт.

### ***1.2 Учеството на Македонците на страната на сојузничките војски за време на Првата балканска војна***

[20] Димитър Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981, стр. 20

Македонскиот народ под османлиска власт живеел во крајно тешки услови. Неговата влошена економска состојба на која ќе се придодадат и измачувањата, насилствата, теророт што ги спроведувале властите било причина голем дел од него да емигрира во соседните земји, пред се во Бугарија, како и во други европски и прекуокеански земји. Но ниту македонскиот народ кој останал во Македонија ниту пак оној кој што заминал од економски или политички причини не можел да се помири со фактот дека родното огниште Македонија се уште се наоѓало под османлиска власт и барал начин како да се ослободи од истата.

Веста на сојузените балкански земји за започнување на воена пресметка против Османлиската Империја македонскиот народ ја примил со голема радост и воодушевување. Имено пред самиот почеток на војната кај него била видлива подготвеноста, решителноста, одлучноста и големиот ентузијазам за учество во војата против долговековниот непријател. Тој не ја криел желбата за учество во војната бидејќи сакал да даде свој допринос во протерувањето на Османлиите од Балканот и Македонија со надеж дека ќе има конечно слобода и подобар живот. Освен македонскиот народ и македонското националноослободително движење се ставило на располагање на страната на сојузниците во борбата против османлиските војски и власти. Тоа во овој период било видно ослабено и не било во состојба да застане самостојно, да ги застапува интересите на македонскиот народ и да поведе организирана борба против непријателот.

Водено од желбата за што поскоро ослободување од вековната османлиска власт македонскиот народ со нетрпение го чекал почетокот на војната за да се вклучи во неа за да придонесе во ослободувањето на Македонија и национално обединување, за подобар живот, идеали за кои секој Македонец децении station наназад мечтаел и се борел. Се пријавувал да учествува на страната на сојузничките војски без да ги знае вистинските политички и економски планови кои владите на соседните држави ги кроеле кон Македонија. Имено соседните балкански држави го уверувало населението дека тие се нивните “вистински” ослободители и дека конечно ќе имаат слобода. Тие многу вешто и лесно го изманипулирале и изиграле македонскиот народ кој горејќи од желба за поскорешно ослободување и подобар живот не ги согледал нивните вистински намери. Единствено Јане Сандански ја

претчуствувал нивната измама и им се спротиставил знаејќи дека тоа претставувало опасност како за македонскиот народ така и за националноослободителното движење и во една своја изјава тој рекол: „единствено до спогодба меѓу Бугарија и Србија би дошло доколку ја поделат Македонија”.[21]

Владите на соседните балкански земји успеале да привлечат голема маса на Македонци како од македонската емиграција во нивните земји така и Македонци од Македонија и да ги вклучат во војната против Империјата. Имено соседните пропаганди многу лесно продирале меѓу македонскиот народ и емиграцијата бидејќи немало кој да се спротистави на истите, со оглед на фактот што македонското националноослободително движење во овој период било ослабено, немоќно односно речиси и да не постоело. Бугарската пропаганда најлесно се пробила меѓу македонската емиграција во Бугарија која во тој период се наоѓала во голем број и масовно се приклучувала во војната на страната на Бугарија. Таа во Бугарија била организирана во Македонско-одринските добротворни братства. Извршниот комитет на братствата излегол со апел кон населението во Македонија со кој се настојувало да се примат сојузничките ослободителни војски и да им се укаже подршка „за да ја извојуваат слободата и човечките права” на поробениот народ[22].

Организирањето на македонската емиграција започнало ден по објавената општа мобилизација од страна на бугарската влада на 18 септември 1912 година. За кратко време била собрана голема маса на Македонци од разни места. Поради тоа Иван Фичев[23] наредил да се формираат доброволечки чети, а задачата му била дадена на Александар Протогеров[24] и мајорот Петар Дрвингов кои веднаш

[21] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, Скопје 2000 година, стр. 521
[22] Ѓорѓи Абаџиев, Балканските војни и Македонија, Скопје 1958, стр. 120
[23] Фичев Иван - генерал-мајор, началник на Штабот на бугарската армија
[24] Протогеров Александар (1867-1928), македонски револуционер, член на ВМОРО/ВМРО. Од 1902-1906 бил назначен за војвода на чета и дејствувал во Малешевско, Петричко и Поројско. Во 1911 година бил избран за заменик член на ВМОРО. Од страна на бугарската армија му била доверена задачата за формирање на доброволечки одреди. За време на Балканските војни бил командир на Третата бригада на Македоно-одринското доброволство, додека за време на Првата светска војна бил командир на бригадата во 11-та Македонска дивизија. Бил назначен и за командир на Моравската военоинспекциска област. Во ноември 1915 година бил избран за член на ЦК на ВМОРО. Бил еден од потписниците на Мајскиот манифест, кој потоа на 1 август 1924 година заедно со Тодор Александров се откажал од потписот. Во 1925 година на Шестиот конгрес на ВМРО повторно бил избран за член на ЦК на ВМРО заедно со Иван Михајлов и Георги Поп Христов. По

пристапиле кон спроведување на истата. За добиената задача тие од Штабот на бугарската армија добиле 60.000 лева, 600 пушки и ништо повеќе.[25] По добивањето на овие средства Протогеров и Дрвингов се зафатиле со конституирање на Штабот на доброволечките чети во кој биле повикани: Николов-со задача да ги организира одредите и разузнавачките пунктови по границата, Атанасов-да ги организира доброволците кои во голем број се пријавувале во Штабот и Величков-одговорен за воената обука на четниците и војводите.[26] Од овие петтмина личности се состоел Штабот на доброволечките чети. По објавената мобилизација до Штабот или лично до Протогеров пристигнувале бројни телеграми преку кои илјадници Македонци се јавувале за доброволци за да земат учество во војната и барале понатамошни инструкции за нивно организирање и воена подготовка.

Во прилог следуваат дел од испратените телеграми:

Од Русе, 17.9.1912

Сите Македонци, кои живеат во Русе и кои се способни за оружје, подготвени се да тргнат и го очекуваат часот за тргнување.

Од охриѓани

Од Рила, 18.9.1912

Посакуваниот час дојде! Стотици сме! Оружје немаме! Одговорете.

Партениј Захариев, Коста Варламов и други

Од Пловдив, 18.9.1912

Тука се подготвени да заминат околу 70-тина-80-тина души, сите од Дебарско, а меѓу нив и поранешни четници; сакаат малихерки; тука нема; ако имате вие пушки, одговорете да заминат веднаш-услов: пушки малихерки; за мене прашајте го Лазар Димитров, учител.

Тодор Димитров

---

наредба на Иван Михајлов бил убиен во Софија поради обвинение дека учествувал во заговорот против Тодор Александров. Енциклопедија ВМРО 1893-1934, Скопје 2015, стр. 233-234

[25] Петар Дрвингов, Историја на македонско-одринските доброволци, том I, дел I, превод од бугарски јазик, Скопје 2014, стр. 11

[26] Исто, стр. 12

Од Гложене, Раховско, 18.9.1912

Ја добивме радосната вест, соопштете ни како да си го исполниме нашиот морален долг.

Село Хрлец, Орјаховско, Иван Македонски

Од Бургас, 18.9.1912

Ентузијасти-Македонци очекуваат распоредување.

Потпоручник Поповски

Од Варна, 18.9.1912

Се запишаа 2.000 доброволци. Дајте ни наредби. Средства немаме никакви. Издејствувајте да се обучуваат и вооружат тука до тргнувањето.

Претседател, Перелингов

Од Плевен, 19.9.1912

Поради мобилизација, алиштата не се готови; тука има спремни доброволци – 200 Македонци, оружје нема.

Узунов

Од Русе, 19.9.1912

Алишта и средства нема и невозможно е да се соберат, чекаме веднаш инструкции што да правиме со запишаните.

Паликрушев.[27]

Од големиот број на пријавени македонски доброволци Штабот ги формирал четите составени од поранешни искусни револуционери, војводи и четници, како и од некои активни Македонци, офицери во бугарската војска. Во составот на четите меѓу познатите војводи и истакнати дејци на ВМОРО се нашле: Михаил Герџиков, Васил Чакаларов, Георги Занков, Пејо Јаворов, Алексо Стефанов, Павел Христов, Ѓакон Евстатиј, Славчо Абазов, Ефрем Чучков, Методи Стојчев, Тодор Оровчанец

[27] Исто, стр. 15-17

и други[28]. Четите биле подготвувани за акција во Македонија и Тракија. Пред четите да заминат за Македонија од страна на Дрвингов бил изработен Правилник во кој биле одредени должностите и задачите на четите и војводите.

Задачите и должностите на четите биле следни:

- да ги уриваат мостовите, железниците, телеграфите, складовите со храна и оружје, како и патиштата;

- со сите свои средства да му пречат на противникот во неговото движење, прехранување и комуникација;

- во секое село четите требало да формираат месни чети чиј состав требало да брои 10-тина лица со задача да известуваат за движењето на војските, да ги рушат сообраќајните средства и да вршат курирска должност;

- да создаваат секакви пречки на османлиската војска, односно да агитираат меѓу населението да не дава реквизиција, да ги крие коњите и другиот добиток, да внесува паника среде османлиското население;

- четите вршеле известителна служба, а добиените податоци од истата по одреден ред ги доставувале до Штабот на бугарската војска;.[29]

Четите биле означени со посебни броеви и им биле утврдени реоните каде требало да дејствуваат. Откако ги добиле последните задачи и инструкции тргнале за Македонија. На пат кон Македонија четите биле упатувани преку одредени известителни пунктови[30] и нивниот состав постојано се зголемувал. Помеѓу 25 и 28 септември 1912 година (ст.стил) или 8 и 11 октомври 1912 година повеќето од четите ја преминале границата и се нашле по означените реони во Македонија. Во Турција биле навлезени 53 вооружани чети од кои 6 заминале за Одринско а 47 во Македонија, од кои 25 чети дејствувале на територијата на Вардарскиот дел од Македонија, 15 во Егејскиот дел од Македонија, а 7 чети во Источна Македонија.[31] Во внатрешноста на Македонија наишле и на други 34 револуционерни чети на

[28] Ѓорѓи Абаџиев, Балканските војни и Македонија, Скопје 1958, стр. 122

[29] Ѓорѓи Абаџиев, Балканските војни и Македонија, Скопје 1958, стр. 122-124, Петар Дрвингов, Историја на македонско-одринските доброволци, том I, дел I, превод од бугарски јазик, Скопје 2014, стр. 23-25

[30]Известувачки пунктови биле создадени во Ќустендил, Рилски Манастир, Самоков, Дупница, Л’џене, Чепеларе и Бургас. Ѓорѓи Абаџиев, Балканските војни и Македонија, Скопје 1958, стр. 123

[31] Димитьр Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981, стр. 21.

ВМОРО.[32] Во Македонија биле испратени како претходница на бугарската војска и дејствувале во тилот на османлиската армија. Вкупната бројка на четници испратени од Штабот на доброволечките чети и на оние кои се наоѓале во Македонија и Одринско изнесувал 2.174 луѓе[33]. Овие чети биле од големо значење за сојузничките војски бидејќи биле искусни борци од македонското национално и револуционерно движење кои добро го познавале теренот. Тие ја имале помошта и од селската милиција формирана од месното население. Самостојно се организирало и месното население за борба против османлиската војска. Четите на ВМОРО во содејство со месното население, селската милиција дале голем допринос во борбите против османлиската армија и со својата борбеност успеале да ослободат повеќе градови и села и во нив да воспостават месна власт.

На 8 октомври 1912 година по наредба на Иван Фичев била издадена Заповед бр. 5 со која Штабот на доброволечките чети се претворил во Штаб на ополченските дружини, а за командант на Македоно-одринското доброволство бил назначен генерал-мајорот Никола Генев, за негов заменик потполковникот во резерва Александар Протогеров и за началник на Штабот-мајорот Петар Дрвингов.[34]

Македоно-одринското доброволство било составено од Македонци-емигранти кои најголем број биле од Бугарија, но имало и од Америка, Романија, Русија, Унгарија и други земји кои масовно се пријавувале да учествуваат во војната на страната на сојузниците. Тие повторно биле организирани од Александар Протогеров и Петар Дрвингов, но под раководство на Штабот на бугарската армија.

Во прилог следуваат дел од испратените телеграми од македонската емиграција во странство:

Од Сент Луис, Мисури, САД, 26.9.1912

Напред! Нашата подршка е спремна.

---

[32] Исто, стр. 21.

[33] Петар Дрвингов, Историја на македонско-одринските доброволци, том I, дел I, превод од бугарски јазик, Скопје 2014, стр. 31

[34] Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918), Скопје 1969, стр. 78

Македонско-одринска организација „Гранит Сити"

Од Америка, 26.9.1912

Сите сме спремни за доброволци, чекаме повторно распределување да тргнуваме или не, молиме за одговор.

Организацијата

Од Хасково, 2.10.1912 година

242. Присоединети сме со доброволно друштво за образување на доброволна чета. Започна запишувањето. Запишани се 34 души.

Претседател, Стојанов

Од Форт Индијана (Америка), 1.10.1912

Штом има потреба за доброволци одговорете.

Спиро Христов

Од Сестримо, 15.10.1912

Младичи од оваа општина сакаат да се запишат како доброволци во дружината. Ве молам јавете дали ќе ги примите. 1402

Кмет, Попов[35]

Македоно-одринското доброволство во 1912 година се состоело од 12 дружини (бригади) од кои 10 биле чисто македонски додека 2 тракиски.[36] Дружините биле составени од 3-4 чети именувани според поголемите градови во Македонија и секоја имала нумерација. Дополнително во 1913 година биле формирани уште три дружини, со што вкупниот број на дружини изнесувал 15.

[35] Петар Дрвингов, Историја на македонско-одринските доброволци, том I, дел I, превод од бугарски јазик, Скопје 2014, стр. 85-89

[36] Вкупно 10-те чисто македонски дружини броеле околу 12.000 доброволци. Историја на македонскиот народ, книга втора, Скопје 1969, стр. 365

***Организациона структура на Македоно-одринското доброволство***[37]

| Име на дружината | Дата на формирање | Дата на разформирање |
|---|---|---|
| Штаб | 26.09.1912 | 1.10.1913 |
| Прва Македоно-Одринска ополченска бригада | 11.10.1912 | 1.10.1913 |
| 1-ва Дебарска дружина | 01.10.1912 | 20.09.1913 |
| 2-а Скопска дружина | 01.10.1912 | 20.09.1913 |
| 3-та Солунска дружина | 01.10.1912 | 20.09.1913 |
| 4-та Битолска дружина | 02.10.1912 | 20.09.1913 |
| 13-та Кукушка дружина | 03.03.1913 | 10.09.1913 |
| Втора Македоно-одринска ополченска бригада | 11.10.1912 | 01.10.1913 |
| 5-та Одринска дружина | 02.10.1912 | 20.11.1913 |
| 6-та Охридска дружина | 02.10.1912 | 20.09.1913 |
| 7-та Кумановска (Ќустендилска дружина) | 01.10.1912 | 20.09.1913 |
| 8-та Костурска дружина | 14.10.1912 | 18.11.1913 |
| 14-та Воденска дружина | 03.03.1913 | 10.09.1913 |
| Трета Македоно-одринска ополченска бригада | 11.10.1912 | 1.10.1913 |
| 9-та Велешка дружина | 16.10.1912 | 13.09.1913 |
| 10-та Прилепска дружина | 16.10.1912 | 12.09.1913 |
| 11-та Серска дружина | 21.10.1912 | 23.09.1913 |
| 12-та Лозенградска дружина | 16.10.1912 | 19.09.1913 |
| 15-та Штипска дружина | 03.03.1913 | 16.09.1913 |

[37] Македоно-одринското опълчение 1912-1913 г., Личен състав по документи на Дирекция „Централен Военен архив", второ издание, София 2007, стр. 891

***Возраста на доброволците во Македоно-одринското доброволство***[38]

| До 20 години | Од 21 до 30 | Од 31 до 40 | 0д 41 до 50 | Од 51 до 60 | Над 60 години |
|---|---|---|---|---|---|
| 2390 | 6951 | 2666 | 869 | 138 | 23 |

***Образование на доброволците на Македоно-одринското доброволство***[39]

| Високо обрзование | Средно образование | Основно образование | Ниже образование | Писмени | Неписмени |
|---|---|---|---|---|---|
| 91 | 462 | 2143 | 2102 | 202 | 1214 |

***Социјален состав на Македоно-одринското доброволство***[40]

| Занаетчии | Земјоделци и сточари | Трговци | Предприемачи | Учители | Интелектуалци | Работници | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3669 | 2719 | 504 | 101 | 162 | 28 | 1421 | 487 |

Македоно-одринското доброволство го сочинувале Македонци од различен социјален состав и со најразлично образование, од необразовани личности до учители и интелектуалци.

Самиот факт што Штабот на Македоно-одринското доброволство за краток временски период ги формирал дружините, непосредно пред почетокот на војната, неминовни биле недостатоците и проблемите со кои се соочувале истите.

Дружините биле втурнати во војната соочувајќи се со големи пречки, недостатоци и проблеми. Со ништожна воена подготовка, недостаток на воен кадар

[38] Исто, стр. 895
[39] Исто, стр. 895
[40] Исто, стр. 895

(офицери, подофицери), без доволно обезбедено оружје, муниција, неопходните алишта, продукти, коњи, потребни материјали и орудиа биле испратени да стапат на сцената на војната. Дел од доброволците обучувањето го минувале без оружје, додека поголемиот дел од нив никогаш во животот не допреле пушка. Доброволците во поход тргнале со речиси никаква воена подготовка, голи и боси но со извонреден дух, верба, ентузијазам и желба зачекориле славно и борбено во војната, надевајќи се дека ќе си ја видат слободна својата татковина.

Петар Дрвингов запишал: „Синовите на Македонија страдаа како што страдале сите големи маченици за да ја купат слободата на својата родна земја".[41]

Македоно-одринското доброволство без никаква воена обука и без доволно оружје и муниција било испратено да војува далеку од својата татковина на Тракиското боиште, додека во Македонија биле испратени околу 2.000 борци да се борат против османлиската армија. Четите кои биле испратени во Македонија биле наречени под името "партизански одреди" со цел тоа да не укажува дека тие се Македонци од Македонија на што особено се внимавало, додека оние Македонци кои биле испратени на Тракиското боиште биле именувани како Македоно-одринско ополчение.

Префрлувањето на Доброволството на Тракискиот фронт од страна на бугарската Врховна команда било оправдано со навидум стравот од судир меѓу Македонците со српските и грчките војски. Тоа бугарската Врховна команда го направила смислено и со план со цел да се отстранат Македонците од својот терен, бидејќи би можело да дојде до поинаква ситуација која би била неповолна за интересите на сојузните балкански држави. Впрочем доколку Македонците биле оставени на свој терен тие ќе се бореле за ослободување на Македонија од османлиска власт и воспоставување на нивна власт, а тоа не им одело во прилог на сојузните држави кои имале планови територијата на Македонија да ја поделат меѓусебно и во неа да воспостават нова власт.

Вкупниот број на доброволци мобилизирани во Македоно-одринското доброволство изнесувал околу 14.670 [42].

[41] Петар Дрвингов, Историја на Македонско-одринските доброволци, том I, дел I, превод од бугарски јазик, Скопје 2014, стр. 120

Македонските доброволци кои биле испратени на Тракиското боиште веднаш ја покажале својата борбеност во многубројните успешни битки кои ги воделе против османлиската војска, што укажува дека биле главно најборбениот елемент. Тие учествувале во разбивањето на османските трупи кај: Крџали, Мстанли, Ѓумурџина, Деде Агач, Мерхамли, Ипсала, Малгара, Енос, Булаир и Шарќој каде помогнале при одбивањето на турскиот десант и притоа пленувајќи околу 12.000 османлиски војници од корпусот на Јавер Паша[43]. Во сите овие битки тие ја покажале својата борбеност, а голем дел од нив ги оставиле и своите животи далеку од родната земја за задоволување на туѓи интереси. И покрај тоа што се бореле во бугарската војска, факт е дека како македонските четници испратени во Македонија, така и доброволците на Тракиското боиште се бореле за ослободување на Македонија и за создавање на автономна Македонија.

Видното воодушевување и расположение кај македонското население за учество во војната против непријателот било искористено и од страна на српските власти. Имено македонската економска емиграција која се наоѓала во Србија во не така голем број се пријавувала во вооружените чети кои биле формирани од српските власти. Во овие чети биле регрутирани и Македонци, приврзаници на српската пропаганда во Македонија, поточно во Азот и Поречјето каде било нејзиното најсилно упориште. Во Македонија до почетокот на јули биле уфрлени 30 доброволни чети со 400 четници од кои 300 биле Македонци, емигранти во Србија[44]. Покрај овие чети во текот на летото 1912 година на територијата на Македонија постоеле и мали локални српски чети кои броеле не повеќе од 200 четници[45]. Српските вооружани чети во Македонија биле раководени од српската четничка организација Народна одбрана.

Во Македонија, летото 1912 година бил формиран Горски Штаб на српските чети, командуван од капетанот Воин Поповиќ-Вук, а истиот се наоѓал под раководство на српската Врховна команда. Во неговиот состав влегле поранешни

[42] Петар Дрвингов, Историја на Македонско-одринските доброволци, том I, дел II, превод од бугарски јазик, Скопје 2014, стр. 1044
[43] Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918), Скопје 1969, стр. 81
[44] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, Скопје 2000, стр. 533
[45] Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918), Скопје 1969, стр. 85

четници на т.н Народна одбрана. Тој бил организиран за да дејствува на територијата на Македонија, поточно на релација Скопска Црна Гора-Крива Паланка, со центар Козјак па поради тоа бил наречен Козјачки одред. По Кумановската битка бил наречен како Кумановски одред, но најпознат бил како четнички одред на Воин Поповиќ-Вук. Одредот се состоел од 11 чети во кои раководните функции ги имале Србите, додека Македонците главно биле четници и војводи. Овој одред учествувал во битката кај Куманово, а по неа при прогонот на помали османлиски групи се пробил во Азот каде се сретнал со српскиот четнички војвода Василије Трбиќ[46] кој требало да го обезбеди патот Велес-Прилеп преку Бабуна за да овозможи полесен продор на српската војска. Поради тоа со својата чета и со мобилизираните селани од неколку села од Азот или со вкупно 200 лица се утврдил на планината Мукос од каде го следел движењето на османлиските војски и давал извештаи до српските единици. На планината Мукос тој подготвувал заседа каде што пристигнал и одредот на Воин Поповиќ-Вук кои заедно со востанатите селани и помошта на IV баталјон на XVI полк од Моравската дивизија ги нападнале османлиските позиции на планината Мукос и ги разбиле.[47] Овие чети дејствувале како претходница на регуларната српска војска, први стапувале во вооружени судири при што им го олеснувале продорот на српските војски кон територијата на Македонија.

Освен Козјачкиот одред на територијата на Македонија дејствувал и Прекувардарскиот одред кој се состоел од 16 чети и со него раководел Миливој Чолиќ Антиќ. Имено на територијата на Македонија во почетокот на војната дејствувале два одреди: Козјачкиот на теренот Скопска Црна Гора-Крива Паланка и Прекувардарскиот одред во Западна Македонија, поточно Азот-Поречието-Кичево-Дебар. Четите кои биле дел од овие два одреда во состав броеле од 10-15

[46] Трбиќ Василије-познат српски четнички војвода и агитатор меѓу македонското население во Азот каде се населил од Србија, пред започнувањето на воените дејства. Во Азот создал чета која дејствувала во Велешко-прилепскиот регион и била дел од Прекувардарскиот одред. Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918), Скопје 1969, стр. 110
[47] Исто, стр. 110

лица, а вкупниот број на четници во двата одреда не надминувал повеќе од 400-тини лица[48].

Задачата на овие одреда била: да дејствуваат како претходница на српската армија, да имаат известувачка и диверзантска активност, да го мобилизираат и покренат македонското население на востание и со тоа да овозможат полесен продор на српската војска во Македонија.

Македонското население покрај тоа што учествувало во редовите на српските вооружени чети тоа дополнително биле ангажирано и во т.н Доброволечки полк создаден пролетта 1913 година по иницијатива на началникот на Српската Врховна команда војводата Радомир Путник. Српската Врховна команда вршела насилна регрутација врз населението од Вардарскиот дел на Македонија  да стапува во Доброволечкиот полк. Македонците како и Турците и Албанците не сакале да стапуваат во полкот што предизвикало незадоволство кај Српската врховна команда во однос на тоа како се одвивале работите и каква била состојбата во полкот при што истиот кон крајот на јули 1913 година се распаднал.

## *1.3 Дејноста на македонските чети во текот на војната*

За време на војната македонските чети дејствувале како претходница на сојузничките војски или биле уфрални во позадина на османлиската армија. Ги изведувале најделикатните задачи, први стапувале во вооружени судири, извршувале диверзии, поставувале заседи, давале известувања за движењето на османлиската војска итн. Револуционерните чети заедно со селската милиција (вооружените селани), месните чети, месното население придонеле за ослободување на повеќе села и градови. Тие биле од голема помош на сојузничките војски бидејќи им го олеснувале продорот кон територијата на Македонија.

Во битката кај Куманово војводата Крсто Лазаров со неколку илјади четници и милиција ги нападнал во позадина османлиските позиции  и ја запленил

[48] Исто, стр. 89

османлиската тешка артилерија кај с. Орашец[49]. Во Кумановската битка сами против османлиската војска кај местото Стревице близу Младо Нагоричани се бореле и 2.000 македонски доброволци, собрани од месното население[50].

Крушевската чета на Методиј Стојчев водела неколку битки со османлиските војски околу планината Кожув. На 20 октомври 1912 година четата пристигнала во Крушевско, а на 25 октомври 1912 година го ослободила градот Крушево и во него била воспоставена привремена управа која траела до 15 ноември 1912 година се до пристигнувањето на српската војска.[51] Освен четата на Стојчев во Крушево дејствувале и четите на Ставре Димитров и Иван Костов Џонев. Двете чети реквизирале храна и облека за српските војски. Четата на Ставре Димитров учествувала во борбите против османлиските војски кај селатата Обеденик, Облаково, Снегово и градот Битола.[52]

Четата на Алексо Стефанов меѓу Крушево и Ресен вршела разоружување на османлиското население и обука на милицијата. Оваа чета на 24 октомври 1912 година водела борба против османлиската војска кај с. Прибилци и успеала да го заземе.[53]

Прилепската чета на Милан Ѓурлуков заедно со прилепските чети на Мирче и Аргир и со над 1.000 мобилизирани милиционери воделе редица борби против османлиските војски[54]. На Селечка Планина и Студенчица четите на ВМОРО ги нападнале во тил османлиските војски и ги принудиле да ги напуштат позициите. Тие оставиле големи складови со муниција и храна и со самото повлекување го олесниле минувањето на српските војски кај Бабунскиот премин.[55]

---

[49] Димитър Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981, стр. 22

[50] Во таа борба загинале или биле ранети 6 војводи и 200 доброволци. Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, Скопје 2000, стр. 535

[51] Димитър Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981, стр. 22

[52] К. Пърличевъ, Сръбскиятъ режимъ и революционата борба въ Македония (1912-1915 година), София 1917, стр. 7

[53] Ѓорѓи Абаџиев, Балканските војни и Македонија, Скопје 1958, стр. 128

[54] На 15 октомври 1912 година на просторот меѓу Прилеп и Плетвар разбиле еден османлиски коњанички одред. На 20 октомври 1912 година го ослободиле селото Тополчани, а на 23 октомври 1912 година влегле во градот Прилеп како ослободители. Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, Скопје 2000, стр. 531

[55] Димитър Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981, стр. 22

Војводите Георги Гочев, Стојан Мишев, Славчо Абазов го ослободиле с. Бреза, Кратовско. На 7-8 октомври 1912 година османлиските војски се обиделе да се зацврстат на Црн Врв, но 40-тина четници предводени од војводата Цанко воделе против нив борба и успеале да ги прогонат. Други чети ги заземале Лесновските височини. Четата на Ефрем Чучков во состав со повеќе од 130 лица ги победила османлиските војски кај Султан Тепе и ја зазела височината.[56]

Во Кратово и Кратовско револуционерните чети ослободиле редица населени места. На 8 октомври 1912 година четите и милицијата го ослободиле Кратово, а веќе следниот ден го предале на Србите. [57] На 17 октомври 1912 година четите на Тодор Оровчанец, Даме Мартинов, Трајко Павлов го ослободиле градот Велес.[58]

Обединетите чети на Георги Христов и Крсто Маликов ја прекинале на неколку места железничката линија меѓу Лерин и Канели и предизвикале паника во тилот на османлиската војска кај Битола.[59] Биле ослободени повеќе села на поголема територија на просторот Костур-Лерин-Воден. Градот Воден бил ослободен на 20 октомври 1912 година и во него била воспоставена власт од месното население.

Обединетите чети на Павел Христов, Марко Иванов, Христо Цветков, Александар Џорлев и други помогнати од вооружената милиција на 28 октомври 1912 година го ослободиле градот Лерин[60].

Во Охридскиот реон дејствувала четата на Петар Чаулев заедно со своите придружници. Неговата чета водела редици борби против османлиските војски. На 4 и 5 ноември 1912 година се воделе борби кај селата Прибилци и Брежани каде биле пленети околу 600 османлиски војници, а на 6 истиот месец кај проходот Буково, меѓу Ресен и Охрид се водела 15 часовна битка, во која биле одбиени

---

[56] К. Пърличевъ, Сръбскиятъ режимъ и революционата борба въ Македония (1912-1915 година), София 1917, стр. 8
[57] Димитьр Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981, стр. 23
[58] Ѓорѓи Абаџиев, Балканските војни и Македонија, Скопје 1958, стр. 128
[59] Димитьр Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981, стр. 23
[60] Исто, стр. 24

војските на Џавид паша и биле пленети околу 300 низами.[61] Чаулев со својата чета на 10 ноември 1912 година го ослободил Охрид и ги издигнал знамето на Самуиловата тврдина. На 13 истиот месец во градот влегле српски војски, четата на Чаулев била протерана и во градот била воспоставена српска власт. [62]

Во Костурско грчките чети биле помогнати од четите на војводите Васил Чакаларов, Христо Силјанов и Иван Попов кои воделе борби против османлиските војски, плениле 2.500 османлиски војници и ослободиле десетици села.[63] Во тој реон дејствувале и четите на Крсто Љондев и Христо Цветков. Градот Клисура бил ослободен од Пандил Шишков.

Четите на Христо Чернопеев, Јаворов, Михаил Чаков и други го ослободиле градот Банско и редица села од Горна Џумаја и Разлошко до градот Кавала кој бил ослободен на 17 октомври 1912 година.[64]

Градот Мелник бил ослободен од четата на Јане Сандански на 4 октомври 1912 година. Четите на војводите Сандански, Александар Бујнов, Стојо Хаџиев, Димитар Арнаудов и Георги Капезов со над 500 четници воделе борба во Кресненската клисура и Рупелскиот премин, а во с. Црвиште го разбиле османлискиот гарнизон и движејќи се како претходница на бугарските војски на пат кон Солун ослободиле 10 тици села.[65]

Четите раководени од војводите Тодор Александров, Гоце Меѓуречки и Георги Мончев дејствувале во Кукушко и Солунско. Тие го ослободиле градот Кукуш и во него воспоставиле привремна власт. Четите на Константин Џеков и Димитар Ропков (Митре Ропката) организирале привремена власт во Гуменџе и во 32 околни села.[66]

Во реонот на Малешевијата (Пехчево, Берово, Радовиш и Струмица) дејствувале четите на Михаил Думбалаков, Крсто Гермов, Иван Смоларски и други.

---

[61] Исто, стр. 23-24
[62] Исто, стр. 23-24
[63] Исто, стр. 24
[64] Исто, стр. 24
[65] Исто, стр. 24
[66] Ѓорѓи Абаџиев, Балканските војни и Македонија, Скопје 1958, стр. 129

Селата Елешничка клисура, Иловица, Сушица и Струмишко биле ослободени од четниците прдводени од Левтеров заедно со над 700 милицајци.[67]

Револуционерните чети, вооружената милиција, месните чети, месното население и другите вооружени формации земале активно учество во војната и давале сестрана и несебична помош на сојузничките војски. Тие биле и најборбените во борбите против османлиските војски. Со нивната борбеност успеале да ослободат повеќе села и градови и во нив да воспостават месна власт која траела краток период, бидејќи со навлегувањето на српските војски во Вардарскиот дел од Македонија била воспоставувана српска власт. Им го олеснувале продорот на српските војски за потоа од страна на српската власт да бидат распуштени, додека четите на ВМОРО биле протерани и принудени да се повлечат кон Бугарија.

## *1.4 Борбата на Македонците против поделбата на Македонија*

Со навлегувањто на сојузничките војски на територијата на Македонија, тоа значело автоматски и воспоставување на нова тројна власт. Во Вардарскиот дел од Македонија започнала да се воспоставува српската власт, во Пиринскиот дел од Македонија бугарската, додека во Егејскиот дел од Македонија грчката власт. Македонското население не ги прифатило новите власти и ја продолжило борбата преку давање разни видови на отпор. Тоа не се откажало од борбата за автономна Македонија.

Против поделбата на Македонија значајна акција била преземена од страна на група Македонци, интелектуалци кои се бореле за автономија и за целоста на Македонија. Таа група ја сочинувале македонската колонија во Петроград во состав: Димитрија Чуповски, Ѓорѓи Н. Ѓоргов, Гаврил Константинович, Ј.Горгов, Наце Димов и други кои го изразувале својот револт, незадоволство и давале отпор

[67] Димитьр Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981, стр. 25

преку списанието Македонски Глас (Македонскiй голосъ) што излегувало во Петроград, Русија во годините 1913/14.

Организатор на Македонците – интелектуалци и главен уредник на весникот бил Димитрија Чуповски, чија цел била преку весникот како информативно средство  да се истакнат барањата на Македонците за создавање на Македонија во нејзините географски и етнички граници. Тој се обидел против новите власти да организира отпор и поради тоа допатувал од Петроград во Македонија каде престојувал зимата 1912/13 во градовите Скопје и Велес.

Во ноември 1912 година во Велес одржал собир на кој присуствувале: Петар Поп Арсов, Иван Поп Јорданов, Јордан Шурков, Александар Мартулков и други видни и истакнати личности од македонското национално и ослободително движење. На овој собир главно се разговарало околу прашањето за Македонија, односно за опасноста од поделбата на Македонија, за активностите кои требало да се преземат за тоа да се спречи и околу самостојноста и независноста на Македонија. Биле донесени и следниве одлуки:

- да се испрати Меморандум до Големите сили во кој се барала самостојна Македонија

- да биде избрана делегација од македонскиот народ и испратена на Лондонската мировна конференција која требало да го постави прашањето за создавање на македонска држава во нејзините природни и етнички граници.

Акцијата на Чуповски била прифатена и пренесена во Солун и Битола од каде Павел Шатев и Ризо Ризов продолжиле да ја спроведуваат низ цела Македонија. Имено тоа и била целта на Чуповски акцијата да зафати големи размери, односно да се прошири на целата територија на Македонија, а особено добро била прифатена во градовите Скопје, Велес, Битола и Солун. Ваквата негова активност особено била насетена од српската власт која презела разни мерки со цел истата да ја спречи и притоа принудувајќи го да ја напушти Македонија и да се врати во Русија. Српските власти не успеале да ја задушат активноста на Чуповски и покрај тоа што тој бил принуден да се врати во Русија, бидејќи токму од Русија започнал да ги реализира одлуките кои биле донесени на собирот во Велес.

Тој во Русија заедно со членовите на македонската колонија во 1913 година започнале да го издаваат весникот Македонски глас (Македонскій голосъ), кој излегувал на руски јазик и во него ги пласирале нивните идеи и барања. Преку страниците на весникот сакале да ја запознаат светската јавност за вистината на Македонија и македонскиот народ.

По враќањето во Русија тој се зафатил со реализирање на одлуката донесена на собирот во Велес. Имено македонската колонија во Петроград предводена од Чуповски на 1 март 1913 година испратила Меморандум до претставниците на големите сили на Лондонската мировна конференција во кој се бара независна Македонија.

Во Меморандумот најостро се протестира против стремежите на балканските земји: Србија, Бугарија и Грција да ја разделат Македонија. Опишано е и влијанието на Македонците кои го имале за време на војната и нивниот придонес и постигнат успех против армијата на Јавер паша, како и во битката кај Куманово. Понатаму во Меморандумот меѓу другото стои: „Сега во Македонија царува ужасен терор „слободата” на сојузниците нема граница, никој од Македонците нема право да излезе надвор од Македонската граница за да протестира кај европските држави. Кој ќе се обиде да го стори тоа, или ќе биде убиен, или ќе биде ставен во затвор. Турското ропство е заменето со христијанско, но не е далеку оној фатален час... кога Македонците отворено ќе му кажат на целиот свет: „Подобро да умреме во борбата за својата слобода, отколку повторно да живееме во ропство”.[68]

На македонскиот народ му е потребно:

1. Македонија во своите географски, етнографски, историски и економско-културни граници да остане единствена, неделива, независна балканска држава.

2. Во најскоро време да се свика, врз основа на општо гласање, Македонско народно собрание во Солун кое подобро ќе го разработи внатрешното уредување на државата и ќе ги определи своите односи со соседните држави.[69]

---

[68] Македонскій голосъ, No. 1, Меморандумъ о независимости Македоніи, переданкый Македонской колоніей въ С.-Петербургѣ Конференциіи пословъ Великихъ Державъ въ Лондонъ, С.-Петербургѣ 1913-1914, стр. 22, 23

[69] Исто, стр. 23

На 7 јуни 1913 година бил потпишан и вториот Меморандум од страна на претставниците на македонската колонија во Петроград: Чуповски, Георги Н. Георгов, д-р Г.К Константинович, Наце Д. Димов и инженер Ј.Г Георгов. Овој Меморандум бил упатен до владите на општественото мислење на сојузните балкански држави и Балканскиот комитет во Лондон.

Во Меморандумот се укажувало на вековната борба на македонскиот народ за независност и слободен живот, за постигнатите борбени успеси на Македонците во битките против непријателот во кои биле дадени голем број на жртви. Понатаму во Меморандумот се вели: „Распарчена Македонија ќе биде вечно јаболко на раздорот помеѓу вас сојузниците". За долготрајно постоење на Балканскиот Сојуз и за одржување на добрососедски односи неопходно е да се отстранат сите меѓусебни ривалства околу Македонија, да и се даде автономија за таа да може како самостојна и рамноправна држава доброволно да стапи во општиот балкански сојуз.

Во Меморандумот од името на природното право, во името на историјата, во името на практичната целесобразеност бараме од вас:

1. Македонија е населена со еднородно словенско население, има своја историја, свој живот, своја поранешна државност, свои идеали, а поради тоа и свое право на самоопределување;

2. Македонија треба да биде во своите етнографски, географски и културно историски граници, самостојна држава со влада која ќе биде одговорна пред народното собрание;

3. Македонската држава да биде одделна рамноправна единица во балкански сојуз со општи царински граници;

4. Во црковен однос неопходно е да се воспостави старата Охридска автокефална црква во канонска поврзаност со грчката, руската, бугарската, српската, романската и сириско-арапската црква;

5. За подобро да се разработи внатрешното уредување на македонската држава треба да се свика во најскоро време, под покровителство на државите

национално уставотворно собрание во град Солун, избрано по пат на општо гласање.[70]

Со двата Меморандума испратени од Македонската колонија во Петроград се протестирало против поделбата и распарчувањето на Македонија од страна на соседните балкански земји и во нив се барало Македонија во своите етнографски и географски граници да стане независна држава. Истите биле објавени во списанието Македонски глас, единствен гласник на македонскиот народ преку кој била информирана светската јавност за трагичната судбина на Македонија, за нанесената неправда, за барањата на македонскиот народ Македонија да стане автономна држава во која би имале посреќен, подобар и слободен начин на живеење. Ова списание започнало да излегува на 9 јуни 1913 година непосредно пред почетокот на Втората балканска војна.

Напорите на Чуповски и неговите сомисленици да ги запознаат големите европски земји со вистината за Македонија и македонскиот народ не вродиле со плод. Поднесените барања не биле земени во предвид. На Лондонската конференција била санкционирана поделбата на Македонија, а потврдена на 10 август 1913 година со Букурешкиот мировен договор. И покрај ваквата неуспешна дејност на Чуповски и неговите сомисленици, македонскиот народ не се откажал во борбата за своите цели за кои мечтаел децении наназад, тој ја продолжил борбата за создавање на независна македонска држава.

Брзите успеси на обединетите балкански војски на самиот почеток на војната против османлиската армија го навестувале крајот на пет вековната османлиска власт на Балканот и во Македонија. Османлиската Империја станала немоќна и била принудена да побара што поскоро примирје. Преговорите за примирје започнале во декември 1912 година во Лондон[71] и со прекин траеле се до

---

[70] Македонскій голосъ, No. 1, Меморандумъ Македонцевъ, Къ правительствамъ и къ общественному мнѣнію союзныхъ балканскихъ державъ, С.-Петербургѣ 1913-1914, стр. 17-20

[71] На 22 декември 1912 година балканските сојузнички ги доставиле следниве услови за мир: Османлиската Империја да им ги отстапи сите територии во Европа западно од Родос на Мраморното Море до заливот Малагра на Црно Море, без Галиполскиот Полуостров, сите беломорски острови, да се откаже од сите права врз осторовот Крит, прашањето за Албанија да го решаваат големите сили. На 28 декмеври 1912 година Османлиската Империја ги доставила следните предлози: Одринскиот вилает да остане под османлиска управа, Македонија да стане вазално кнежевство под суверенитет на султанот, со кнез избран од Сојузниците и назначен од Султанот, кнезот да биде протестант, поданик на неутрална држава, Албанија да остане автономна

30 мај 1913 година кога бил потпишан во Лондон Договорот за мир[72] меѓу сојузниците и Османлиската Империја. На Лондонската мировна конференција особено долги спорови се воделе околу прашањето за разграничување на Албанија со Македонија, односно околу манастирот Свети Наум на Охридското Езеро, бидејќи овој простор се наоѓал под српска окупација.

На оваа конференција поради решеноста на Големите сили била донсена одлука Албанија да биде признаена за автономна држава. Со создавањето на албанска држава Србија го загубила посакуваниот излез на Јадранското Море. Всушност таа била принудена од Австро Унгарија да ги повлече своите војски кои навлегле на албанска територија. За нејзиното повлекување од Албанија, односно од Јадранското Море таа барала компензација од Бугарија, за територијата на Вардарскиот дел од Македонија. Грција барала да и се признаат териториите окупирани од Јужна Македонија како и правото над Солун. Таквите барања биле одбиени од страна на Бугарија.

Големите европски земји ја следеле состојбата меѓу балканските земји и се обиделе да ја решат. Имено Русија се залагала да се сочува Балканскиот Сојуз за да го спречи продирањето на Австро-Унгарија кон Балканот, која ја сметала Албанија за своја сфера на влијание и таа настојувала на секој начин да го разбие Сојузот. Русија ги повикала сојузниците спорот да го решат по мирен пат со цел да спречи избувнување на нова војна. Но двете страни не покажале попустливост и не отстапувале од своите барања, па поради тоа Русија се откажала од понатамошна арбитража. Србија сакала ревизија на договорот склучен во март 1912 година, додека Бугарија сакала истиот да се почитува.

Лондонскиот мировен договор не ги решил проблемите на Балканот, напротив тие уште повеќе станале позаплеткани. Балканските држави не биле

---

област, беломорските области да и останат на Османлиската Империја, а прашањето за островот Крит да се реши помеѓу Османлиската Империја и големите сили. Овие предлози не биле прифатени. Александар Христов, Јован Донев, Македонија во меѓународните договори 1875-1919, Скопје 1994, стр. 176

[72] Според Договорот за мир, линијата на разграничување меѓу Османлиската Империја и балканските земји била Енос-Мидија, а целиот простор западно од оваа линија како и островите во Егејското Море, биле предадени во надлежност на Балканскиот сојуз. Иван Катарџиев, Историја на македонскиот народ, том 4, Македонија меѓу Балканските и Втората светска војна (1912-1941), Скопје 2000, стр. 41

задоволни од поделбата на Македонија. Помеѓу нив растеле жестоки меѓусебни расправии во однос на тоа кој колкав придонес дал во војната и со тоа кој колку имал право во Македонија. Било очигледно дека доскорешните сојузници Србија, Бугарија и Грција немале намера да се откажат од своите барања и да постигнат спогодба по мирен пат, туку чекале погоден момент тоа да го сторат по пат на војна. Прашање било само на време која од двете страни прва ќе ги започне вооружените дејствија, односно прва ќе нападне Србија и Грција или пак Бугарија на кого и била ветена помош од страна на Австро-Унгарија.

Истовремено додека се воделе преговорите во Лондон, меѓу претставниците на Србија и Грција се воделе разговори за заедничка поделба на Македонија. Имено откако Бугарија ги отфрлила барањата на Србија и Грција, тие на 1 јуни 1913 година склучиле таен договор за заедничка воена акција против Бугарија[73].

## *2. Втората балканска (Меѓусојузничка) војна*

Македонија била главната причина поради која што доскорешните сојузни држави ја започнале Втората балканска во историјата позната и како Меѓусојузничка војна. Таа започнала на 29 јуни 1913 година со бугарскиот напад над српската и грчката војска. Оваа војна целосно се водела на територијата на Македонија и имала потполно освојувачки карактер. Се водела меѓу Србија, Грција

[73] Според договорот двете држави се обврзале дека нема да склучуваат поединечни договори со Бугарија, постојано ќе си помагале и дејствувале договорено за да добијат заедничка граница западно од р. Вардар. Доколку би дошло до несогласување со Бугарија околу таа граница, двете договорени страни ќе барале посредување или арбитража од страна на силите на Тројниот сојуз, како и од шефовите на другите европски земји. Во случај Бугарија да одбие на мирен начин да се дојде до спогодба, и се заканува на една од двете држави тогаш двете страни се обврзале воено да си помагаат една на друга. Грција се обврзала дека во рок од 50 години ќе гарантирала слободна српска увозно-извозна трговија преку пристаништето Солун и железничките линии од Солун кон Скопје и Битола. Александар Христов, Јован Донев, Македонија во меѓународните договори 1875-1919, Скопје 1994, стр. 182-185

и Црна Гора на кои нешто подоцна им се приклучиле и Романија и Турција од една страна и Бугарија од друга страна[74].

На тлото на Македонија се концентрирале бугарски, српски и грчки војски кои воделе борба за нејзино освојување. Тешки биле борбите кои се воделе на територијата на Македонија кај: Брегалница, Овче Поле, по долините на р. Струма и Места, меѓу Гевгелија, Дојран, Струмица и кај Кукуш. Одлучувачки биле борбите долж Брегалница[75] и Злетовска река, а жестоки борби се воделе кај Ретки Буки.

Во состав на војските на завојуваните страни било ангажирано и македонското население. Имено во Македонија непосредно пред почетокот на војната била извршена мобилизација на машки лица на возраст од 20-26 години.[76] Македонците за време на војната главно биле распоредени во првите борбени линии на бугарската, српската и грчката војска што значело дека први гинеле и тоа во корист за туѓи интереси. Тие биле свесни дека биле измамени, односно дека војната се водела за нова прераспределба и распарчување на територијата на Македонија. Поради тоа нивниот морал за служење во туѓите војски опаднал што резултирало со масовни дезертерства и бунтови. Имало случаи кога биле забележани и братимења меѓу Македонците од двете завојувани страни кои се познавале од порано и не сакале повеќе да учествуваат во борбата бидејќи таа се водела за поделба на Македонија. Појавата на епидемија од колера која ја донеле

[74] За време на Втората балканска војна Србија ангажирала 350.000 луѓе, Црна Гора испратила 12.000 војници во состав на српската војска, додека Грција располагала со 230.000 лица. Романија во војната се вклучила со 500.000 лица, додека Турција во војната учествувала со армија од 250.000 лица. Бројот на сојузничките сили во војната против Бугарија изнесувал 1.330.000 лица наспроти 500.000 војска на Бугарија. Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, Скопје 2000, стр. 562

[75] Битката за Брегалница започнала на 30 јуни 1913 година во 2 часот наутро со ненадеен напад на 8 бугарска дивизија над десното крило на Дринската дивизија. Битката била жестока во која се вршеле 4 последователни јуриши. Од двете страни била употребена артилерија. Бугарската војска со две бригади ги зазела Удово и Гевгелија и ја пресекла железничката пруга Солун-Скопје. Македонците биле мобилизирани во војските на завојуваните страни. Имено на бугарската страна на десното крило на 4. армија се бореле Македонските ополченци, додека во српската војска во Дунавската дивизија се борел Осоговскиот одред кој бил составен од мобилизирано македонско население, што значи дека Македонците се бореле меѓусебе. Битката на Брегалница завршила на 7 јули 1913 година. За време на оваа битка двете страни имале големи загуби. Во српската војска имало 16.200 мртви и ранети, а околу 5.000 починале од колера, додека од бугарска страна имало 25.000 загинати, а бројот на починати од колера бил многу поголем. Исто, стр. 564-568

[76] Пред почетокот на војната биле мобилизирани 40.000 младинци од кои најголем број во војната тргнале без да видат пушка. Исто, стр. 562

војниците од Тракискиот на Македонскиот фронт исто така предизивкала масовни дезертерства.

За време на Втората балканска војна голем број на села биле опажарени, недостасувала храна, облека, се појавила болеста колера што довело македонското население да живее во крајно лоши услови без средства за егзистенција, доведено на работ на сиромаштијата.

Романија и Турција се приклучиле нешто подоцна во војната на 10 и 14 јули 1913 година. Романската војска без борба ја освоила Добруџа, го преминала Дунав, и успеала да се доближи до Софија, додека пак турските сили ја преминале границата Енос-Мидија и ја зазеле Источна Тракија и Одрин. Бугарските сили не воделе борбени дејствија против романските и турските војски бидејќи сите нејзини сили биле насочени против Србија и Грција. Притисната на север од страна на Романија, на запад од страна на сојузничките армии на Грција и Србија, а на исток од страна на турската армија, Бугарија се нашла во една потполна изолација при што бугарската влада итно побарала примирје.

### ***3. Букурешкиот мировен договор од 10 август 1913 година***

Бугарија за време на Втората балканска војна се нашла во една безизлезна ситуација, потисната од страна на сојузниците Србија, Грција, Црна Гора, а нешто подоцна и од Романија и Турција при што веднаш побарала примирје. Преговорите за мир започнале на 30 јули 1913 година на Конференцијата во Букурешт, Романија. Тие траеле се до 10 август 1913 година кога бил потпишан Букурешкиот мировен договор. Единствен Македонец кој ставил потпис на Договорот бил Симеон Радев родум од Ресен, кој бил член на бугарската делегација. Овој договор е еден од најтрагичните во историјата на Македонија и македонскиот народ. Со овој договор Македонија била раздробена, а македонскиот народ ја изгубил својата политичка, економска, етничка и културна целина. Македонија престанала да постои во своите етнографски и географски граници. Таа била поделена така што

најголемиот дел од 34.356 км$^2$, Егејскиот дел од Македонија го добила Грција, вториот по големина Вардарскиот дел од Македонија со површина од 25.342 км$^2$ и припаднал на Србија, додека Бугарија го добила најмалиот Пиринскиот дел од Македонија со површина од 6.798 км$^2$, а многу мал дел од Македонија со површина од 1.115 км$^2$ добила и новосоздадената Албанска држава[77].

Со Букурешкиот мировен договор биле утврдени српско-бугарската, српско-грчката и српско-албанската граница, односно биле поставени вештачки гранични линии со кои Македонија била поделена на 3 дела. Граничната линија меѓу Бугарија и Србија почнувала од врвот на Патерица на старата граница, одела по старата турско-бугарска граница и по вододелницата меѓу Вардар и Струма, изоставувајќи го горниот дел на Струмичкиот дел кој останал на српска територија. Завршила на планината Беласица кадешто се поврзала со грчко-бугарската граница. Грчко-бугарската гранична линија поаѓала од новата српско-бугарска граница на сртот на планината Беласица и излегувала на устието на р. Места во Егејско Море.[78]

Во рок од 15 дена по потпишувањето на Договорот, Мешовитата комисија составена со еднаков број на претставници на двете договорни страни била со должност да ја повлече трасата на новата граница и да претседава со делбата на имотите и капиталот кои им припаѓале заеднички до потпишувањето на овој Договор на окрузите, околиите, општините или здруженијата на граѓаните, а кои се разделени со новата повлечена граница.[79]

За потпишувањето на овој договор требало да бидат известени Врховните команди на војските. Владата на Бугарија била обврзана да ја сведе својата армија во мирновремена состојба, односно единиците да ги упати во нивните гарнизони и во најкус рок да ги распушти.[80] Единиците на кои гарнизонот се наоѓал во зоната

[77] Исто, стр. 576

[78] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје 1981, стр. 572-574, Александар Христов, Јован Донев, Македонија во меѓународните договори 1875-1919, Скопје 1994, стр.186-191

[79] Александар Христов, Јован Донев, Македонија во меѓународните договори 1875 – 1919, Скопје 1994, стр. 188-189, Македонија во билатералните и мултилатерални договори на балканските држави 1861-1913, Документи, Скопје 2000, стр. 236-237

[80] Македонија во билатералните и мултилатерални договори на балканските држави 1861-1913, Документи, Скопје 2000, стр. 237

на воената окупација на една од двете договорни страни требало да бидат упатени на некое друго место на старата бугарска територија и можеле да се вратат во своите редовни зони по евакуацијата на окупационите зони, а евакуацијата на окупираните територии требало да започне веднаш по демобилизацијата на бугарската војска, а да биде завршена најдоцна за 15 дена.[81]

За време на окупацијата, окупационите војски имале право да спроведуваат реквизиција со плаќање во готови пари и слободно да ја користат железницата за пренос на единици и за снабдување од секаков вид.[82] Болните и ранетите на тие територии биле под заштита на тие војски.[83]

По размената на ратификациите за брзо време требало да се изврши раземена на заробениците, а владите на договорните страни требало да определат специјални пратеници за примање на заробениците на место кадешто ќе го утврделе заинтересираните страни.[84] По предавањето на заробениците владите на договорните страни требало да поднесат една на друга сметка за трошоците што ги направиле за издржувањето и грижата на заробениците од денот на заробувањето или предавањето до деност на смртта или враќањето.[85]

Потпишаниот Букурешки мировен договор не ги задоволил сите страни. Имено со овој договор не била задоволна Бугарија бидејќи ги загубила речиси сите територијални придобивки од Турција, Добруџа а ја задржала само Пиринска Македонија со Струмица и околината. Од овој договор не била задоволна ниту Австро-Унгарија поради територијалното проширување на Србија и нејзиното јакнење. Тоа незадоволство влијаело овие две земји повеќе да се зближат и да планираат нова заедничка акција против Србија, односно довеле до нова војна која повторно ќе се одвива на територијата на Македонија и повторно за нејзина прераспределба.

---

[81] Александар Христов, Јован Донев, Македонија во меѓународните договори 1875 – 1919, Скопје 1994, стр. 190

[82] Македонија во билатералните и мултилатерални договори на балканските држави 1861-1913, Документи, Скопје 2000, стр. 238

[83] Исто, стр. 238

[84] Исто, стр. 238

[85] Александар Христов, Јован Донев, Македонија во меѓународните договори 1875 – 1919, Скопје 1994, стр. 190

Овој договор пред се оставил трајни и катастрофални последици за Македонија и македонскиот народ. Имено со овој договор Македонија била разделена и престанала да постои како целина во своите географски и етнички граници. Македонското население ја изгубило етничката, политичката, економската, културно-просветната целина, односно тоа се нашло разделено меѓу три држави и подложено од страна на новите власти на притисоци за да се откаже од својот идентитет. Тоа било подложено на асимилација и денационализација, односно било присилувано да се декларира како српско, бугарско или грчко.

## *ГЛАВА ВТОРА*

# *ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СРПСКАТА ВЛАСТ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ ОД МАКЕДОНИЈА ОД 1912-1915 ГОДИНА И РЕПРЕСАЛИИТЕ ВРШЕНИ ВРЗ МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ*

## *1. Воспоставување на српската власт во Вардарскиот дел од Македонија 1912-1915 година*

На самиот почеток на Првата балканска војна сојузничките војски ги добиле првите и клучни победи во битките против османлиската војска. Имено српските војски на почетокот од војната однеле големи победи во битките кај Куманово и Битола при што успеале да ги протераат османлиските војски од Македонија, што автоматски значело воспоставување на српската власт во новозаземената територија. Таа била ставена под управа на цивилниот комесар на кралската влада при Врховната команда на српската војска, односно инспекторот на нејзиното Полициско одделение Милорад Вујичиќ кој бил директно потчинет на началникот на штабот на Врховната Команда, војводата Радомир Путник, а индиректно на владата односно ресорните министри[86]. Првите акти на таа управа биле наредби, додека првата организациона норма за подредените власти била Привремената Уредба од 14 декември 1912 година заменета со нова Уредба за уредување на ослободените области од 18 август 1913 година укината со Кралскиот Указ од 20 ноември 1913 година по што следувало присоединување на Вардарскиот дел од Македонија кон Кралството Србија и со тоа се сметало дека овој дел од Македонија

[86] Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918), Скопје 1969, стр. 131

добила своја „национална” врховна управа на чело со Крал и неговите одговорни министри и со Државен совет како општ советодавен орган.[87]

Српската власт во Вардарскиот дел од Македонија била зацврстувана со донесување на разни наредби и уредби од кои се забележува нивниот воено полициски карактер. Српските власти особено се залагале за зацврстување на жандармерискиот и полицискиот апарат сметајќи дека полесно ќе ја организирале власта. Биле донесени: уредбата за уредување на новоослободената област, уредба за судската власт, финансиската уредба, уредбата за данок, за јавна безбедност, за просвета итн.

На 18 август 1913 година била донесена Уредбата за уредување на ослободените области.[88] Територијата на Вардарскиот дел од Македонија била поделена по примерот на административниот систем на Србија. Всушност била задржана старата административна поделба на окрузи, срезови (околии) и општини, кои целосно или делумно се совпаѓале со османлискиот административен систем.

Територијата на Вардарскиот дел од Македонија по приклучувањето кон Кралството Србија ја добила следната административно-управна поделба:

**Скопски округ** ги опфаќал околиите: Скопска, Велешка и Качаничка;

**Тетовски округ** ги опфаќал околиите: Галичничка, Горно-полошка, Долно-полошка, Поречка;

**Тиквешки округ** ги опфаќал околиите: Тиквешка, Гевгелиска и Дојранска;

**Охридски округ** ги опфаќал околиите: Охридска, Струшка и Дебарска;

---

[87] Јевте Николића, Управне власти, Споменица, Двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије, 1912-1937, Скопље 1937, стр. 993

[88] Во Уредбата стои: Секое село, варош (град) или варошица (градче) затекнато како општина, односно прва управна единица, останува таква се додека управната власт не најде причина тоа да го промени, било како спојување на повеќе села во општина, или со прегрупирање во повеќе општини. Во секоја општина постоела општинска власт. На чело на општинската власт стоел претседател на кого му се додавал по еден кмет за секое село за извршување на општинските работи. Секоја општина припаѓала на некој срез (околија). Во секој срез (околија) постоела околиска власт. Околиската управна и полициска власт ја извршувал околискиот началник кој бил поставен од Кралот по предлог на Министерот за внатрешни работи. Окрузите биле составени од срезови (околии). Во секој округ постоела окружна власт, а по потреба и Управа. На чело на окружната власт стоел окружен началник. Зборник, Уредаба за новоослобођене и присаједињене области, Уредба о уређењу ослобођених области од 18 август 1913, Београд 1915, стр. 63-85

**Кумановски округ** ги опфаќал околиите: Жеглиговска, Кратовска, Кривопаланечка и Прешевска;

**Брегалнички округ** ги опфаќал околиите: Кочанска, Малешка, Овчеполска, Радовишка, Царевоселска и Штипска;

**Битолски округ** ги опфаќал околиите: Битолска, Кичевска, Крушевска, Мариовска, Преспанска и Прилепска.[89]

Оваа административна поделба не била прецизна, стабилна и често претрпувала територијални промени. Била создадена во рамките на поранешните турски кази.

Судската власт била регулирана со Уредбата за уредување на судовите и за судските постапки од 17 февруари 1914 година. За оваа територија постоел еден Голем Суд со седиште во Скопје, но со правата на Апелациониот и Касациониот суд[90].

Финансиската власт се уредувала со Даночната уредба од 20 јануари 1914 година.[91] Според чл. 1 од Уредбата: сите граѓани и правни лица во приклучената област кон Кралството Србија биле должни да плаќаат данок, како и женските лица кои имале сопствен приход.[92] Според чл. 3 од Уредбата данок не плаќале:

- Државата и сите установи кои биле под државна управа;
- Службеници на странски држави, доколку не биле српски граѓани;
- Сите лица кои земале финансиски средства од државата како инвалидска или социјална помош;
- Војниците и лицата со пониски чинови па се до наредници;
- Општи работници и работнички кои немале повеќе од 17 години;
- Женски лица кои немале сопствен приход;

[89] Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918), Скопје 1969, стр. 133

[90] Касационен Суд – највисок суд што донесувал конечна одлука по пресудите на пониските првостепени судови (според судскиот систем на Кралството Србија).

[91] Според чл. 44 од Даночната уредба: општите работници во кои спаѓале: слуги, слугинки, земјоделци, градски даночни обврзници, занаетчиски работници, работници кои работеле во фабриките и други лица плаќале данок по 12 динари годишно. Зборник, Уредаба за новоослобођене и присаједињене области, Пореска уредба о разрезу и наплати пореза у ослобођеним и присаједињеним областима Краљевини Србији од 20 јануара 1914 год., Београд 1915, стр. 143

[92] Исто, стр. 119

- Лица кои со специјален закон биле ослободени од плаќање данок итн.[93]

Оние даночни обврзници кои немало да го исплатат данокот во дадениот рок, тој им се наплатувал принудно (со продавање на движен и недвижен имот). Принудната наплата како и вообичаената наплата на данок најпрво започнувала од поимотните граѓани и од оние кои биле поголеми должници. Надзорот за правилно извршување на оваа Уредба ја вршело Министерството за финансии преку даночната Управа.

На 23 декември 1913 година била донесена Уредбата за јавна безбедност. Имено окружните началници барале што поголем број на жандарми за да се воспоставела полна конторла по окрузите[94].

За функционирањето на српската власт на територијата на Вардарскиот дел од Македонија српските владеачки кругови населе одбрани луѓе, одадени на српската идеја, сметајќи дека на тој начин полесно ќе ја воспоставеле нивната власт. Тие биле поставувани на позиции во административно-полициските органи и во другите органи на државната управа. Биле поставувани како началници, жандари и други управувачи. Посебно се настојувало и големи напори се вложувале во зацврстувањето на полицискиот, жандармерискиот и управниот апарат заради спроведување на асимилаторските, денационализаторските, завојувачките и ограбувачките планови што српските владеачки кругови ги имале кон Македонија.

За организација на полициската служба инспекторот на Полициското одделение при Врховната команда со Акт под бр. 14, од 20 октомври 1912 година го известил окружниот началник на Кумановскиот округ дека биле преземени мерки за испраќање на доволен број жандарми и други полициски лица во округот, а до нивно пристигнување началниците да се обраќале до воените команди,

---

[93] Исто, стр. 119-120

[94] Во Охридскиот округ имало 302 жандарми. Освен редовните патроли биле воведени и т.н „друмски патроли". Се контролирано и се водела евиденција за се и сешто. Секое движење или влегување на други лица во округот се евидентирало. Лицата што имале подвижни средства, сопствениците на чунови што се движеле по езерските води требало да ги известуваат соодветните власти. За користењето на чунови на Охридското Езеро, при заминување или враќање, или за било каква друга работа исто така требало да се известат властите. Се водела апсолутна контрола за се што се движело низ округот. Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Скопје 1981, стр. 33-34

задолжени за обезбедување на полициската служба на теренот. Тој сметал дека при окружните началства требало да има по 20 жандарми, а при околиските началства 30 жандарми, или вкупно во сите околии во Вардараскиот дел од Македонија да има 1.000 жандарми од кои 600 требало да бидат стари и искусни жандарми, додека 400 жандарми можеле да бидат од новозаземените краеви. Со исто мислење бил и претседателот на српската влада Никола Пашиќ, за што поголем број жандарми кои ќе бидат на товар на военот кредит.[95] Месечните примања на окружните и околиските началници биле големи. Се предвидувало месечниот додаток на окружните началници да изнесува 350 динари, додека за околиските началници да изнесува 250 динари[96].

Српските власти посебно внимание обратиле и во создавањето на општинскиот апарат во кои особено се внимавало за претседатели, кметови и одборници да бидат поставувани лица кои биле предани и служеле на српското дело, а тие требало да се одберат од редовите на учителите, свештениците кои од порано биле во служба на српската пропаганда во Македонија, а и во тој момент се наоѓале.

Голем дел од лицата кои биле донесувани од Србија и вклучени во административно-полицискиот апарат работеле нечесно, корумпирано, всушност максимално ја користеле својата службена должност за лично богатење[97]. Тие најпрво гледале да си ја обезбедат својата понатамошна егзистенција, а потоа да ги спроведат должностите спрема српската власт. За однесувањето на чиновниците весникот „Трговински гласник" пишувал: „Во новите краишта се е во рацете на полициските власти. Дали тие власти го заслужуваат тоа окупирано место? За жалост не! Претставниците на власта во тој крај се неспособни лица, неморални, на кои минатото им е темно, а сегашноста мрачна. Особено таму се лоши нашите општински власти. Потребно е централната власт да го ослободи населението во

---

[95] Исто, стр. 43, 68-69

[96] Исто, стр. 69

[97] Професорот и писар во Кратовското околиско началство, Стеван Симиќ лошо се однесувал спрема македонското население. Неговиот однос бил одмазнички и агресивен. Вршел притисок врз општинскиот суд да му се додели едно напуштено турско лозје. Началникот на Горнореканската околија зел 432 златни турски лири од луѓето од селата: Велебрдо, Требиште, Болетин, Скудриње, Ажиевци и Штировица. Исто, стр. 83-85

Македонија од тие разбојници".[98] Но со исклучоци постоеле и такви кои целосно биле предани на српската кауза. Некои Срби откако го увиделе односот на српските власти спрема населението во Македонија си дале оставки од службата[99].

Назначувањето на лица од Србија и нивно вклучување во апаратот на власта јасно ја покажува несигурноста, тешкотиите кои се јавувале при спроведување на српската власт во Македонија. Имено организирањето на српската власт во Вардарскиот дел од Македонија се одвивала со големи тешкотии, бидејќи не наишла на поткрепа од месното население кое не ги прифатило новите власти и ги игнорирало. Наоѓајќи се во една таква настаната за нив неочекувана ситуација, тие започнале да бараат излез од истата. Започнале да бараат начин како полесно би ја воспоставиле и зацврстиле власта во Вардарскиот дел од Македонија. Тие се зафатиле со пронаоѓање на доверливи луѓе (поткажувачи) кои требало да ги информираат за сите случувања, да дејствуваат среде македонското население со цел да се обидат да го разединат неговото единство. За дадената услуга тие луѓе биле добро платени. Всушност српските власти пуштале голема сума пари сметајќи дека претставувале најсилно средство за постигнување на своите намери. Ваквите нивни напори не наишле на поткрепа кај месното население и речиси не вродиле со позитивен ефект. Мал бил бројот на оние Македонци кои заради лично богатење прифатиле извесни служби во српските државни органи, а се работело за лица кои биле поранешни четници и војводи на српските чети во Македонија и се ставиле во служба на српскиот режим. Биле поставувани на пониски функции како: општински претседатели, писари, селски и градски кметови, деловодители, данокособирачи итн. Во најголем број случаи тие биле неписмени или полуписмени.

Според хиерархијата на српската власт во Вардарскиот дел од Македонија највисока власт ја имало Полициското одделение во Скопје раководено од М. Вујчиќ, потоа следувале окружните началства кои имале неограничена власт во

---

[98]Димитьр Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981, стр. 68

[99] Според извештајот на Милорад Вујичиќ од 26 февруари 1913 година испратен до Министерот на внатрешни работи Стојан Протиќ, се вели: „Сум забележал дека речиси сите полициски чиновници кои се назначуваат во новозаземените краеви мошне не радо одат таму, а кои и ќе одат, тие наоѓаат пат и начин да се вратат од таму ... Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918), Скопје 1969, стр. 156-157

своите окрузи, под нив биле околиските и општинските управи, а на крај се наоѓале селските управи.

Слична била ситуацијата како со утврдувањето на српската власт на територијата на Вардарскиот дел од Македонија така и во другите делови од Македонија, односно во Пиринска Македонија била впоспоставена бугарската додека во Јужна Македонија грчката власт.

Новите власти во Македонија сакале на што побрз и полесен начин да ја зацврстат и организираат нивната власт. Нивните ветувања за сите народи во земјата слобода, рамноправност, еднаквост пред законите не ги исполниле, бидејќи тоа биле само лажни ветувања и празни зборови. Имено македонското население било подложено на посебни закони и прописи и кон него биле спроведувани сурови постапки.

## ***2. Теророт на српските воени власти, војници и четнички формации врз македонското население во Вардарскиот дел од Македонија***

Македонското население под српска власт се наоѓало во мошне тешка положба. Српските власти во овој дел од Македонија спроведувале посебен режим исполнет со закани, притисоци, насилства, терор, убиства, апсења, разбојништва итн. Ваквиот режим се должел на тоа што македонското население не ги прифатило новите власти и нивните донесени мерки и се спротиставувало на истите.

Теророт врз невиното македонско население го спроведувале српските воени власти, војници а пред се жестоко врз населението се нафрлувале четничките формации на Народна одбрана и четничките одреди на Василије Трбиќ и Јован Бабунски.

Со доаѓањето на српските власти на територијата на Вардарскиот дел од Македонија, српската Врховна команда издала наредба за разоружување на населението. Оваа акција била спроведувана од страна на српската војска, полиција и четите на Народна одбрана. Репресалии при оваа акција биле направени по селата

коишто се наоѓале долж албанската граница во која голем дел на лица биле малтретирани, тепани, но посакуваните резултати не биле постигнати. При оваа акција иако било собрано разновидно оружје, таа не успеала бидејќи големо количество на оружје не било одземено од народот. Разоружувањето траело во целиот период при воспоставувањето на српската власт во Вардарскиот дел од Македонија пропратена со жесток терор, репресалии, погроми.

Неподнослива била состојбата на населението во Западна и Југоисточна Македонија, поточно во Кочанско-Виничкиот и Царевоселскиот регион. Имено во Западна Македонија со цел што подобро да се зацврстат српските власти вршеле терор врз албанското население со цел да го принудат на потчинување. Тоа предизвикало отпор од страна на албанските вооружени бунтовнички групи кои биле познати под името „качаци” и биле добро вооружани. Тие воглавно дејствувале во овој реон и влегувале во чести судири со српската војска и полиција, а исто така вршеле терор и врз месното македонско население. Ситуацијата во овој дел од Македонија била крајно тензична исполнета со обостран терор. Ваквите бунтовнички и насилнички дејства на албанските групи било причина српските власти да се посомневаат дека против нив се подготвувал бунт, па поради тоа тоа биле преземени воено-полициски прогони, потери и судски процеси со цел вооружените групи да се смират. Но и покрај ваквите мерки ситуацијата во овој дел од Македонија не се нормализирала, напротив таа повеќе се влошила, а ваквото безвластие кулминирало есента 1913 година кога против српските власти било кренато Охридско-дебарското востание.

Исклучиво тешка била положбата на македонското население во Југоисточна Македонија. Имено како резултат на провокациите кои ги вршеле четите на ВМОРО при преминувањето од Бугарија на територијата на Македонија под српска власт, било причина српската војска и четничките формации безмилосно да се нафрлат и да извршат жесток терор, насилства, репресалии, убиства, апсења врз месното невино македонско население. Паралелно со спроведување на теророт македонското население било подложено и на разбојништва, пљачка, а голем број на населени места биле опожарени.

На терор и прогон биле изложувани сите лица кои давале било каков отпор на мерките кои биле донесени од страна на српските власти. Така на пр. во гратчето Виница при пристигнувањето на српските војници веднаш на населението им го поставиле прашањето Што си? Оној што ќе одговорел дека не е Србин ужасно бил тепан. Началникот на војската избрал 70 лица и дал заповед да се стрелаат... Од месното население поради здобиените рани од тепањето починал Коле Атанасов.[100]

Српските војници одмазнички се нафрлувале врз животот на селаните, врз нивната чест, имотите и во с. Лаки, Виничко[101].

Српските војници спровеле жесток и невиден терор врз селаните и во другите села од овој дел на Македонија. Во с. Безиково српските војници влегле и се пуштиле на грабеж и силувања на жените, додека мажите кои биле фатени од српските војници биле убиени, селото било опожарено, а добитокот разграбан и стрелан од страна на војниците.[102]

Во селата Пеклани и Трсино биле извршени големи грабежи, насилства а биле тепани и масакрирани голем број на селани. Освен од христијанското население биле убиени и лица од муслиманска припадност.[103]

Големи злосторства српските војници извршиле и во селата Зрновци, Блатец, মородвис, Соколарци и др[104].

---

[100] Димитар Галев, Белиот терор во Југоисточна Македонија 1912-1941, книга прва, Штип 1991, стр. 494-495

[101] Српските војници ги тепале селаните како стока каде ќе ги пресретнеле и со што ќе им се нашло при рака. За тоа сведочеле и двајца кои успеале да го преживеат крвавиот масакар за кој велат: „Селото беше сардисано од сите страни. Војниците влегуваа по куќите и секој кој што го начекаа дома го тепаа и бараа пари. За пари многу го мачеа соседот Серафим Ѓоргиев кој многу пискаше а кога престана татко ми ми рече: „Му ја зедоа душата, кучиња"!. Од другата страна се слушаше врисок на женски глас, а тоа беше Евда Цекова. Кога таа престана да вика татко ми рече да бегаме од задната врата. Така и сторивме, побегнавме во шумата во месноста „Грбовец". Оттука гледавме како изгоре селото. Од 145 куќи, само 3 не беа изгорени. Кога се враќавме кон селото кај месноста „Бел Камен" го препознавме трупот на Тодор Марков, овчар, убиен на овчарската колиба. Кога се вративме во селото ги најдовме избодани и потонати во крв: Иван Мицев, Серафим Георгиев, Мите Јанев, Евда Цекова, Марко Гоцев, Атанас Марков, Харалампие Митев, Александрија С. Домазетов, Саво Александров, Спасо Петров, Андон Стојков, Илија Пецев, Петар Христов, Герасим Александров, Георги Јовев, Ефтим Темелков, Милош Еф. Темелков, Стоилко Митев, Илија Гошев, Коле Лазаров, Мите Јанев, Саво Георгиев, Георги Атанасов. Исто, стр. 495-496

[102] Исто, стр. 497-498

[103] Исто, стр. 500-501

[104] Исто, стр. 499-502

Во Штип и околијата[105] српските војници, четничкиот одред на Јован Бабунски спровеле големи злосторства. Голем број на луѓе мажи, жени, деца, биле малтретирани, безмилосно тепани, затворани, мачени, убивани. Ограбиле и опожариле голем број на куќи како и села, а добитокот го запленувале за потребите на власта.

Во Вардарскиот дел од Македонија биле запалени и изгорени голем број на куќи, села, градски маала од српските војски придружени од четниците на Народна одбрана[106].

Во слична или речиси иста положба се наоѓал македонскиот народ и во другите места од Вардарскиот дел на Македонија под српска власт. Одмаздата на српските војници и други вооружени формации била жестока. Македонското население живеело во постојан страв не знаејќи што го чека следниот ден. Тоа живеело во крајно тешки услови секојдневно подложено на разни притисоци, бројни насилства, репресалии, разбојништва, терор, убиства што ги вршела српската војска.

Не можејќи да ги поднесат бројните погроми што ги спроведувала српската војска, македонското население започнало да ги напушта своите родни огништа, барајќи нови и посигурни засолништа, каде што би имало попристоен живот. Тие најчесто бегале во Бугарија (сметајќи дека ќе имаат подобар живот), потоа во странство или во внатрешноста на Македонија.

[105] К. Пърличевъ, Сръбскиятъ режимъ и революционата борба въ Македония (1912-1915 година), София 1917, стр. 33-38

[106] Српските војски и четници на т.н Народна одбрана ги изгореле во Источна Македонија следниве села: Баница, Блатец, Безиково, Градец, Дупница, Шипковица, Ново Село, Радовиш, Луботен, Патрик, Лесковица, Смојмирово, Горни Балван. Во Западна Македонија биле изгорени македонски села како и села со мешано и чисто Албанско население: Лошани, Лисичани, Житоше, Дебришта, Харлишта, Десово, Градешница, Челопек, Велгошти, Клење, Љутви и други села. Освен што изгореле голем број на села српските власти тероризирале и убиле многубројни Македонци, Турци и Албанци. Во Битола, Скопје, Штип и Гевгелија српските власти, полиција и четници извршиле масовни колежи како и во други градови низ Македонија. Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918), Скопје 1969, стр. 213

*ГЛАВА ТРЕТА*

# *ОТПОРОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ ОД МАКЕДОНИЈА*

## ***1. Пасивниот и вооружениот отпор на македонскиот народ во Вардарскиот дел од Македонија против српската власт***

Македонскиот народ под српска власт немал политички, економски, национални, културно-просветни права. Тој немал избирачко право, ниту слобода на говор, ниту пак можел слободно да ја декларира својата националност како и правото слободно да се школува. Населението коешто живеело во Вардарскиот дел на Македонија било сметано за српско, додека територијата за Јужна Србија. Тие воопшто не признавале дека постои македонска националност. Српската власт ги принудувала Македонците да се декларираат како Срби и да извршат промена на презимињата, односно тие да завршувале на „иќ”. Исто така биле променети и имињата на сите јавни установи и организации.

За македонскиот народ од Вардарскиот дел на Македонија не важеле одредбите на Уставот што важеле за пределите на старите граници на Србија, туку за “новоослободените” области биле донесени посебни Уредби со кои македонскиот народ бил лишан од секакви права. Донесените мерки не биле прифатени од страна на македонскиот народ кој на различни начини се спротиставувал на истите, што било причина на српскиот режим да му се даде отпор. Поради тоа српските власти применуваат мерки на терор и насилство врз македонското население.

Со самото доаѓање на територијата на Македонија српските власти веднаш презеле мерки за затворање на дотогашните училишта и прогонување на егзархиските учители. Биле отворени српски училишта во кои наставата се изучувала на српски јазик. Македонското население без своја волја било

принудувано да ги посетува новоотворените училишта и да го изучува српскиот јазик. Целта на српските власти била преку образовниот ситем да изврши претопување, србизирање на македонската младина. Нивната наредба за задолжително школување не била прифатена од страна на родителите кои не ги пуштале своите деца во новоотворените училишта. Поради ваквиот нивен отпор биле преземни казнени мерки[107].

Отпорот особено бил изразен во скопската егзархиска учителска школа во која до Првата балканска војна школата ја посетувале неколу стотини ученици, додека пролетта 1913 година биле регистрирани околу четириесет ученици од кои само ¼ биле локални Македонци додека другите 30 деца биле од новодојдените српски управувачи во Скопје и Македонија.[108] Поради малиот број на ученици школата била затворена, српските ученици добиле стипендии и го продолжиле своето школување во Србија, додека Македонците не добиле стипендија и тие немале можност понатаму да се школуваат.[109] Слична судбина доживеале и другите училишта во Македонија.

Српските власти знаејќи ја улогата на црквата воведе служба на српската православна црква и забраниле изведување на било каква друга богослужба. Службата се изведувала на српски јазик. Имено преку црквата тие сакале да извршат духовна асимилација врз македонскиот народ кој од друга страна давал отпор преку непосетување на црквите како и другите јавни установи. Македонскиот народ не ги посетувал црквите бидејќи службата во нив се изведувала на српски јазик и поради тоа што новороденчињата требало да бидат крстени со српски имиња.

Властите во Вардарскиот дел од Македонија забраниле да излегуваат дотогашните весници и списанија, и ги затвориле читалните и библиотеките. Биле

[107] Во Битола српските власти се обиделе насила да ги натераат родителите да ги испраќаат своите деца во српските училишта. За таа цел од куќа на куќа оделе жандари и ги предупредувале родителите дека оние кои нема да ги пуштат децата во српските училишта ќе биле казнети. За дете кое воопшто не посетувало училиште казната била 100 динари, за дете коешто посетувало друго училиште казната била 200 динари и 600 динари за дете коешто одело во друг град. Димитьр Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981, стр. 86-87

[108] Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918), Скопје 1969, стр. 226

[109] Исто, стр. 226

забранети да се честуваат дотогашните празници меѓу кои и празникот „Св. Кирил и Методиј", како и да се користат дотогашните обичаи.

Српските власти се зафатиле и со регрутација на македонската младина во нивната војска[110]. Биле создадени специјални комисии за регрутација на населението во Македонија, но тие не постигнале речиси никакви успеси. Ваквата мерка кај македонскиот народ предизвикала незадоволство и одбивност, додека муслиманското население помасовно стапувало во редовите на српската војска. Македонската младина не сакала да стапува во редовите на српската војска а тоа се забележува од телеграмата на Гевгелискиот околиски началник во која се вели: „Имаше изгледи да се собере голем број на доброволци, но штом српската војска ја напушти Гевгелија, запишувањето веднаш престанало. Ист случај е и во градот Кавадар".[111]

Врз македонската младина бил вршен притисок, заплашување, терор, како и нудење поткуп за да пристапат како доброволци во редовите на српската војска. За ваквите околности под кои се запишувале доброволците дознаваме и од протесните писма на селаните во Кумановскиот округ испратени до Врховната команда во кои се вели: „Овдешните власти не избираат средства насилно да не запишат во војска... Ја молиме Врховната команда да нареди на надлежните, да не вршат терор над нас за да се запишуваме во војска, туку да не остават на мира и кој сака доброволно може да се запише, а не со насилство како што се постапува...".[112]

Спроведената регрутација од страна на српските власти не успеала. Тие не биле задоволни од постигнале резултати. Македонскиот народ не сакал да биде дел од српската војска се криел, дезертирал, односно давал отпор против воените власти.

Населението во Македонија воопшто не било расположено и заинтересирано кон новите власти за што се дознава од извештајот на началникот на Кумановскиот округ испратен до Врховната команда со кој го известува дека на

[110] Од првна гледна точка тие немале право да спроведат регрутација на окупираната територија на Македонија, па поради тоа наместо регрутација тие нашле ново решение за „запишување доброволци" во српската војска за престојната Меѓусојузничка војна.
[111] Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918), Скопје 1969, стр. 220
[112] Исто, стр. 220

14 септември 1913 година во Младо Нагоричани при минувањето на митрополитот Викентие за Крива Паланка не излегол ниту еден селанец од селото иако за тоа било наредено преку општинскиот суд ...”.[113] Македонскиот народ не ги посетувал ниту судовите.

Македонските селани биле незадоволни од политиката на српските власти околу решавање на аграрното прашање. Тие се обиделе да ја добијат напуштената земја од турските феудалци кои со векови наназад ја присвојувале и на која што работеле под тешки услови. Им било ветено од српските власти дека напуштената земја од феудалците ќе им биде доделена, но тоа биле само лажни ветувања и манипулации, бидејќи тие воопшто немале намера аграрното прашање така лесно да го решат во корист на селаните. Имено аграрното прашање им послужило за спроведување на српската политика во Варадрскиот дел од Македонија. Всушност дел од земјата требало да им се додели на колонистите што требало да се населат на територијата на Вардарскиот дел од Македонија со задача да спроведат асимилација, денационализација на македонскиот народ и да ја распарчат неговата целост.

Македонските селани кои на легален начин поднесувале барања за добивање на земја биле одбивани од властите, а од друга страна упатувани истата да ја откупуваат, знаејќи дека населението не било во можност тоа да го сторат, бидејќи тоа било крајно осиромашено. Со оглед на тоа дека селаните згора на се биле натоварени и со даноци, нивната економска состојба била многу влошена. Земјата речиси била откупувана бесплатно од српските власници како и од македонските богаташи кои не се занимавале со земјоделство.

Македонските селани измамени и изманипулирани повторно останале без сопствено парче земја. Во споредба со претходната власт нивната економска и општествена состојба значително се влошила. Тие се обиделе да ја повратат и задржат земјата што од страна на српските власти таквиот начин на присвојување на земјата било прогласувано за пљачка и презеле мерки истото да го спречат. Македонското селанство на тој начин дало отпор против мерките на новите власти.

[113] Исто, стр. 221

Македонскиот селанец не сакал ништо повеќе, тој сакал само да го врати загубеното векови наназад сопствено парче земја.

Освен пасивниот отпор, македонското население против српските власти спровело и вооружен отпор. Имено станува збор за две вооружени востанија кои се случиле во текот на 1913 година, а се работи за Тиквешкото востание кое започнало како последица од суровите постапки на српската власт спрема населението од Тиквешијата и Охридско-дебарското востание (Македонско-албанскиот бунт) од септември 1913 година кое избувнало како последица на одлуките донесени на Мировната конференција во Букурешт.

## 1.2 Тиквешко востание во 1913 година

### 1.2.1 Причини за востанието

Зошто токму Македонија, односно југот ги привлекувала српските власти? Поради тоа што Македонија била од големо економско значење за Србија. Како што се знае Вардарскиот дел од Македонија во која припаѓала и Тиквешијата го зафаќала поголемиот дел од Централана Македонија. Таа била најплодородната област не само во Македонија туку и на Балканот и има поволна географска и комуникациска положба. Тиквешкото поле било познато по обработливите ниви посеани со житни култури, одгледувањето на тутун, афион, наут, сусам, памук, свилена буба. Основното занимање на населението било одгледување на лозјето од кое се произведувало најпознатото вино не само во Македонија, туку и на Балканот. Тиквешкото поле било дел од Тиквешката каза. Во Тиквешијата големо значење имале градовите Кавадарци и Неготино. Тиквешката околија има вкупно 93 села[114]. За Србија од особено економско значење било тоа што во Тиквешкиот регион поминувала железничката линија Солун-Скопје, а во близина на Неготино

[114] Христо Поп Антов, Кратки биографски белешки во спомен на заслужните дејци од Тиквешко, Револуционерните борби во Тиквешијата, Спомени и материјали, книга 2, Скопје 2001, стр. 317

се наоѓала главната железничка станица Криволак. Освен железничката станица Криволак во Тиквешката околија се наоѓале и станиците: Градско, Демир Капија и Неготино. Преку Вардарската долина Тиквешката област непосредно се поврзувала со Солун, што и овозможувало на Србија излез на Егејското Море. Поради сите овие причини таа своите погледи ги свртува кон Македонија.

Првата балканска војна завршила со пораз на османлиските војски со што бил ставен крајот на вековната османлиска власт. Во оваа војна активно учество и голем допринос дале голем број на Македонци, меѓу кои биле и Тиквешани. Откако Османлиите биле протерани од Македонија народот ја очекувал бугарската војска, но пристигнала српската која уште во ноември 1912 година започнала да ја воспоставува српската власт во Вардарскиот дел од Македонија во која припаѓал и Тиквешкиот регион.

Српските војски по пристигнувањето во Тиквешијата го уверувале населението дека тука се привремено, додека не пристигнеле бугарските војски. Но на тоа Тиквешани не поверувале бидејќи веднаш ја почуствувале омразата на српските војници и сфатиле дека тие така лесно нема да го напуштат Тиквешкиот регион. Со нивното доаѓање во Тиквешко било забележано разочарувањето кај населението чии надежи за подобар живот згаснале.

Во Тиквешијата со пристигнувањето на српските војски биле воспоставени нејзините органи на управување, а во градовите Кавадарци и Неготино првите воени команди. Кратко време по нивното доаѓање тие започнале да го нарекуваат населението дека се стари и чисти Срби, донеле српски учители за да ги учат децата на српски јазик и изјавувале дека таму каде што стапнала српска нога, ќе остане српско[115].

Со Указ од 17 декември 1912 година во Кавадаречкиот округ била воспоставена српската полициската власт која започнала да функционира од 01 јануари 1913 година. Тој краток двонеделен период бил искористен за воспоставување на ред и формирање на политички општини.[116]

---

[115]Тодор Камчев, Спомени, За учеството во револуционерните борби во Тиквешијата, Револуционерните борби во Тиквешијата, Спомени и материјали, книга 1, Скопје, 2001, стр. 193
[116] Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914, Скопје 1979, стр. 128

Постепеното утврдување на српската власт во Вардарскиот дел од Македонија во чиј дел припаѓал и Тиквешкиот регион било големо разочарување за целокупното македонско население. Српските власти се обидувале да го убедат тиквешкото население дека тие се нивните ослободители, но во тоа не успеале бидејќи тоа сфатило дека им се наметнува нова власт. Тоа го увиделе и потврдиле кога во декември 1912 година командантот на градот, српскиот полковник Урошевиќ ги повикал на состанок членовите на градската управа на Кавадарци, претседателот протојереј Григориј и свештеникот Михаил Михајлевски и им соопштил дека старата општинска управа на Кавадарци се распушта, односно веќе нема да постои. На овие негови зборови свештеникот Михаил му возвратил: "Нели вие кога дојдовте изјавивте дека сте привремено, се додека не дојдат бугарските војски?, на тоа командантот возвратил: "Тоа што сме го кажале, кажале, до назначување на трочлена комисија ќе управувам јас, а во општината ќе има само еден Србин, а тоа е господинот Ангелковиќ и него ќе го слушате".[117]

По завршување на овој состанок членовите на општинската управа се упатиле кон куќата на Јованче Шкартов каде што бил одржан состанок на кој присуствувале раководството на градскиот комитет на ВМОРО, членовите на околискиот комитет, војводата Лазо Фертикот, неговиот помошник Цанко Хаџимирски, месниот и истакнат тиквешки војвода Дончо Лазаров[118] како и револуционерот и војводата Мишо Шкартов[119]. На овој состанок присуствувал и

---

[117] Благој Видов, Спомени, Тиквешко востание во јули 1913 година, Револуционерните борби во Тиквешијата, Спомени и материјали, книга 1, Скопје 2001, стр. 473

[118] Лазаров Дончо(1878-1950), истакнат тиквешки револуционер кој уште во неговите млади години бил примен во редовите на Организацијата. Во 1904 година се вклучил во четата на војводата Добри Даскалов. Во периодот од крајот на 1905 година па се до 1908 година до Младотурската револуција бил назначен за реонски војвода во Тиквешијата. Бил еден од основачите на Народната федеративна партија во Кавадаречко. Бил четник кај војводата Лазар Фертикот. Тој бил еден од организаторите и раководителите на Тиквешкото востание. По Првата светска војна се преселил во Петрич каде во 1921 година бил избран за градоначалник на градот. Енциклопедија ВМРО 1893-1934, Скопје 2015, стр. 164

[119] Шкартов Михаил (Мишо)-(1884-1936), македонски револуционер и член на Организацијата. Во 1904 година влегол во четата на војводата Добри Дасакалов, а подоцна и во четата на Јане Сандански. По 1910 година дејствувал како војвода во Велешко. Биле еден од организаторите и раководителите на Тиквешкото востание во јуни 1913 година против српската власт. По задушување на востанието единствено само неговата чета успеала да се префрли во Бугарија без да дададе ниту една жртва. Тој имал голем авторитет среде Тиквешани и бил многу почитуван. Успеал да ги обедини различните политички движења за да се спротистави на новата српска власт. Во 1920 година застанува на чело на Солунскиот револуционерен округ. Во 1924 година бил назначен за тиквешки околиски војвода. Бил учесник и на Конгресот на Организацијата во 1925 година. По

Петко Пенчев[120], член на ЦК на ВМОРО. На советувањето било констатирано дека Србите нема така лесно да го напуштат градот и тие единствено ќе си заминат само преку организирање на вооружено востание, а месниот војвода Дончо Лазаров изјавил: "Јас сум подготвен со моите другари и сметам да излезам по селата за да го подготвам населението и да го проверам оружјето".[121]

Не минало ниту една седница од првиот состанок, српскиот командант повторно ги повикал членовите на општинската управа и членовите на училишната управа и одбор и им ја соопштил информацијата дека по наредба од властите од Белград требало да се затворат дотогашните училишта и на нивно место да се отворат српски што особено ги погодило кавадаречките првенци, а пред се зборовите кои ги искажал полковникот Урошевиќ дека Тиквешани се стари Срби и сега кога тие се повторно тука, повторно ќе станат Срби. Овие зборови градските првенци ги проследиле со насмевка, а тогаш командантот скокнал и им се заканил дека ќе ги испотепа сите.[122] Тој исто така додал дека секој оној кој сакал да остане учител во српските училишта треба да биде испратен на курс во Белград и откако ќе го заврши ќе можел да станел учител. На ова реагирал младиот учител Христо Михов кој му возвратил: "Господин полковник, вие постапивте така како што ви наредуваат вашите претпоставени. Изгледа вие не сте научиле ништо за Тиквеш. Ние сме Македонци, сме се бореле за Македонија и отворено Ви кажувам дека ќе се бориме и против Вас".[123]

---

поделбата во Организацијата во 1928 година со својата чета застанал на страната на протогеровистичката ВМРО, а во 1930 година станува член на ВМРО Обединета. Исто, стр. 362

[120] Пенчев Петко (1882-1947), македонски револуционер и член на Организацијата. Како четник во четата на Христо Чернопеев учествувал во Илинденското востание. Во 1904 година станал четник во четата на Јане Сандански. Во 1905 година бил избран за член на Серскиот окружен комитет. Во Штип во 1906 година го издавал илегалниот хектографиран весни на ВМОРО, Револуција. На Ќустендилскиот конгрес на ВМОРО во 1908 година бил избран за член на ЦК. Бил вклучен и во бугарскиот општествено политички живот. Исто, стр. 215

[121] Благој Видов, Спомени, Тиквешко востание во јули 1913 година, Револуционерните борби во Тиквешијата, Спомени и материјали, книга 1, Скопје 2001, стр. 473-475

[122] Петре Камчевски, Причините за тиквешкото востание, Тиквешкото востание во 1913 година, Материјали од одржаната научна трибина на тема: "Тиквешкото востание во 1913 година", одржана на 24 јуни 1993 година во Кавадарци, Кавадарци 1999, стр. 31, Димитър Минчев, Тиквешкото въстание 1913 г., Македонски преглед, година XV, 1992, KII.4, София 1992, стр. 55

[123] Петре Камчевски, Причините за тиквешкото востание, Тиквешкото востание во 1913 година, Материјали од одржаната научна трибина на тема: "Тиквешкото..., Кавадарци 1999, стр. 31, Димитър Минчев, Тиквешкото въстание 1913 г., Македонски преглед, година XV, 1992, KII.4, София 1992, стр. 55

По одржаниот состанок и покрај спротиставеноста на градските првенци и граѓани од Кавадарци, српските власти започнале да ги спроведуваат мерките. Имено првата мерка што ја спровела српската власт во Тиквешијата била не само затворање на дотогашните училишта, туку и затворање на дотогашните учители. За краток временски период српската власт ги затворила сите 50-тина училишпта во Тиквешијата. Најпрвин било затворено третокласното училиште во Кавадарци и биле уапсени учителите Ристо Михов, Ѓошо Бадев, Борис Минчев и други, а последно било затворено училиштето во с. Шешково каде била испратена четата на Коста Павловиќ со цел да го уапси учителот Јордан Анастасов.[124] Ова училиште постоело до крајот на учебната 1912/1913 година и било последно затворено во Македонија од страна на српските власти.

Србите ги затвориле сите дотогашни училишта и започнале да отвораат српски училишта во кои бил воведен српскиот јазик. Тиквешкото население не ги запишувало децата во новоотворените училишта што претставувало бојкот против новите власти. Исти бил и случајот со неслужењето на тиквешкото население во српската војска.

Српскиот јазик освен во училиштата бил воведен и во црквите. Во црквите било забрането да се споменува името на струмичкиот владика, а на место него свештениците требало да се повикуваат на белградскиот владика Димитриј. Градските и селските свештеници биле принудувани сами да му телеграфираат на белградскиот митрополит и да изјават дека “отсега тие се чеда на српската црква”.[125] Бил отстранет архиерејскиот намесник на градот Григор Лазаров.

---

[124] Зоран Тодоровски, Тиквешкото востание во 1913 година, Тиквешкото востание во 1913 година, Материјали од одржаната трибина на тема: “Тиквешкото..., Кавадарци 1999, стр. 46, За апсењето на Јордан Анастасов била испратена четата на Коста Павловиќ. Таа била забележана од газдарицата на куќата каде се одвивала наставата и веднаш го известила учителот кој немајќи каде да бега за да не биде фатен земал од подот една рогозина и и рекол на газдарицата да го завие во неа и така завиткан бил сместен во аголот на собата. Тој и рекол на жената ако прашаат каде се наоѓа да им каже дека заминал во град. За кратко време српските четници се појавиле на вратата и веднаш прашале каде е учителот. Газдарицата мирно им одговорила дека учителот заминал за Кавадарци и дека веќе нема да се врати. Прашале и каде е училиштето, а таа одговорила дека се наоѓа во спротивната соба која е заклучена и во неа не се учи. Откако не го пронашле учителот четата си заминала. Јордан Анастасов, Бегли Спомени, Револуционерните борби во Тиквешијата, Спомени и материјали, книга 1, Скопје 2001, стр. 125

[125] Димитър Минчев, Тиквешкото въстание 1913 г., Македонски преглед, година XV, 1992, KII.4, София 1992, стр. 56

Населението кое се спротиставувало на мерките спроведени од српските власти било навредувано, прогонувано и затворано. Српската власт го омаловажувала населението од Тиквешијата, навредувајќи го дека е неписамено, нема култура, образование односно дека било заостанато.

Насилната политика што српските власти ја спроведувале врз македонскиот народ го достигнала врвот, односно кулминирала во мај 1913 година кога на спроведениот попис било присилувано да се декларира за српско. И покрај присилбите, сепак тоа се декларирало како Македонско, што било причина српските управувачи да го засилат теророт врз тиквешкото население. Како резултат на тоа насилство паднала и првата жртва, а тоа бил Александар Лецо Видов-истакнат активист на училиштето и општинската управа и член на ВМОРО, кој бил фатен и егзекутиран од страна на четата на Коста Павловиќ[126].

Таквата сурова, насилна и агресивна политика спроведувана од српските власти во Кавадарци предизвикала незадоволство, револт, гнев кај целото месно население кое почнало да бара излез од тешката состојба во која се наоѓало. Единствен спас за излегување од таквата состојба било преку започнување на едно успешно вооружено востание да се протераат српски власти.

## ***1.2.2 Подготовки и тек на востанието***

Суровата политика која била спроведувана врз тиквешкото население било поттик да се интензивираат подготовките за организирање на вооружено востание против српските власти. Предлогот за кревање на востание против новите управувачи бил даден уште на првиот состанок одржан во куќата на Јованче Шкартов од страна на Петко Пенчев, а бил прифатен од сите присутни на тоа советување, кои сметале дека единствен спас за излез од ваквата положба било преку организирање на едно вооружено востание да се протераат српските власти.

[126] Зоран Тодоровски, Тиквешкото востание во 1913 година, Тиквешкото востание во 1913 година, Материјали од одржаната трибина на тема: “Тиквешкото ..., Кавадарци 1999, стр. 51

Особена охрабрувачка вест за Околиското раководство на ВМОРО на Кавадарци била информацијата дека од десниот брег на р. Вардар, односно кон Кавадраци се приближувале четите на ВМОРО на војводите Петар Чаулев, Васил Чакаларов, Милан Ѓурлуков, Ефтим Спространов, Панајот Каранфилов и Ѓакон Евстатиј додека четата на Христо Чернопеев се наоѓала во близина на Неготино.[127] По добиената информација за префрлувањето на овие чети во Тиквешијата тоа било повод да се изврши и последната обиколка на тиквешките села од страна на месните револуционери и војводи со цел да се запознаат со подготовките на населението за престојното востание. Таа задача ја извршил месниот војвода Дончо Лазаров заедно со својата чета во која бил и Диме Пинџуров[128] кој веднаш штом се вратил во Тиквешијата со повеќе доброволци од Булаир и Чаталџа, односно од Македоно-одринското ополчение без да се легализира се приклучил во четата.

Голем авторитет во Тиквешијата имал и Мишо Шкартов, санданист-федералист кој околу себе ги собрал сите видни револуционери од Тиквешијата и припадници на различни политички движења. Имено тој успеал да ги обедини Централистите, предводена од Пано Измирлиев[129] од Неготино, комунистите предводена од Ристо Михов и т.н група “Антариите” (чорбаџиите), предводена од Тасе Бошков, учител, а подоцна трговец од Кавадарци кои во минатото имале различни интереси и несогасувања, а новонастанатата ситуација влијаела сите тие нивни несогласувања да исчезнат и со една заедничка борба да се спротистават на властите. Од овие

[127] Исто, стр. 51-52

[128] Пинџуров Диме – син на Наца Пинџурова и Арсо Димитров. Од своите родители ја наследува љубовта кон револуционерното дело. Стапил најпрво во четата на Добри Дасакалов, а потоа и во четата на Сава Михајлов и четата на гевегелискиот војвода Аргир Манасиев каде ја извршувал должноста секретар. По Младотурската револуција се населил во Гевгелија каде бил во раководството на Федеративната партија. Во 1911 година се вклучил во четата на Христо Чернопеев. Пред да започне Првата балканска војна во 1912 година, тој се пријавил како доброволец во бугарската армија и како постар подофицер командувал вод кај Булаир и Чаталџа. Откако дознава за навлегувањето на Србите во Тиквешијата и за подготовките за востание против новите власти, тој се вратил во Кавадарци и нелегално се приклучил во четата на војводата Дончо Лазаров и заедно со него го подготвуваат населението за престојното востание. Загинал во 1915 година во битката кај Криволак заедно со Христо Чернопеев, борејќи се во редовите на Првиот македонски полк. Блажо Видов, Тиквешки револуционери, Револуционерните борби во Тиквешијата, Спомени и материјали, книга 2, Скопје 2001, стр. 279-281

[129]Измирлиев Пано (1872 – 1928), македонски револуционер и член на Организацијата. Во 1894 година се вклучува во редовите на МРО. Од 1900-1908 година бил член на Тиквешкиот околиски комитет и раководител на градскиот комитет на Организацијата во Неготино. Бил еден од раководителите во Тиквешкото востание во јуни 1913 година против српската власт, а бил и член на револуционерниот штаб на востанието. Енциклопедија ВМРО 1893-1934, Скопје 2015, стр. 117-118

групи бил избран заеднички Револуционерен штаб кој требало да го раководи востанието, а во него влегле и сите војводи на Организацијата кои дошле на помош на Тиквешани. Мишо Шкартов и Дончо Лазаров биле главни водачи на Тиквешкото востание.

Дончо Лазаров откако со својата чета ја извршил последната обиколка на тиквешките села, го прегледал старото оружје и поделил ново, тој свикал конференција во с. Бегниште. Таа се одржала од 28-30 мај 1913 година на која присуствувале претставници на Организацијата од речиси сите села на Кавадаречката околија. Била отворена од страна на Дончо Лазаров, кој меѓу другото рекол: "Браќа, нашата револуционерна борба се води цели 20 години и кога дојде крајот на турската тиранија, нас ни се сервира друга пострашна, па можам да кажам и двојна тиранија, бидејќи Србите ни ги затворија училиштата, додека Турците не оставија слободно да се развиваме. Доколку седиме со скрстени раце и не дејствуваме ние ќе го извршиме најголемото предавство спрема самите нас и спрема Тиквеш...".[130]

На оваа конфеернција говореле неколку лица, а на крај говор одржал Диме Пинџуров кој рекол: "Доколку ние во овој момент не преземеме нешто, ние на Србите ќе им ја предадеме Тиквешијата. Зар ќе ги погазиме заветите на Добри Даскалов, Пешо Самарџиев, Петар Јуруков, Александар Станоев, Лазо Асијата и ќе дозволиме да се шетаат и да ја скврнават нашата земја српските четници предводени од Коста Павловиќ? Зар ќе го погазиме споменот на нашиот учител, просветител и основач на првата печатница даскалот Камче од Ваташа? Зар ќе ги заборавиме ли јунаците на „Ножот", оние кои тргнаа да ги гонат четите на Јован Бабунски и Григор Соколов? Востанието да го кренеме колку што е можно побрзо за да го спречиме делењето на Македонија".[131]

На оваа Конфернција било донесено решение да се крене востание во месец јуни 1913 година. Исто така биле определени и првите сигнали за почеток на востанието и тоа: палење оган во селата, а онаму каде што имало српски жандарми и чиновници да им се запалеле куќите, а било решено селото Долно Дисан да се

[130] Благој Видов, Спомени, Тиквешко востание во јули 1913 година, Револуционерните борби во Тиквешијата, Спомени и материјали, книга 1, Скопје 2001, стр. 481-483
[131] Исто, стр. 483-485

запали целосно, бидејќи Турците-Помаци ја подржувале српската власт и правеле големи зулуми.

Веста за кревање на вооруженото востание против новите окупатори за кратко време се проширила низ Тиквешијата. Четата на Дончо Лазаров се вратила во с. Ваташа, кадешто започнале да се собираат млади вооружени луѓе. На 12 јуни 1913 година во с. Ваташа било одржано собрание на кое било објавено востанието против српската власт и планот за негово изведување.

Востанието било објавено под старото револуционерно знаме изработено во 1903 година. Матријалот за знамето бил од црвена свила и обоени конци кои биле купени од Солун. Знамето било во елипсна форма на кое е претставена жена со развеани коси која држи знаме и со скршени пранги стапнала врз Турчин. Лицето на жената било изработено со мрсни бои, а косата природна црна исечена од косата на Тима Минчева која учествувала во изработка на знамето. На аверсот од знамето над главата на девојката биле извезени зборовите СЛОБОДА ИЛИ СМРТ, додека на реверсот со големи букви биле извезени зборовите ВНАТРЕШНА МАКЕДОНСКО – ОДРИНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА-ТИКВЕШКИ РЕОН.[132]

Српските власти откако дознале за престојот на четата на Дончо Лазаров и собирањето на вооружани луѓе во с. Ваташа веднаш против нив испратиле силна воена единица од Петтата дринска дивизија, придружена со четата на Коста Павловиќ и со турски наемници кои за краток период пристигнале во селото со цел да ја разбијат четата. Четата предводена од Дончо Лазаров успеала да се скрие во скривалиштето кое од населението било нарекувано "катакомби" и се наоѓало во близина на селото. Откако тие не успеале да ја пронајдат четата се нафрлиле со жесток терор врз невиното население, без разлика дали се работело за жени, деца или стари лица. Биле малтретирани и измачувани голем број на лица, но најмногу првата жена членка на Македонската револуционерна организација за Тиквеш, Наца Арсова Пинџурова[133].

[132]Христо Поп Антов, Спомени, Револуционерните борби во Тиквешијата, Револуционерните борби во Тиквешијата, Спомени и материјали, книга 1, Скопје 2001, стр. 151-153

[133] Пинџурова Наца– мајка на војводата Диме Пинџуров, а баба на народниот херој Страшо Пинџур. По смртта на нејзиниот маж Арсо Димитров, таа ја продолжува дејноста на својот маж, станувајќи

Покрај спроведениот жесток терор врз населението во Ваташа четата на Дончо Лазаров не била предадена. Таа успеала да ја пробие српската опасада и да се извлече од селото без да даде жртва. По напуштање на селото со својата чета се упатил во с. Дебниште каде се сретнал со Мишо Шкартов кој ја предводел Втората тиквешка чета. При оваа средба дошло до кратко советување на кое било решено штом ќе се добие информацијата дека бугарската војска ќе тргне од Штип, Радовиш и Струмица тие веднаш да го започнат востанието во Тиквешијата, очекувајќи ја и помошта од четите на ВМОРО.

За почетокот на востанието постојат различни датирања. Така според телеграмата на Душан Николиќ, началник на Кавадаречкиот округ, првиот сигнал за почеток на Тиквешкото востание бил даден на 19 јуни 1913 година со напад на востаниците над неговиот писар во Кавадарци, како и со пукање во с. Ваташа.[134] Набрзо градот Кавадарци го презеле востаниците, а српските власти и воени единици побегнале во Градско. На општинската зграда во Кавадарци востаниците го развиориле тиквешкото револуционерно знаме. На 20 јуни 1913 година градот Кавадарци бил ослободен од четите на Петар Чаулев, Милан Матов, Ѓурлуков, Павел Христов и Христо Чернопеев[135]. Веднаш потоа било организирано свечено собрание на кое била избрана градска управа од 12 лица. Извршната власт во градот ја сочинувала трочлена комисија во состав: свештеникот Михаил Михајловски, Хаџи Васил и Јованче Шкартов.

Вооружени акции се одвивале и во Неготино. Христо Чернопеев еден од учесниците во нападот на градот Неготино во својот дневник запишал дека на 19

---

јатак и курир на комитите. Таа е првата жена членка на Организацијата за Тиквешијата. Учествувала во сите акции на Организацијата и секаде каде што била потребна. Во Тиквешијата ја нарекувале “Светицата” на Тиквеш. Често била затворана и мачена со цел да каже каде се наоѓа нејзиниот син Диме. Била подложена на страшни измачувања и физичка тортура за време на Тиквешкото востание во 1913 година кога по наредба на српскиот мајор Ѓуровиќ, платеникот Ќазим ја измачувал на најсуров начин. Со цел да изнудат признанија каде се наоѓа нејзиниот син Диме била горена со вжештено железо на стапалата на нозете. На тие ѕверски инквизиции Наца мајчиниски одговорила:“ А бре синко, не знам каде е, а и да знам и прилега ли на една мајка да си го предаде синот на душманите”. За време на војната 1915-1918 се грижела за ранетите при Воената болница во Кавадарци. Петре Камчевски, Причините за Тиквешкото востание, Тиквешкото востание во 1913 година, Материјали од одржаната научна трибина на тема:”Тиквешкото..., Кавадарци 1999 година, стр. 36, Блажо Видов, Тиквешки револуционери, Револуционерните борби во Тиквешијата, Спомени и материјали, книга 2, стр. 273-277

[134] Зоран Тодоровски, Тиквешкото востание во 1913 година, Тиквешкото востание во 1913 година, Материјали од одржаната научна трибина на тема: “Тиквешкото..., Кавадарци 1999, стр. 61

[135] Катерина Тодороска, Петар Чаулев, Скопје 2015, стр. 115

јуни 1913 година добил наредба од полковникот Цеков, командант на втората бугарска бригада од втората дивизија со својата чета да тргне кон Неготино. Кога се доближиле на 2-3 километри пред Неготино му се придружиле околу 100 души вооружани момчиња, селани од Неготино. По неколкуте вооружани судири со српските војски во кои учество земале и четите на Павел Христов, Петар Чаулев, Милан Матов и Михаил Ѓурлуков како и вооружените неготински момчиња на 22 јуни 1913 година околу 11 часот влегле во градот Неготино кадешто биле пречекани од целото население на чело со свештениците и учителите.[136]

По ослободувањето на градовите Кавадарци и Неготино бил создаден револуционерен штаб во кој влегле војводите од Организацијата и месните првенци од Тиквешијата. Вкупниот број на востаници изнесувал околу 1.000 од кои 800 биле од редовите на четите на ВМОРО, додека 200 од цивилното население.[137] Востаниците биле вооружени со пушки од видот мартинки, берданки и мал број на манлихерови пушки. Во востанието непосредно учество земале жените и децата од Неготино кои деноноќно им носеле вода на востаниците. Тоа за востаниците претставувало најголем проблем поради сушата која владеела во месец јули во Тиквешкото Поле. Целото население од Тиквеш дало свој придонес во борбата против омразените власти, а меѓу најхрабрите жени во ова востание се истакнала Ефка Донова Мојсова, членка на Организацијата.

Во Тиквешијата од страна на востаниците биле ослободени над 50-тина села, односно биле ослободени селата што се простирале од десната страна на р. Вардар, од с. Паликура на север до Демир Капија на југ, и од Криволак на исток до Радња, Рожден и Мрзен Ораовец на југозапад, додека српската војска се утврдила на левиот брег на р. Црна при нејзиното влевање во р. Вардар.[138]

Петар Чаулев и Евстатиј Ѓаконот заедно со востаниците од Кавадарци и од околните села ги зазеле позициите од устието на р. Црна до с. Грбовец, во должина од околу 15 километри. По десниот брег на р. Црна до селата Рибарци и

[136] Христо Чернопеев, Дневници, спомени и документи од Балканските војни 1912/13 година, Скопје 2013, Христо Чернопеев, Опис на борбите и походите на четата од II бригада, II тракиска дивизија, од 16 мај до 27 јуни 1913 година во војната со Србите и Грците, Револуционерните борби во Тиквешијата, Спомени и материјали, книга 1, стр. 543-567

[137] Енциклопедија ВМРО 1893-1934 година, Скопје 2015, стр. 302

[138] Зоран Тодоровски, Тиквешкото востание во 1913 година, Тиквешкото востание во 1913 година, Материјали од одржаната научна трибина на тема: “Тиквешкото ..., Кавадарци 1999, стр. 65

Манастирец позициите ги заземале месните востаници предводени од Вано Рибаречки потпомогнат од четата на Е. Спространов, додека околу селата Манастирец, Сирково и Мрзен Ораовец се наоѓале четите предводени од Мишо Шкартов.[139] Токму кај селата Манастирец и Сирково се воделе тешки вооружани судири, односно два пати српската кавалерија (коњички единици) ги напаѓала востаниците кои биле одбиени и дале голем број на жртви, но не бил мал бројот на жртвите и од страна на востаниците. Жртвите кои биле дадени од страна на востаниците биле собирани и погребувани со најголеми почести.

Востаниците успешно ги држеле позициите против српските војски и покрај жестоките борби кои ги воделе. Додека се воделе најжестоките борби пристигнала информација дека долгоочекуваната IV бугарска армија се повлекла од левиот брег на р. Вардар односно од демаркационата линија помеѓу Србија и Бугарија во внатрешноста на Бугарија. Тоа го сторила бидејќи била притисната од српските, бугарските и романските армии кои навлегле на територијата на Бугарија и ќе бидат сојузници токму против бугарската армија во Втората балканска војна. При повлекувањето на бугарската армија им било наредено и на четите на ВМОРО да се повлечат во Бугарија, преку Радовиш додека некои да се вратат во своите реони. Четите на Христо Чернопеев и К. Зографов се повлекле кон Радовиш, додека четите на Петар Чаулев, Михаил Ѓурлуков и Павел Христов се повлекле во нивните реони односно кон Охрид, Прилеп, Мариово и Битола.

По повлекувањето на бугарската армија и четите на ВМОРО, востаниците биле оставени сами на себе. Тогаш српската војска придружена од четничките одреди на Василие Трбиќ и Јован Бабунски како и од турските-наемници предводени од Јаја ага започнале да ги заземаат позициите на востаниците кои биле принудени да се повлечат најпрво кон Кавадарци и Неготино, а потоа и кон планинските предели на Тиквешијата. Имено Јаја ага по дозвола од Душан Николиќ, началник на Кавадаречкиот одред со околу 250 турски четници навлегле во тиквешките села и извршиле невидени и страшни жестокости врз невиното население. Тие извршиле убиства врз жени, деца, старци, силувања, ограбувања,

[139] Исто, стр. 66

пљачкосување и палење на куќите, дуќаните и имотот на народот. Писоците кои биле испуштани од жените, децата, старците биле трогателни.

Башибозуците на Јаја ага најпрво се нафрлиле на с. Шивец кое го опљачкале и запалиле и притоа убиле 40 селани, додека во с. Курија убиле 20, а во с. Рибарци 19 селани. Тој со своите четници продолжил со извршување на ѕверствата и во Неготинската околија во која настрадале голем број на села. Градот Неготино[140] бил опожарен, а врз населението биле извршени невидени масакри. Во Неготино биле убиени 171 граѓанин, 250 куќи биле изгорени како и целата чаршија со 300 дуќани.[141]

На 24 јуни 1913 година тиквешките востаници ги напуштиле позициите, додека Револуционерниот штаб донел решение четите и вооружените востаници да даваат отпор на српските војски се додека населението не се засолни, односно не се повлече во планините. Жестоки биле борбите кои се воделе пред Кавадарци на 26 и 27 јуни 1913 година кога отпорот на востаниците бил скршен и српската војска влегла во градот Кавадарци.

Населението заедно со востаниците немоќно и панично ги напуштало своите домови[142]. Тоа се упатувало кон планината Кожув и околните села. Исплашено, разочарано и гладно населението стигнало во с. Конопиште каде бил формиран бегалски логор. Во тој логор пристигнале и четите на Петар Чаулев, Мишо Шкартов, Дончо Лазаров, Васил Чакаларов, Ефтим Спространов, Карамфилов, Ѓурлуков и Евстатиј Ѓакон каде донеле одлука жените, децата и старците да се вратат во своите домови, додека мажите да земат оружје и да пребегнат во

[140] Во Неготино турските четници предводени од Јаја ага и потпомогнати од српската војска со канти со зејтин и газја ги попрскувале куќите, дуќаните, безистенот, плевните а потоа ги потпалувале. Пламените јазици ги голтале дуќаните и домовите, но не само нив туку и луѓето што не можеле да избегаат. Пожарот се ширел на сите страни. Се слушале страотните пискотници на жени, деца, старци кои барале помош. Смртните крикови се гаснеле во огнот. Во чадот се чуствувала миризбата на изгорено човечко месо. Киро Андонов, Пане Емшов, Неготино во пламен (1912-1913), Тиквешкото востание во 1913 година, Материјали од одржаната научна трибина на тема: "Тиквешкото ..., Кавадарци 1999, стр. 106

[141] Зоран Тодоровски, Тиквешкото востание во 1913 година, Тиквешкото востание во 1913 година, Материјали од одржаната научна трибина на тема: "Тиквешкото..., стр. 69-70

[142] "Оставајќи ги домовите, голи, боси и без храна, само со една гола душа, бегале без да знаат каде точно одат. Нашиот народ без храна и облека многу се намачи. Бремени жени ги раѓаа децата по патиштата и по шумите...". Ѓорѓи Јанчев, Тиквешкото востание во 1913 година против српската окупација според Пане Поп Коцев и други учесници во востанието, Тиквешкото востание во 1913 година, Материјали од одржаната научна трибина на тема: "Тиквешкото..., Кавадарци 1999, стр. 98

Бугарија. Било решено војводите Чаулев, Каранфилов, Спространов, Чакаларов и Ѓурлуков да се повлечат во внатрешноста на планината Кожув и оттаму во мали групи да заминат во своите реони на дејствување. Васил Чакаларов на патот за Костурско кај с. Сорович е откриен и убиен од грчката војска, а неговата чета била разбиена и половината истепана. Четата на Мишо Шкартов успеала да премине во Бугарија без да даде ниту една жртва. Четата на Дончо Лазаров кон која се приклучил и комунистот Ристо Михов останала да се движи по планините во помали групи. Многу мали чети се вратиле во своите домови криејќи се од српските власти. Оние четници кои биле фатени биле ставени во затвор, а голем дел од нив биле убиени откако се обиделе да избегаат.

Населението во логорот се наоѓало во една тешка и безнадежна ситуација. Нив ги посетил ваташкиот свештеник Глигор Хаџи Јорданов, испратен од српската команда во Кавадарци за да ги убеди бегалците да се вратат во своите домови, гарантирајќи им дека српската власт нема да ги казнува. Многумина од нив поверувале и решиле да се вратат во своите домови. Една група која прва решила да се врати во своите домови била пречекана од Турци-наемници предводени од Јаја ага кај с. Моклиште и тука 18 лица биле заклани, а иста судбина ги снашло и други 19 лица кои биле убиени покрај с. Корешница.[143] И самиот свештеник Глигор Хаџи Јорданов бил уапсен од српските власти и заврзан на кол во центарот на градот заедно со уште 150 граѓани, изложени на жешкото тиквешко сонце, без храна и вода, а потоа биле одведени кај местото викано Полјаната и биле стрелани. Меѓу нив бил и учителот и трговец Тасе Бошков.[144]

За време на Тиквешкото востание биле дадени голем број на жртви и била направена голема материјална штета. Ова востание оставило пустош во Тиквешкиот округ и трајни последици кај Тиквешкото население. Според податоците кој ги дава Благој Видов во Тиквешијата вкупно биле убиени над 1.200

[143] Благој Видов, Спомени, Тиквешкото востание во јули 1913 година, Революционерните борби во Тиквешијата, Спомени и материјали, книга 1, Скопје 2001, стр. 513

[144] Бошков Тасе – учител и трговец. Тој се појавил на местото викано Полјаната откако за него српските власти пуштиле оглас дека доколку не се предаде како заложник го имале неговиот син Киро и ќе го убијеле. Откако тој ја слушнал веста решил да се предаде и да го замени неговиот син на колецот. Се појавил на местото викано Полјаната и бил ставен на колец на местото на неговиот син и бил убиен. Благој Видов, Спомени, Тиквешкото востание во јули 1913 година, Революционерните борби во Тиквешијата, Спомени и материјали, книга 1, Скопје 2001, стр. 513-515.

лица од кои во Кавадарци околу 363, во Неготино околу 263, додека во Ваташа 89. Во Кавадарци 60-тина куќи биле изгорени, додека во Неготино 1/3 од вкупниот број на куќи во градот. Најмногу настрадале селата: Мрзен Ораовец, Фариш, Глишиќ, Ваташа, Марена, Курија́та, Паликура, Рибарци, Манастирец и Шивец каде имало најголем број на изгорени куќи.[145]

По задушување на востанието српската власт објавила дека ги амнестира сите лица коишто избегале и оние кои биле осудени на смрт. При тоа од нејзина страна бил спроведен уште еден попис со цел да го натера измачуваното население да се декларира како српско. Со цел да ги избегнат повторните малтретирања, страдања и репресалии тоа се декларирало како српско.

За време на Тиквешкото востание од страна на српските власти биле извршени големи жестокости врз тиквешкото население. Голем број на лица биле убиени, мачени, жените силувани. Биле опљачкани голем број на куќи и запалени.

За Тиквешкото востание Пане Поп Коцев вели: "Ова мало востание ние го направивме без никаква помош од кого и да е и покажавме дека за нас Тиквешаните е сеедно кој е окупаторот или завојувачот, ние не трпиме туѓо па ни наше ропство па во такви случаи не не плашат жртвите кои треба неминовно да ги дадеме... Независноста за нас Тиквешаните е најскапа народна светост.[146]

Тиквешкото востание беше првото вооружено востание веднаш по завршувањето на Првата балканска војна против новите српски власти. Ова востание имало самостоен и автохтон карактер. Тоа било организирано од локалното население заедно со месните чети, а потпомогнато од страна на четите на ВМОРО. Востаниците за краток период постигнале успех против српските војски, бидејќи тие го ослободиле речиси целиот Тиквешки регион со поголемите градови и села во него како што се: Кавадарци, Неготино, с. Ваташа и др. За време на ова востание бил формиран Револуционерен штаб, одржани собранија и организирана градска управа во градовите Кавадарци и Неготино.

---

[145] Исто, стр. 521

[146] Зоран Тодоровски, Тиквешкото востание во 1913 година, Тиквешкото востание во 1913 година, Материјали од одржаната научна трибина на тема: "Тиквешкото..., Кавадарци 1999, стр. 75

По завршување на востанието за состојбата била забележана следнава констатација "Тиквеш остана гол и пуст, место славеи и косови, по војната се слушаа утање и гракање на чавките"[147].

## *1.3 Охридско-дебарско востание*

### *1.3.1 Причини за востанието*

1913 година во Македонија се случиле неколку битни настани меѓу кои се вбројуваат: Тиквешкото и Охридско-дебарското востание (Македонско-албанскиот бунт). Охридско-дебарското востание бил настан којшто се случил како директна последица од одлуките донесени на Букурешката мировна конференција.

Прични за кревањето на Охридско-дебарското востание биле:

- тешката положба во која се наоѓало населението во Македонија, како резултат на режимот спроведуван од српските власти исполнет со жесток терор и репресивни мерки;

- влошената економска состојба, гладта и сиромаштијата;

- поделбата на Македонија и воспоставувањето на новите гранични линии;.

Положбата во која се наоѓал македонскиот народ во ништо не била поразлична во споредба со положбата во која се наоѓало муслиманското население (Турци и Албанци) во Западна Македонија. Наоѓајќи се под власта на еден ист непријател, во овој случај српската власт, Македонците и Албанците започнале подготовки за ослободување од истата. Тие се подготвувале за престојното вооружено востание што ќе го кренат против српската власт есента 1913 година во Охридско-Дебарско-Струшкиот реон.

[147] Исто, стр. 73

## *1.3.2 Подготовки и тек на востанието*

На 11 август 1913 година ЦК на ВМОРО одржал советување на кое било решено да се обединат сите дејци и теченија и да се надминат недоразбирањата со цел поведување на дипломатска и вооружена борба за ревизија на Букурешкиот мировен договор.[148]

Истиот ден од името на протераното население од Македонија бил испратен Меморандум упатен до Едвард Греј, претседател на Лондонската конференција. Во Меморандумот се барало од Големите европски сили да го ревидираат Букурешкиот мировен договор и да и дадат автономија на Македонија[149]. Втората акција која ја презела ЦК на ВМОРО била испраќање на делегација предводена од Александар Балабанов, Тодор Павлов и Иван Георгов да ги посети владите на Големите европски држави и од името на Организацијата да им предаде меморандум во кој се истакнувало дека се додека не биде ревидиран Букурешкиот мировен договор од големите сили односно „Македонија не добие автономија, мир на Балканот не може да има"[150].

Откако било увидено дека борбата по мирен пат не дала никакви резултати и големите европски држави не покажале никаков интерес за ревизија на Букурешкиот мировен договор во таква ситуација не преостанувало ништо друго освен преку започнување на едно вооружено востание да се постигне посакуваната цел.

Со поделбата на Македонија, македонското прашање влегло во уште една посложена фаза, но не само на политичко поле, туку и на општествено, економско, културно. Новонастанатата положба по Букурешкиот мировен договор налагала ЦК на ВМОРО да изврши промена на воената тактика како и промена и дополнување на Уставот на Организацијата.

Целите на борбата според новиот Устав на Организацијата биле:

---

148 Зоран Тодоровски, Тодор Александров, Скопје 2014, стр 40

149 Зоран Тодоровски, Охридско-дебарското востание во 1913 година, Охридско-дебарското септемвриско востание од 1913 година, (трудови од научната конференција, одржана на 4 и 5 октомври 2013 во Охрид и во Дебар), Скопје 2014, стр. 11-12

150 Исто, стр.12

- Целта на Организацијата е автономија на Македонија, во која ќе се гарантираат правата на сите народности што живеат во неа;

- Организацијата ќе се бори со сите легални и нелегални средства за постигнување на таа цел;

- ВМОРО ќе води оружена борба против новите поробувачи со изведување на атентати на важни стратегиски и комуникациски места, ќе подготвува и ќе крева месни и општи востанија, а својата дејност освен во Македонија ќе ја развива во Србија и Грција;

- ВМОРО ќе оствари контакти со турските и албанските револуционерни комитети за заеднички дејствија против Србите и Грците;.[151]

Во Уставот понатаму се вели дека треба да се создадат мали чети од 3-5 члена кои ќе послужат како јадро за создавање на поголеми чети. Требало да се пристапи и кон организирање на селска и градска милиција, а потоа и кон воспоставување на селски, градски и околиски револуционерни комитети.[152]

Во Уставот јасно биле искажани целите на ВМОРО за нејзиното понатамошно дејствување, дека целта била ослободување и обединување на раскинатите делови од Македонија коишто и биле одземени со договорот од Букурешт. Имено ВМОРО пристапила кон подготовка на востание во Битолско-Охридско-Дебарско, а токму овој реон бил избран од следниве причини:

- ВМОРО во тој крај најмалку настрадала во споредба со другите реони;

- во Битолско и Охридско постоеле складови со оружје на Организацијата кои не биле откриени од српските власти;

- најголем дел од српската војска, полиција и контрачетите биле распоредени долж бугарската граница;.

На 21 август 1913 година ЦК на ВМОРО издал наредба до револуционерните дејци, војводи и членови на Организацијата во Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија да се започне со возобновување и организирање на организациската и курирската мрежа, да се обноват комуникациите помеѓу

---

[151]Зоран Тодоровски, Тодор Александров, Скопје 2014, стр. 41, Димитър Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981 стр. 121

[152]Димитър Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981 стр. 121

окружните, околиските и реонските комитети на ВМОРО, а војводите со четите да го подготват населението во Македонија за борба против властите .[153]

Раководството на Организацијата било во состав Тодор Александров, Петар Чаулев и Христо Чернопеев. Нивната идеја била да се подготви востание кое ќе го зафати Охридско-Битолско-Дебарскиот реон за да се изрази револт, протест против одлуките од Букурешкиот мировен договор и против новата власт во Македонија. Потреба од востание имал и Албанскиот револуционерен комитет со цел да ги принудат српските власти да се повлечат од албанската територија и албанското население да има подобар живот.

Во април 1913 година започнале прговори помеѓу ВМОРО и Албанскиот револицонерен комитет. Петар Чаулев во април 1913 година му напишал на Никола Генадиев[154] дека „Албанците испитувале терен за нова револуционерна борба против Србите и Грците".[155] Во раководството на ВМОРО на една средба во Софија било решено да се влезе во преговори со албанските револуционери, а за делегати биле избрани Петар Чаулев и Тодор Павлов. Исто така на средбата било договорено Востанието да биде кренато со знаење на бугарската влада и на нејзини трошоци, но на ваквиот нивен предлог бугарската влада не обрнала внимание.[156]

Во почетокот на јуни 1913 година бугарската влада го испратила во Албанија, Јане Сандански да преговара со албанската влада за заедничка борба против Србија и Грција[157]. Откако Србија и Грција дознале за преговорите на Сандански веднаш испратиле свои претставници во Албанија. За да го оневозможат договорот со Сандански, од српска страна на Албанија и биле ветени Дебар и Ѓаково, додека од грчка страна Корча и Ѓирокастро. По завршувањето на Меѓусојузничката војна Албанија била изоставена, не и биле дадени ветените области па тогаш Албанците одново побарале да воспостават врски со ВМОРО.

Во извештајот на бугарскиот генерален конзул Тодор Павлов до премиерот на бугарската влада Васил Радославов напишал дека: „кон средината на јуни 1913

[153] Зоран Тодоровски, Охридско-дебарското востание во 1913 година, Охридско-дебарското септемвриско востание од 1913 година, (трудови од ...) , Скопје 2014, стр. 12
[154] Генадиев Никола, бугарски министер за надворешни работи
[155] Катерина Тодороска, Петар Чаулев, Скопје 2015, стр. 121
[156] Исто, стр. 121
[157] Димитър Гоцев, Стоян Германов, Иван Илчев, Трендафил Митев, Македония История и политическа съдба (1912-1941), Том II, София 1998, стр. 41-42

година, видни албански дејци од Косово и Дебарско започнале да кројат план за општо заедничко востание против Србите во Косово и во Дебар. На советувањето кое се одржало во Валона во домот на Кемал Исмаил бег присуствувале: Иса Болетинац од Гусиње, Бајрам Цури од Ѓаково, Салих Хоџа од Елбасан и Глигор Ошавков[158] од Дебар. Исмаил Кемал настојувал на секој начин да го попречи или забави востанието, истакнувајќи дека најпрво требало да се почека на исходот од веќе започнатата војна меѓу Бугарија и нејзините поранешни сојузници.[159]

Глигор Ошавков бил убеден дека понатамошните преговори со Исмаил Ќемал се ненужни и на 12 јули 1912 година ја напуштил Валона и заминал за Тирана каде се сретнал со првенците[160] од Дебарско.

Преговорите меѓу ВМОРО[161] и Албанскиот револуцонерен комитет на чело со Сефедин Пустина биле водени од 12-17 август 1913 година во Елбасан, Албанија и завршиле со потпишување на договор за кревање на едно заедничко востание против српскиот режим во Македонија. Политичкото и военото раководство на востанието го преземала ВМОРО, а војводите Петар Чаулев, Милан Матов и Павел Христов биле писмено ополномоштени да застанат на чело на сите албански чети во реонот на Дебар, Гостивар и Кичево. Било решено востанието да започне во почетокот на октомври 1913 година, а водачите на востанието да заминат во определените реони за да го проверат оружјето и подготват населението за

[158] Ошавков Глигор, долгогодишен револуционерен деец во Дебарско и Битолско кој бил добро познат во Албанија.
[159] Катерина Тодороска, Петар Чаулев, Скопје 2015, стр. 123
[160] Тој се сретнал со Елес Јусуф од Дебар, кој располагал со 2.000 вооружени борци, Селман Алија од Долни Дебар кој располагал со 500 лица, Мерсим Дема и Селим Дема од Дебарска Малесија, располагале со 500 лица, Селим Мока, располагал со 400 лица, Али Беј Зајми од Дебар, го подготвувале за главен командант на востаниците во цело Дебарско и Казо беј од Дебар, мајор од турската армија, кого го подготвувале за началник на Штабот. На 21 август 1913 година споменатите водачи повторно се собрале и решиле секој од нив да замине во својот реон, да го разделат оружјето и муницијата на тие што немале и да им соопштеле на водачите на помалите племиња да бидат подготвени и по првиот сигнал сите заедно да се кренат. Глигор Ошавков требало да им соопшти на Македонците од Дебар да бидат подготвени и да дејствуваат заедно со Албанците. Тој требало да им соопшти на војводите Петар Чаулев и Милан Матов во Струшко и Охридско тајно да ја вооружат царската милиција и помогнати од Албанците да ги нападнат Охрид и Струга. Во Битолско востанието бил задолжен да го подготви војводата Павел Христов. Исто, стр. 123-124
[161] За водење на преговорите од страна на ВМОРО биле ополномоштени Петар Чаулев, Павел Христов, Милан Матов, Христо Анастасов, Нестор Георгиев, Антон Шибаков и др. Зоран Тодоровски, Охридско-дебарското востание во 1913 година, Охридско-дебарското септемвриско востание од 1913, (трудови од ...), Скопје 2014, стр.13

престојното востание. Во обиколка на Охридско, Струшко и Битолско заминале Петар Чаулев, Антон Шибаков, Нестор Георгиев и Павел Христов, додека во Дебарско заминале: Сефедин Пустина, Христо Атанасов и Риза бег.[162]

За започнување на востанието не биле извршени целосни и сериозни подготовки. За тој период не било нималку лесно да се собере големо количество на оружје и голем број на востаници. Најчесто оружје со кои располагале востаниците биле брзометните пушки.

Албанските групи биле собирани и организирани на албанска територија со цел да бидат префрлени во албанските краишта окупирани од српските војски. Тие откако навлегувале во окупираните албански краишта требало да го придобијат и да го организираат албанското население за престојното востание против српскиот режим. Тоа индивидуално или организирано по групи на определени места се обединувало и им помагало на востаничките чети. Имало и такви кои самостојно преземале акции против српската војска. Оружје со кое располагале биле пушките и митралези. Најчесто биле вооружани со турска пушка, но имале српска, бугарска, австриска и грчка, како и „мартинка" и „берданка". Албанските групи биле организирани и раководени од страна на посебни раководители. Тие се собирале на собранија и се договарале за натамошните акции. Албанските востаници викале на глас меѓу себе од крај во крај за да се уверат дека ги зазеле позициите. Користеле ордонанси – лица кои го познавале карпестиот терен. Ноќно време сигналот го давале со тоа што пукале во воздух, а биле забележувани и со фенери. Кога се наоѓале во ситуација да бидат во заседа, тие се разделувале во помали групи и се губеле во шумите, карпите или пештерите. Нивната најслаба точка им била снабдувањето со храна и леб.[163]

162 Димитър Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981 стр. 123-124, Риза бег од Ѓаковица, учесник во Охридско-дебарското востание. Бил противник на Бајрам Цури. Се сметал за господар на Северна Албанија. Бил противник на провизорната влада. Барал автономија на Албанија под Турски протекторат. Музафер Бислими, Септемвриското (Дебарско) востание од 1913 година и соработката со локалното македонско население, Охридско-дебарското септемвриско востание од 1913 година, (трудови од ... ), Скопје 2014, стр. 45

163 Музафер Бислими, Септемвриското (Дебарско) востание од 1913 година и соработката со локалното македонско население, Охридско-дебарското септемвриско востание од 1913 година, (трудови од ... ), Скопје 2014, 39-42

Мотивот за кревање на Охридско-дебарското востание произлегувал од лошите услови во кои живеело населението во Вардарскиот дел на Македонија, нивната чест, неподносливите репресалии, како и подебата на Македонија.

Востанието било предвидено да започне во октомври 1913 година, но неочекувано започнало еден месец порано на 7 септември 1913 година кога во с. Пешкопеја бил откриен Долнодебарскиот бајрактар Селим ага од страна на српските војски при што започнала борба.[164] За краток временски период пламнал целиот крај. Вооружени дејствија се одвивале во градот Дебар каде дел од српските чиновници биле убиени, додека дел побегнале. Два српски полка избегале, додека 420 српски војници биле заробени[165]. На 8 септември 1913 година Шакир беј му соопштил на Петар Чаулев дека востанието веќе било започнато. Тоа за брзо време се проширило во Дебарско, Струшко и Охридско. На 9 септември 1913 година градот Дебар[166] бил ослободен од страна на четите на ВМОРО во соработка со албанските чети и тука била воспоставена револуционерна власт во состав Сефедин Пустина, Христо Атанасов и Риза бег. [167]

Во градот Дебар востанието избувнало. Окружниот управител Ќирковиќ во текот на ноќта 11 с[ептем]ври се извлекол од градот заедно со митрополитот Варнава и другите чиновници и се упатил кон градот Охрид. Сликата беше колку пријатна, толку и страшна, кога човек гледа како разјарени Албанци и Бугари од

[164] На 5 септември 1913 година (ст. стил) се случила следната случка: синот на Селман Али, еден од водачите во расправија во еден дуќан бил убиен од група српски војници и офицери. Веста за убиството се проширила низ целата околија со голема брзина. Таткото на убиениот, Селман Али со желба за одмазда собрал околу 300 души од своите приврзаници и го нападнал тамошниот одред од 200 души српски војници од 19. пешадиски полк. Албанците откако ги слушнале првите пукотници, мислејќи дека тоа е сигнал за почеток на востанието му дотрчале на помош на Селман Али кој веќе започнал борба со српските војници и со заеднички сили го нападнале и уништиле целиот одред. Еден мал дел од 20 души успеал да избега кон месноста „Кјафа Були" (Смоково Грло) каде што имало 200 души српска војска. Востаниците почнале да ги прогонуваат и пред Дебар ги уништиле. Катерина Тодороска, Петар Чаулев , Скопје 2015, стр. 126

[165]Димитър Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981 стр. 124

[166] Градот Дебар бил центар на востанието. Тука била воспоставена привремена власт, бил поставен телеграф, а била отворена и болница. Од тука биле управувани сите воено и политички акции. Наим Халими, Септемврискoто востание од 1913 година, продолжение на борбата на Албанскиот народ за ослободување и за национално обединување, Охридско-дебарското септемвриско востание од 1913 година, (трудови од ...), Скопје 2014, стр. 98

[167]Димитър Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981 стр. 124

сите села вооружани кој со што имал, трчаа кон градот и оттаму кон селото Горенци, каде очајно се бореа српските војници.[168]

Покрај другото Чаулев во своите записки запишал: „Дебар ликуваше. Македонското знаме се вееше на секој прозорец. Двесте-триста заробени српски војници тивко, без да ги вознемирува некој минуваа низ градот. Народот весело и гордо се движеше по улиците и секој трчаше по ќошињата да најде некој убиен војник и да му го собере оружјето. Никакви грабежи, кражби и насилства не се случија. Загубите на Србите беа доста големи. Неколку топа беа останати како трофеи”.[169]

Во селата Рајца и Прњези, кои се наоѓале во Албанија, во близина на македонската граница, спроти планината Јабланица, биле насобрани многу албански и македонски бегалци[170], македонски чети и војводи, меѓу кои и Милан Матов, Есад-паша, поранешен султанов генерал кои биле пречекани со големо гостопримство.[171]

Откако бил ослободен градот Дебар и во него била воспоставена привремена управа востаниците Чаулев, П. Христов, Милан Матов, Нестор Георгиев и А. Шибаков брзо настапувале кон Охрид во гонењето на српските војски. Во Охридско и Струшко тие ги протерале српската администрација и војска, го заплениле четвртиот српски полк заедно со сите офицери, свештеникот и неговиот командант Спас Милоевиќ[172]. На 12 септември 1913 година четите на Петар Чаулев и Павел Христов со други востаници влегле во градот Охрид каде биле пречекани и поздравени од жителите на градот со голема радост и веселост. Во ослободениот Охрид од каде што потекнува и водачот, востаникот и ослободителот на градот била воспоставена привремена локална власт во која

[168] http://frognews.bg/obshtestvo/minalo/zapiski-petar-chaulev-ohridskoto-vastanie-1913.html - Записки на Петър Чаулев за Охридското въстание 1913 г.

[169] http://frognews.bg/obshtestvo/minalo/zapiski-petar-chaulev-ohridskoto-vastanie-1913.html - Записки на Петър Чаулев за Охридското въстание 1913 г.

[170] Бегалците, Македонците и Албанците создавале посебни штабови, но во текот на востанието двата штаба воделе разговори и како резултат на тие разговори бил формиран заеднички македонско-албански штаб, именуван како „Главен штаб на македонско-албанската побуна” со седиште во с. Рајца. Катерина Тодороска, Петар Чаулев, Скопје 2015, стр.128

[171] Исто, стр. 127-128

[172] Димитър Гоцев, Стоян Германов, Иван Илчев, Трендафил Митев, Македония История и политическа съдба (1912-1941), Том II, София 1998, стр. 43

влегле видни граѓани од самиот град како и членови на ВМОРО: Павел Христов (командант на градот), Лев Огненов (кмет), Иван Групчев, Лев Кецков (градоначалник), Петар Филев и др. На сличен начин била воспоставена револуционерна власт во Струга како и во околните села.

Во записките на Чаулев е даден и опис на ослободениот град Охрид во кои пишува: „Се си функционираше по редовен пат. Разликата беше во тоа што градот беше украсен и имаше празничен изглед со македонски знамиња. Качени на коњи, Чаулев и еден бег одеа напред, а по нив илјада души Арнаути, наредени по двајца, со пушки на рамо минаа тивко и спокојно пред публиката што ги поздравуваше. Мајката на Чаулев која претходно разбрала дека син и е убиен од Албанците и кога слушнала дека тој доаѓа, излегла на прозорецот со солзи на очите и кога го видела синот, кој за време на Уриетот ги водеше Турците, минатата година Срби, а сега една гола-боса група со тажен глас извикала: „Синко уште што ќе дочекам да видам да водиш покрај тебе?”. Тој и се насмеал и продолжил”.[173]

По ослободувањето на Охрид, Струга со околните села и воспоставувањето на револуционерната власт, востаниците ги запреле понатамошните дејствија против српската војска. Тоа била најголемата направена грешка на востаниците за време на востанието. Тие кои за кратко време постигнале големи успеси во борбите ја запреле својата иницијатива. Успехот на востаниците предизвикал голема паника и загриженост кај српската влада. Наместо да ја искористеле таквата настаната ситуација и да продолжеле со ослободување на останатите градови[174] во тој реон, тие поставиле одбрана во близина на градот Охрид по височините Буково и Петрино и очекувале напад од српските војски. Тоа изгубено време било искористено од страна на српската власт која започнала со планови за контраофанзива.

[173] http://frognews.bg/obshtestvo/minalo/zapiski-petar-chaulev-ohridskoto-vastanie-1913.html - Записки на Петър Чаулев за Охридското въстание 1913 г.

[174] Ставот на Чаулев бил да не се напаѓаат градовите за што сведочи и неговата изјава запишана во записките: „Лично јас бев против освојување на градови, затоа што тое ќе не чини доста скапо”, http://frognews.bg/obshtestvo/minalo/zapiski-petar-chaulev-ohridskoto-vastanie-1913.html - Записки на Петър Чаулев за Охридското въстание 1913 г.

Српската влада била особено загрижена околу настанатата ситуација при што преземала сериозни мерки за справување со востаниците. Имено на 11 септември издала декрет за мобилизација[175].

Српската власт се обидела да му даде наводен бугарски карактер на востанието, но во тоа не успеала, бидејќи бугарските дипломатски кругови се оградиле од било каква помош и соработка со востаниците. Додека траеле обвинувањата кој кому помагал за време востанието српската воена команда започнала подготовка за воена офанзива и за враќање на изгубените територии.

На 15 септември 1913 година во Текето било одржано заседание на кое се собрале неколку илјади вооружани востаници[176] и видни граѓани на градот Охрид. На ова заседание целиот град се прогласил за револуционерен, а за главен командант на сите вооружени сили бил избран Петар Чаулев. На заседанието било решено востаниците да тргнат кон Битола и Кичево. Пред да тргне за Кичево Чаулев извршил поделба на четите. Едната чета предводена од Антон Шибаков заминала кон местото Петрино, втората под водство на Нестор Георгиев го зазела преминот „Исток", додека третата чета била предводена од Мехмед Али се утврдила кај Буково.[177] Токму кога востаниците биле готови да тргнат кон Битолско, Чаулев добил соопштение дека по барање на српската влада, грчките војски ја преминале границата и го зазеле с. Подградец, кое се наоѓало во близина на Охрид. Тој веднаш испратил заканувачко писмо до грчкиот командант дека доколку не се повлечат грчките војски ќе бидат нападнати, при што тие веднаш се повлекле.[178]

На патот кон Кичево востаничките чети имале два жестоки судири со српската војска кои траеле две деноноќија 17 и 18 септември 1913 година. Едниот

[175] Покрај редовната армија биле мобилизирани уште 100 000 војници кои владата ги испратила во регионите зафатени од востанието. Во служба на српските војски се ставиле и четите на Јован Долгачот, Дано Стојановиќ, Михајло Јосифовиќ и др. Катерина Тодороска, Петар Чаулев, Скопје 2015, стр. 130

[176] Бројот на востаниците изнесувал 4. 000 души. Зоран Тодоровски, Охридско-дебарското востание во 1913 година, Охридско-дебарското септемвриско востание од 1913 година, (трудови од...), Скопје 2014, стр. 23

[177] Катерина Тодороска, Петар Чаулев, Скопје 2015, стр. 131

[178] Димитър Гоцев, Стоян Германов, Иван Илчев, Трендафил Митев, Македония История и политическа съдба (1912-1941), Том II, София 1998, стр. 44

судир се случил кај преминот Петрино каде се одвивала жестока борба во која четири пати српските војски настапувале и одстапувале. Четата која била предводена од Мехмед Али ги напуштила позициите и од таа страна српските војски ги нападанале востаниците што ги принудило да се повлечат кон Галичица. Тука биле дадени голем број на жртви од востаничките чети, но уште поголеми загуби имале српските војски.

Втората жестока борба се водела кај с. Иванчица во која четата на Чаулев ги разбила српските војски и на 17 септември 1913 година тој влегол во градот Кичево. На 18 септември 1913 година откако на српската војска и пристигнала на помош артилеријата, востаниците без борба отстапиле од градот Кичево. На планината Голак на 18 и 19 септември 1913 година четите на Нестор Георгиев и Антон Шибаков воделе тешки борби против српските војски. Овде на помош на српските војски им притекнале грчките војски кои од зад грб ги нападнале востаниците. Во оваа битка биле убиени 20 востаници додека од српска страна загубите биле поголеми.

Завршните дејствија меѓу востаниците и српските војски започнале на 19 септември 1913 година. На 20 септември српската војска влегла во градот Охрид и ја обновила и воспоставила српската власт.

На 18 септември 1913 година Дебар бил обиколен и нападнат од српските војски од 3 страни и тоа: од кај с. Косоврасти, од Кичево и од војските кои доаѓале од Струга. Во одбраната на Дебар голем отпор против српските војски дале водачите на албанските востаници[179].

Дебар во рацете на востаниците бил од 8 до 19 септември 1913 годиа кога повторно потпаднал под српска власт. Српските војски започнале со ограбување на скапоценостите на градот, а дел од населението започнало да се преселува во Албанија.

---

[179] Бајрактарите Тафо Тршан и Сулејман ага од Дебар, Осман бег, бајрактарот Али Пустина и Ахмед бег Заколи од Мат и Али бег Заим како и четата на Глигор Ошавков. Катерина Тодороска, Петар Чаулев, Скопје 2015, стр. 132

Петар Чаулев за бомбардирањето на Дебар запишал: „Тоа даде повод целиот народ од Дебар гол и бос, да бега и да се упати кон албанската граница”[180].

Неможејќи да ги издржат српските репресалии, голем број на македонски и албански семејства заедно со четите преминувале на албанска територија[181].

Матов во своите спомени запишал: „Никогаш нема да ја заборавам таа глетка од иљадници луѓе, христијани и муслимани, кои тргнаа по патот на разделбата со татковото огниште, и тоа повеќе пеш или најмногу на мали магарешки коли на кои, пред се, ги повеле децата и најнужното”[182].

Во една таква настаната тешка ситуација Петар Чаулев дал заповед за расформирање на востаничките чети на помали одреди. Тие требало да се распределат во реоните во Западна Македонија за повремено да ја продолжеле борбата против српските војски. Еден таков одред ја водел и последната битка против српските војки кај с. Илино, Ресенско, додека раководителите на востанието заедно со четите преминувале на албанска територија.

Во своите спомени Петар Чаулев запишал: „Приемот во Албанија, како на албанските бегалци така и на македонските бегалци и востаници не може да се опише. Македонецот кој беше гостин на Албанецот не може да се опише”[183]. Префрлувањето на четите на Албанска територија не било сметано како пораз на востанието туку како нова тактика со цел да се прегрупираат силите и да го продолжат востанието не само во Дебарско-Охридско-Струшко, туку на целата територија на Вардарскиот дел на Македонија.

Петар Чаулев испратил писмо до Крсто Станчев, тогашен бугарски амбасадор во Тирана во кое бара финансиски зредства за да го продолжи востанието. Тој во писмото го известува дека пристигнал во Елбасан со 100

---

[180] Зоран Тодоровски, Охридско-дебарското востание во 1913 година, Охридско-дебарското септемвриско востание од 1913 година, (трудови од ...), Скопје 2014, стр. 25

[181] Над 30.000 Албанци и Македонци од Дебар и Дебарско избегале во Албанија. Димитър Г. Гоцев, Национално освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981, стр. 128

[182] Зоран Тодоровски, Охридско-дебарското востание во 1913 година, Охридско-дебарското септемвриско востание од 1913 година, (трудови од ...), Скопје 2014, стр. 27

[183] Исто, стр. 28

момчиња и се криел за да не го најде некој, затоа што мислел пак да влезе и да го продолжи Востанието.[184]

Со последната битка кај с. Илино и со повлекувањето на четите предводени од војводите на албанска територија завршило Охридско-дебарското востание, или Македонско-албанскиот бунт. Со пораз на востаниците тоа било крваво задушено. При задушување на востанието српските војски извршиле невидени жестокости врз македонското и албанското население. Населението било изложено на убиства, масакри, казна затвори. Затворани биле претежно младинци, учители и попови. Населението било подложено на жестоки измачувања без разлика дали се работело за жени, мажи, деца или постари лица. Биле разурнати, запалени и опустошени голем број на села во Охридската и Дебарската околија како и во други реони.

Во Охридската околија биле изгорени над 30 села, а над 180 села биле опожарени меѓу Охрид-Дебар-Гостивар.[185] Градот Дебар за време на востанието доживел најголема катастрофа. Тој бил разурнат, а десетина села биле опустошени, опожарени и ограбени. Голем број на невини граѓани од градот биле убиени.

При одбраната на Дебар загинале над 300 вооружени четници, а стотици невини граѓани биле убиени. Во Дебарско биле убиени 246 лица, а разурнати и опожарени 1.123 куќи.[186]

Српските војски секаде каде што стигнале извршувале грабежи, мачења, убиства. На 9 номеври 1913 година во Битолскиот затвор биле застрелани 8 Македонци, бидејќи биле обвинети дека го подготвувале населението во тој крај да се крене на востание.

Српските војски заедно со контрачетите ги запалиле селата: Могорче, Косоврасти, Броштица, Кривци, Селокуки, Глобоштица, Бомово, Клење, Борово, Себишта, Горенци, Стеблово, Трбишта и др[187].

Со влегувањето во Охрид српските војски уапсиле 40 видни граѓани и ги обесиле а биле убиени и тројца свештеници, петтмина учители и околу 150 селани

---

[184] http://frognews.bg/obshtestvo/minalo/zapiski-petar-chaulev-ohridskoto-vastanie-1913.html - Записки на Петър Чаулев за Охридското въстание 1913 г.

[185] Димитър Г. Гоцев, Национално освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981, стр. 127

[186] Исто, стр. 128

[187] Зоран Тодоровски, Охридско-дебарското востание во 1913 година, Охридско-дебарското септемвриско востание од 1913 година, (трудови од ...), Скопје 2014, стр. 28

и граѓани, 50 лица Турци и Албанци, додека 150 учители и свештеници и над 50 млади луѓе биле уапсени и затворени[188]. По сите села, селаните биле собирани на сретсело и тепани со митралези.[189] Во с. Велгошти, го собирале машкото население кое не избегало, го постројувале во редици и секој петти од построените селани бил стрелан.[190]

Петар Чаулев во своите спомени ги навел селата што биле изгорени од српската војска: Дебарско – 22 села, Голо Брдо – 14, Дримкол – 1, во Река- 10 и Долни Дебар-9 села, или вкупно 56 села[191].

За репресалиите кои биле вршени од страна на српските војски врз македонското и албанското население се пишувало и во весникот „Радничке новине" во кој било објавено писмо на српски војник учесник во востанието. Во писмото војникот пишува: „Тука се случуваат страшни работи. Јас се ужасувам од сетоа тоа и постојано се прашувам, може ли човек да бид таков варварин и да го прави тоа... Можам да кажам дека Лом, село во Дебарско не постои повеќе. Сето стана труп, прав и пепел. Села кои имаа од 100-200 куќи во кои не остана апсолутно ниту еден човек. Собираат по 40-50 лица и така на куп ги бодат до еден со ножови. Вообичаено, ограбувања се вршат насекаде...[192]

Во еден извештај на бугарскиот конзул Тодор Павлов до премиерот на бугарската влада Васил Радославов бил приложен и список на опожарени села во:

- Дебарско - во 29 села, биле запалени 1.000 куќи и убиени 250 мажи, жени и деца;

- Долно Дебарско - во 20 села, биле запалени 340 куќи и убиени 200 мажи, жени и деца;

[188]Зоран Тодоровски, Охридско-дебарското востание во 1913 година, Охридско-дебарското септемвриско востание од 1913 година, (трудови од ...), Скопје 2014, стр. 29, Димитър Г. Гоцев, Националноосвободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981, стр. 127

[189] Катерина Тодороска, Петар Чаулев, Скопје 2015, стр. 134

[190] Исто, стр. 134

[191]Зоран Тодоровски, Охридско-дебарското востание во 1913 година, Охридско-дебарското септемвриско востание од 1913 година, (трудови од ...), Скопје 2014, стр. 29

[192]Димитър Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981стр. 128

- Меѓу Долен Дебар и Лом - во 36 села биле убиени 940 мажи, жени и деца (немало запалени куќи)[193];.

За тешката положба во Вардарскиот дел на Македонија пишувал и Берлинскиот весник Дојче Фонкеблат: „таму веќе нема свештеници, учителиниту пак било кои интелегентни мажи, бидејќи со цел да се спасат сите избегале во Бугарија. Единствено само мачениот, тероризиран, ограбуван народ останал во Македонија"[194].

Српските власти преку масовен терор, убиства, насилства, грабежи, пљачкосувања, опожарувања во Вардарскиот дел на Македонија се обидувале да ја задушат борбата на македонскиот народ за ослободување.

Востанието коешто избувнало еден месец после потпишувањето на Букурешкиот мировен договор било револт, негодување спрема одлуките од овој договор. Во ова востание како сојузници на Македонците учествувале Албанците и Турците. Востанието било организирано од членовите на ЦК на Организацијата, а предводено од видните дејци и револуционери на ВМОРО. Карактерот на востанието бил ослободителен. Тоа не било стихијно што може да се види од успешната соработка и борба на македонските и албанските револуционери во борба против српската власт во Македонија. Српската власт на ова востание се обидувала да му даде бугарски карактер, но во тоа не успеала. Охридско-дебарското востание било автохтоно, самостојно кое произлегувало од територијата на Македонија. Востанието иако било крваво задушено и не ја постигнало целта поради неколку причини: недостаток на оружје, неорганизираност, недоволна подготвеност, сепак борбата на населението продолжило и во периодот кој следувал.

---

[193]Зоран Тодоровски, Охридско-дебарското востание во 1913 година, Охридско-дебарското септемвриско востание од 1913 година, (трудови од...), Скопје 2014,стр. 32

[194] Димитър Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981 стр. 130

ГЛАВА ЧЕТВРТА

## ***ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ ОД МАКЕДОНИЈА ВО 1914-1915 ГОДИНА***

Со потпишувањто на Букурешкиот мировен договор не биле задоволни Балканските држави: Србија, Бугарија и Грција како и европските земји Австро Унгарија и Германија. Со овој договор Македонија била поделена. И биле нанесени долгорочни и катастрофални последици. Била поделена меѓу соседите кои воспоставиле тројна власт и чии апетити и понатаму не биле задоволени. Бугарија бидејќи го добила најмалиот дел, пиринскиот, Србија поради тоа што не го добила Солун и не излегла на Егејско Море, додека Грција затоа што сакала територијално да се прошири до Шар Планина. Австро-Унгарија и Франција не биле задоволни од договорот бидејќи ја загубиле копнената врска со Истокот (Азија), а од друга страна бидејќи балканските земји потпаднале под влијание на Русија, Велика Британија и Франција.

Европските земји поделени во два блока Централни Сили и Антантата се готвеле за нова прераспределба на светот. Имено големите империјалистички држави се бореле за освојување и проширување на нови територии, а нивните погледи биле вперени и се вкрстувале на Балканот и Блискиот Исток.

Ситуацијата на Балканот била затегната. Особено во крајно влошени и непријателски односи биле Србија и Бугарија, која за себе ја сакала целата територија на Македонија. Таа чекала погоден момент за да ја нападне Србија и да ја одземе Македонија, што и одговарало и на Австро Унгарија која сакала да го спречи проширувањето на Србија кон Вардарскиот дел од Македонија поради нејзината намера да се прошири кон Солун.

Улогата која ја имала Бугарија на Балканот им одговарала и на двата блока, бидејќи тие ги знаеле нејзините аспирации. Имено и двата блока сакале да ја

привлечат Бугарија на своја страна[195]. Бугарија на 14 октомври 1915 година и објавила војна на Србија и пристапила на страната на Централните Сили, а веднаш потоа членките на Антантата и објавиле војна на Бугарија. Србија и Грција се приклучиле на страната на Антантата со цел да ги задржат стекнатите територии. Македонија повторно станала главно боиште каде што се одвивале вооружени судири и биле концентрирани голем број на војски, а македонското население повторно на своја кожа и грб ќе ја почувствува и ќе ја изнесе Првата светска војна[196]. Тоа ќе биде втурнато да се бори во првите борбени редови за туѓи интереси и цели.

## ***1. Регрутацијата и мобилизацијата на населението од Вардарскиот дел на Македонија до октомври 1915 година***

Во Вардарскиот дел на Македонија со навлегувањето на српските војски во 1912 година започнала да се воспоставува српската власт. На 20 ноември 1913 година српскиот крал Петар I Караѓорѓевиќ со акт го извршил присоединувањето на Вардарскиот дел од Македонија кон Кралството Србија. На територијата на Вардарскиот дел од Македонија покрај извршената административна поделба, Врховната команда извршила и воено територијална поделба[197]. Откако биле

[195] Централните Сили сакале да ја привлечат Бугарија на своја страна, ветувајќи и ја Македонија под Србија како и делови од самата Србија, додека Антантата и ја ветувала Македонија под Србија и делот од Македонија под Грција, и настојувала да се обнови пропаднатиот Балкански сојуз. Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918), Скопје 1969, стр. 274

[196] На 28 јуни 1914 година во Сараево бил извршен атентат врз австроунгарскиот престолонаследник Франц Фердинанд од Гаврило Принцип, припадник на движењето „Млада Босна". Овој атентат бил искористен од Австро Унгарија и Германија како повод за напад врз Србија. На 29 јули 1914 година, еден месец по извршениот атентат, Австо Унгарија војнички ја нападнала Србија, а тоа значело и почеток на Првата светска војна 1914-1918 година.

[197] Биле формирани 5 дивизиски области: Битолската со штаб на дивизијата во Битола, Брегалничката со штаб во Штип, Вардарската со штаб на дивизијата во Скопје, Косовска со штаб во Приштина и Ибарската со штаб на дивизијата во Нови Пазар. Александар Стојчев, Македонија и Македонците во Првата светска војна 1914-1918, Скопје 2017, стр. 14

извршени овие две поделби бил спроведен попис на целокупното машко население од 15-60 години[198].

На 5 март 1914 година со наредба на министерот за војска биле формирани 3 полка од македонско-христијанско население[199]. Од територијата на Вардарска Македонија пролетта 1914 година биле регрутирани 12.000 Македонци, кои биле испратени на обука во Србија поточно во воените гарнизони во Белград, Крагуевац и Ваљево. Според еден извештај од 22 април 1915 година упатен од Военото министерство на Кралството Србија до Министерството на надворешни работи, овие воени обврзници христијани, а подоцна и муслимани, биле подложени на воена мобилизација која траела од 6-8 недели, подоцна скратена на 20 дена[200].

Незадоволството меѓу македонските регрути од ден на ден се повеќе растело, бидејќи тие српската војска ја сметале за туѓа, власта за окупаторска, а револтот кулминирл кога македонските обврзници требало да дадат заклетва пред српскиот крал Петар. Имено тие го изразиле својот револт со неизговарање и непотпишување на заклетвата. Всушност револтот избувнал во бунт на 15 април 1915 година во Крагуевац кога македонските обврзници од Брегалничкиот полк (броел 4.000 регрути) претежно од Штипско и Радовишко биле построени за да дадат заклетва, односно да ги повторуваат зборовите кои ги изговарал свештеникот, на што тие се спротиставиле дека не сакале да се колнат. Бунтот завршил со затворање на 30 бунтовници[201].

---

[198] Јасмина Најдовска, Отпретани сведоштва: војнички писма од Големата војна 1914-1918, Скопје 2008, стр. 25

[199]На територијата од Вардарскиот дел на Македонија во трите дивизиски области биле формирани три пешадиски полка: Вардарски кој бил сместен во Белград, Брегалнички сместен во Крагуевац и Битолски сместен во Ваљево со 12 баталјона, составени од по 4 пешадиски чети. По поминатата обука формираните пешадиски полка биле распоредени во поголеми форамциски единици на српската армија. Битолскиот полк влегол во состав на Дринската дивизија од прв повик, која подоцна станала дел од третата армија под команда на Павле Јуришиќ-Штурм, со задача да го брани Ваљево, Вардарскиот полк влегол во состав на Дунавската дивизија од прв повик под команда на Миливоје Анѓелковиќ, со задача да го брани главниот град Белград, Брегалничкиот полк пред почетокот на војната се расформирал и од него била формирана Шумадиската дивизија од прв повик. Јасмина Најдовска, Отпретани сведоштва: војнички писма од Големата војна 1914-1918, Скопје 2008, стр. 25, 27, Александар Стојчев, Македонија и Македонците во Првата светска војна 1914-1918, Скопје 2017, стр. 15,

[200] Јасмина Најдовска, Отпретани сведоштва: војнички писма од Големата војна 1914-1918, Скопје 2008, стр. 25

[201] За бунтот во Крагуевац, Славе Гергиев Симонов, директен учесник во Првата светска војна во своите сеќавања ќе забележи: „Во 1914 година на I март Србите ме регрутираа во 22. полк во Крагуевац-Шумадиска дивизија. Кога беше заклетвата, Штипјани одделно се заколнавме. Кога се

Голем бил бројот на лица кои бегале и ги игнорирале повиците за регрутација на српската војска. Така според известувањето испратено од Штабот на Брегалничката дивизија до началникот на Брегалничкиот округ од 27 октомври 1914 година дека од оваа дивизија побегнале 26 регрути, обврзници од Малешевскиот, Кочанскиот, Радовишкиот и Гевгелискиот Срез. Исто така се известува и за претрес во куќата на Дине, бакалџија од Штип, кој бил посочен од некои обврзници што се наоѓале на вежба за помагање на машките претствници во нивното пребегнување и игнорирање на повиците за регрутација од српската војска.[202]

Известување од 9 октомври 1914 година од Министерството за внатрешни работи со кое се дава податоци за избегнување на воена обврска на регрути од Богданци[203].

Чести биле случаевите на бегства на потенцијалните воени обврзници. Така според извештајот испратен од Военото министерство до Министерството за надворешни работи од 15 септември 1915 година се дава податоци за бегства на воени обврзници од битолскиот крај и барање да се спречи таа појава[204].

Македонското машко население негодувало и не сакало да биде дел од српската војска, бидејќи веќе било свесно дека повторно се бори за туѓи интереси. Според известувањето од началникот на Неготинскиот Срез до Министерството за надворешни работи од 21 јануари 1915 година дека машките претставници од овој крај од 15-80 години се подготвуваат масовно да ја напуштат Македонија и да пребегнат во Бугарија.[205]

---

заколнавме бевме построени сите четири баталјони. Јас баш се паднав во тој баталјон Штипски и наеднаш тој беше само од Македонија, 22. Брегалнички полк. Во 22. Брегалнички полк ние бевме, само офицери... Командант беше Михајло Ковачевиќ што го отепаа, а командант на полкот ни беше Данаил Клафатевиќ, командант ни беше Степо Степановиќ. И кога било до пола заклетва, штипјани рекоа не примаме заклетва. Офицерите не прашуваа зошто не примаме заклетва. Кажувавме, Турци не колнаа не оставија, Бугари не колнаа не оставија, Вие ќе не заколнете и пак ќе не оставите. Наеднаш се слушна ‚Доле Крал Петар!' ". Исто, стр. 27

[202] ДАРМ, м.ф 467

[203] ДАРМ, м.ф 467

[204] ДАРМ, м.ф 472

[205] ДАРМ, м.ф 472

Српската влада одлучила да изврши мобилизација во три повика[206]. Во привот повик, било повикувано само христијанското население, додека во вториот повик била извршена мобилизација без оглед на вера и националност.

Во Битолската дивизиска област биле мобилизирани 25.337 лица[207], во Брегалничката дивизиска област 11.316 лица, во Вардарската дивизиска област биле мобилизирани вкупно 16.395 лица или вкупно во II и III повик биле мобилизирани 53. 048 лица на кои откако ќе се додадат и 12.000 лица од I повик, за време на Првата светска војна во српската војска од Вардарскиот дел на Македонија биле мобилизирани 65.048 лица од кои 8.471 биле Турци и Албанци, 319 Евреи, додека 56. 258 биле Македонци[208].

Покрај извршената мобилизација, српските власти спровеле реквизиција на добитокот (коњи, волови, крави, биволи, магариња), коњските и воловските коли потоа на храната, земјоделските продукти итн[209].

Освен дивизиските форамции постоеле и помали воени форамции-одреди кои биле во состав на Третата армија. Таков бил Вардарскиот одред формиран во почетокот на 1915 година во чиј состав имало голем број на Македонци. Бил станциониран во Струмичката станица и освен што бил насочен против четите на ВМОРО коишто навлегувале во околината на Валандово, Дојран и Тиквешијата, тој имал задача да ја одбрани и границата од евентуален бугарски напад, како и да ја обезбедува железничката и патната врска Скопје-Солун, која што била од голем интерес и значење за Србија, поради воената помош која и пристигнувала од Антантата. Во почетокот на 1915 година составот на овој одред изнесувал 1.640 луѓе, додека во октомври бројот се зголемил на 5.898 лица. Војниците во овој одред биле Македонци додека подофицери и офицери биле Срби. Со овој одред командувал Јован Бабунски, а подоцна Воин Поповиќ Вук.

---

[206] Била извршена мобилизација во три повика во која биле повикувани машки лица на возраст од 20-60 години. Александар Стојчев, Македонија и Македонците во Првата светска војна 1914-1918, Скопје 2017, стр.21

[207] Со наредбата бр. 2 од 12 јули 1914 година на командантот на Битолската дивизиска област му било наредено да изврши мобилизација на воените обврзници, сточниот фонд и материјалните средства (коли, запреги). Исто, стр. 19-20

[208] Исто, стр. 21-22

[209] До декември 1914 година биле реквизирани 12.204 коњи, 5.659 волови, 1.944 магариња, 377 мазги и 1.175 биволи, потоа коли со две и четири тркала, коњски и воловски или вкупно околу 3.000 коли. Исто, стр. 22

Бројот на македонските воени обврзници бил голем. Тие земале учество во првите воени операции на српската војска и дале голем придонес во победите против австроунгарската војска во битките кај Цер[210], Дрина, Колубара како и во одбрана на градот Белград. Голем дел од нив загинале во битките.

Освен македонското население на регрутација било подложено и муслиманското население (Турци и Албанци). На 18 декември 1914 година било спроведено првото регрутирање на муслимански воени обврзници од Скопскиот, Кумановскиот, Тетовскиот Округ, брегалничката дивизиска област и битолската дивизиска област[211].

Спроведената мобилизација како кај христијанското така и кај муслиманското население не ги дало очекуваните резултати[212]. Македонците, Турците и Албанците не ја прифаќале и ја користеле секоја можност да ја избегнат мобилизацијата или да дезертираат од српската војска. Растел бројот на оние коишто не сакале да одат или пак да се вратат на фронтот, бидејќи пристигнувале ранетите и вестите од фронтот за убиените.

Бил создаден канал за организирано дезертирање на Македонците од српската армија и нивно префрлување во Бугарија. Тие биле испраќани во Бугарија без да знаат дека таму ги чека нова мобилизација. Центарот се наоѓал во Велес со кој раководеле Алексо Мартулков и Јордан Шурков. Од српската војска биле извлечени и префрлени во Бугарија 2.500 воени дезертери Македонци и Турци[213].

Според телеграмата од 3 декември 1914 година од Министерството за надвореши работи со која се потврдува дека од Велес и околината во Бугарија

---

[210] Церската битка се водела во месец август 1914 година. Во оваа битка и бил нанесен првиот голем пораз на австроунгарската војска. Била позната и како Јадарска битка затоа што се водела покрај устието на р. Јадар. Јасмина Најдовска, Отпретани сведоштва: војнички писма од Големата војна 1914-1918, Скопје 2008, стр. 27

[211] ДАРМ, м.ф 472

[212] Мобилизацијата ја игнорирале 27.789 македонски воени обврзници од трите повика, од кои најголем дел преминале на територијата на Бугарија и Грција. Од вкупно 27.789 воени бегалци, 21.106 биле Македонци, 6.302 Турци и Арнаути и 381 Евреи. Јасмина Најдовска, Отпретани сведоштва: војнички писма од Големата војна 1914-1918, Скопје 2008, стр. 28

[213] Дезертирањето беше поткрепено и од страна на граѓаните, кои сокриваа и до стотици дезертери. Сите агитираа меѓу војниците за неодење и бегање од фронтот. Акцијата добила масовен карактер и успехот бил голем што ги загрижило српските власти кои прзеле мерки за да ги откријат иницијаторите и организаторите. Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби на Македонија, Скопје 1954, стр. 294, 298

пребегнале повеќе од 800 машки лица, спроведувани од велешаните Александар Мартулков, Никола Јанчев, Јордан Шурков.[214]

Се користеле и отсуствата на регрутите, така често биле фалсификувани документи за да добијат дозвола за отсуство, а исто така за отсуство биле користени и писмата од своите најблиски кои често биле запленувани од страна на властите и цензурирани. Оние кои ја избегнувале мобилизацијата или дезертирале по нив српските власти издавале потерници за нивно враќање или ветувале амнестија доколку сами се предаделе.

Вардарскиот дел од Македонија дал голем број на воени обврзници на српската војска. Тие морале да се борат за туѓи интереси. Дел од нив не успеале да се вратат во родните места, голем дел загинале, починале, исчезнале или пак биле заробени и однесени во австроунгарските логори.

Како учесник во Првата светска војна македонскиот револуционер Алексо Мартулков запишал: ,,Мобилизираните Македонци без потребна припрема беа фрлани да се борат во првата борбена линија. За кого?! Може војната да беше популарна и оправдана за српскиот народ, но за нашиот народ таа беше тежест. За туѓи интереси ние станувавме месо на австриските топови”[215].

Во Вардарскиот дел од Македонија до октомври 1915 година била воспоставувана српската власт, која потоа била заменета со бугарската власт. Имено откако Бугарија и објавила војна на Србија на 14 октомври 1915 година и се приклучила кон Централните Сили, српските власти и војски морале да се повлечат, а Вардарскиот дел од Македонија бил приклучен кон Бугарија и била воспоставена бугарска власт.

## *2. Валандовска акција април 1915 година*

---

[214] ДАРМ, м.ф 467

[215] Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби на Македонија, Скопје 1954, стр. 291

По завршувањето на Втората балканска војна, ЦК на ВМОРО извршил промена на воената тактика и дополнување и промена на Уставот, а во јуни 1914 решил да ја активира дејноста на четите со цел да се извршат вооружени атентати против српските власти. Во текот на 1914-1915 година ВМОРО ја засилила револуционерната дејност во Вардарскиот дел од Македонија. Четите на ВМОРО во тој период извршиле бројни атентати и воделе голем број на борби против српската војска и контрачетите. Најголемата вооружена акција на ВМОРО била Валандовската акција од март 1915 година (ст. стил).

Летото 1914 година започнала Првата светска војна. Бугарија во почетокот на војната имала неутрална позиција и водела преговори со двата блока. Откако Централните сили и ја ветиле на Бугарија целата територија од Македонија таа се приклучила на нивна страна. Имено Бугарија нашла сојузник во австроунгарската влада која за разлика во периодот на Балканските војни кога се залагала за автономија на Македонија, во овој период била за приклучување на територијата од Македонија кон Бугарија. За ваквиот став на Австро-Унгарија не била запознаена ВМОРО со кого воспоставила соработка сметајќи дека со нејзина помош ќе биде извршена ревизија на Букурешкиот мировен договор и дека ќе ја добие подршка во борбите против српскиот режим во Вардарскиот дел од Македонија.

За влегувањето на Бугарија во војната требало да се најдат начини и да се создадат услови. Имено во Вардарскиот дел од Македонија четите на ВМОРО требало да извршат вооружени провокации што ќе ги предизвикале српските војски на жестокости врз невиното население, а тоа да послужело како повод за воена интервенција од Бугарија, односно за напад над Србија. За изведување на вооружените дејствија им била потребна ВМОРО раководена од Тодор Александров.

Австроунгарската влада преку бугарската влада на Радославов за изведување на вооружените акции испратила 25 милиони златни круни наменети за користење на ВМОРО[216] како и големо количество динамит. Средствата биле

[216] Виолета Ачкоска и Никола Жежов, Предавствата и атентатите во Македонската историја, Скопје 2004, стр. 192

предадени на раководството на ВМОРО на Тодор Александров и Александар Протогеров кои веднаш започнале со подготовка на четите.

Информација на Пашиќ од 10 мај 1915 година говори дека за организацијата и нападот кај Валандово и Струмица, Австрија и Германија дале 1 000 000 динари.[217].

Во овој период ВМОРО била поврзана со турски и албански комитети кои заедно дејствувале и изведувале вооружени акции против српскиот режим. Нивните врски биле зацврстени уште во времето на Охридско-дебарското востание.

Четите на ВМОРО биле подготвувани и организирани од Тодор Александров во Софија, а потоа префрлувани на територијата на Македонија под српска власт за изведување на терористички акции и атентати. Четите од јануари-март 1915 година извршиле повеќе вооружани акции во Вардарскиот дел од Македонија, што било причина српските власти да ги зголемат воените сили на граничниот појас.

На теренот на Вардарскиот дел од Македонија четите биле раководени од реонски и четни војводи. Околу 4.000 комити секојдневно биле вежбани од бугарски и турски офицери како и од македонски војводи во месеците февруари и март 1915 година во Струмица, Петрич и Мелник за упад на територијата на Македонија под српска власт.[218] Здружените чети навлегувале и дејствувале во тилот на српската војска.

Планот за изведување на вооружените акции бил подготвен од Тодор Александров со помош на Австро Унгарија. Најповолно подрачје за изведување на вооружените акции бил просторот во близна на Валандово кое се наоѓало најблиску до српско-бугарската граница. Во планот се предвидувало дејствијата да бидат изведени во два правци. Една група чети требало да го урне железничкиот мост во с. Удово со цел да се изврши прекин на железничката линија Солун-Скопје, за да го спречи снабдувањето на српската војска со оружје, муниција и храна испраќани од страна на нивните сојузници, Антантата, додека втората група требало да го заземе Валандово.

---

[217] ДАРМ, Фонд: Кралевско српско посланство Лондон (1879-1918), кут. 6, а.е 1.18.6.176/239

[218] ДАРМ, м.ф 471, В. Милевиќ, Струмица и Валандово, Бугарски упад од 20 марта 1915 година, Ниш 1915 година

Според информацијата од Пашиќ од 21 март 1915 година една чета со 2.000 лица навлегла на територијата на Македонија под српска власт. Целта и била да ја расипе железничката пруга и железниот мост меѓу Гевгелија и Скопје[219].

Нападот на четите на ВМОРО заедно со турските чети започнал на 20 март (ст.стил) 1913 година во 2 часот по полноќ со околу 3.000-3.500 луѓе[220]. Српските војски биле распоредени на граничната линија и железничките објекти и броеле 1.200 луѓе[221] меѓу кои имало и Македонци насилно мобилизирани. Целта на нападот бил да се разурне мостот кај с. Удово, бидејќи тој претставувал главна комуникација на Србија со Солун, односно со силите на Антантата. Групата вооружени четници која се насочила кон Удово броела 2.000 луѓе, додека втората група која била упатена кон Валандово имала 1.000-1.200 луѓе[222]. Изведувањето на акцијата им била доверена на војводите: Ване Стојанов, Петар Чаулев, Љубомир Весов, Стефан Алабаков, Панајот Каранфилов, Тодор Петров, Никола Лефтеров, Туше Скачков, Христо Делчев и други. Тие со 400 лица четници и 600 лица милиција, како и турската чета предводена од Хусеин Хаки беј на 20 март (ст.стил) 1915 година ги нападнале српските војски кај Валандово, Пирава и Удово.[223].

Нападот на четите на ВМОРО против српската војска се водел во два правци. Групата четници која имала задача да го минира мостот кај с. Удово што било и нивна главна цел, започнала вооружена престрелка. За време на оваа жестока престрелка на помош на српската војска и притекло граничното обезбедување и целиот 14 полк[224]. Четите на ВМОРО нападнале од сите страни и успеале да ги заземат караулите, да ги убијат граничарите и да ги заземат двата топа. Главната и жестока борба се водела на т.н 113 километар кога четите ги употребиле и двата заробени топови за уништување на мостот кај Удово. Но

---

[219] ДАРМ, Фонд: Кралевско српско посланство Лондон (1879-1918), кут. 6, а.е 1.18.6.168/229

[220] ДАРМ м.ф 471, В. Милевиќ, Струмица и Валандово, Бугарски упад од 20 марта 1915 година, Ниш 1915 година

[221] Виолета Ачкоска и Никола Жежов, Предавствата и атентатите во Македонската историја, Скопје 2004, стр. 193

[222] ДАРМ м.ф 471, В. Милевиќ, Струмица и Валандово, Бугарски упад од 20 марта 1915 година, Ниш 1915 година

[223] Димитър Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981, стр. 147

[224] Виолета Ачкоска и Никола Жежов, Предавствата и атентатите во Македонската историја, Скопје 2004, стр. 195

српските војски успеале да се приберат и консолидираат и започнале контраофанзива околу 11 и 30 часот на 2 април 1915 година[225]. Четите и селската милиција на ВМОРО биле принудени да се повлечат преку граничната линија. Четите на ВМОРО не ја извршиле целосно задачата, иако тие се доближиле до мостот во с. Удово не успеале да го урнат и да го оневозможат за употреба на српските војски.

Втората група четници на ВМОРО со број од околу 1.000 лица се упатила во правец на селото Пирава и Валандово. Четите на ВМОРО успеале да го опколат Валандово и да го скршат отпорот на српската војска која била раководена од мајорот Михајло Милијашевиќ кој за одбрана на Валандово располагал со 120 војници[226]. При одбрана на градчето Валандово се воделе жестоки борби. Четите на ВМОРО заедно со турските единици постигнале успеси против српската војска. При одбраната на Валандово бил ранет мајорот Милијашевиќ[227], додека потпоручникот Лазар Филиповиќ бил убиен, па на негово место бил поставен Петра Окичиќ.[228] Четите на ВМРО и селската милиција влегле во Валандово и го зазеле градот во раните утрински часови на 2 април 1915 година. Оваа група на четници која успеала да ги протера српските војски од Валандово и да го заземе градот била предводена од војводата Стојче, бугарскиот капетан Тома Икономов и поручниците Николов и Казаков и турскиот капетан Хусеин ефенди.

Според информацијата дадена од Пашиќ од 12 април 1915 година дека покрај останатите војводи, нападот кај Валандово го организирале и раководеле Чаулев и Стеван Оџата[229].

---

[225]Исто, стр.195

[226] ДАРМ м.ф 471, В. Милевиќ, Струмица и Валандово, Бугарски упад од 20 марта 1915 година, Ниш, 1915 година

[227] Михајло Милијашевиќ-мајор кој учествувал во Валандовската акција при одбраната на Валандово. Тој ги предводел српските единици кои биле 120 на број. Во борбата кај Валандово бил ранет, но потоа и загинал. Неговото тело од страна на четниците било унаказаено. Тие му го отсекле десното уво, му го одзеле златниот часовник, ланецот и хартиите во вредност и му ја скиннале униформата. ДАРМ м.ф 471, В. Милевиќ, Струмица и Валандово, Бугарски упад од 20 марта 1915 година, Ниш 1915 година

[228] Мајорот Милијашевиќ и командирот на граничните чети Лазар Филиповиќ и уште еден потпоручник командир на четите погинале, додека Окичиќ бил тешко ранет. ДАРМ м.ф 471, Извештај до Министерството за надворешни работи од 23 март 1915 година

[229] ДАРМ, Фонд: Кралевско српско посланство Лондон (1879-1918), кут. 6, а.е 1.18.6.180/243

Според информација на Пашиќ од 10 мај 1915 година нападот го извршиле меѓу останатите војводи и Лефтеров, Стојан Мишев и офицерите Петров и Мишков кои и порано имале извршено атентат на мостот кај 113 километар.[230].

По заземањето на Валандово бил одржан митинг на кој војводите говореле пред насобраните граѓани дека наскоро цела Македонија ќе биде ослободена од српското ропство[231].

Здружените чети се повлекле од градот во вечерните часови уште истиот ден на 2 април 1915 година, откако ја добиле информацијата дека на српската војска и пристигнало засилување. Тие се повлекле на бугарска територија и со тоа бил ставен крај на оваа вооружена акција, која имала за цел да ја вовлече Бугарија во Првата светска војна на страната на Централните сили.

Според извештајот од 25 март 1915 година испратен до Министерството за надворешни работи во кој се дава меѓу другото и податоци за турското население од Валандово и неколку христијани кои заминале заедно со комитите во Бугарија. Целото население од турското село Раброво кое се наоѓало во близина на Валандово со себе ја понело стоката и заминало со комитите.[232]

Здружените чети го однеле со себе населението од турските села: Пирава, Раброво, Татарли, Дедели, Брајковац, Горња Собра, Ќајали, Мемишли, Чалкали и Орманли или вкупно повеле 2.342 лица од селата со добиткот и покуќнината.[233]

Според извештајот од 25 март 1915 година испратен до Министерството за надворешни работи во кој меѓу другото се дава податоци дека во Валандово и околината каде била водена борбата вкупно биле собрани лешеви на 108 загинати војници. Телата им биле ужасно масакрирани. Лицата им биле сечени со ножеви. Загинати комити не биле најдени, но ги имало во многу мал број и при повлекувањето ги однеле, како и ранетите кои биле на приближно 70-80 на број. Од цивилното население било убиено едно дете.[234]

---

[230] ДАРМ, Фонд: Кралевско српско посланство Лондон (1879-1918), кут. 6, а.е 1.18.6.176/239

[231] ДАРМ м.ф 471, В. Милевиќ, Струмица и Валандово, Бугарски упад од 20 марта 1915 година, Ниш 1915 година

[232] ДАРМ м.ф 471, Извештај од 25 март 1915 до Министерството за надворешни работи

[233] ДАРМ м.ф 471, В. Милевиќ, Струмица и Валандово, Бугарски упад од 20 марта 1915 година, Ниш 1915 година

[234] ДАРМ м.ф 471, Извештај од 25.03.1915 година до Министерството за надворешни работи

Извештај од 23 март 1915 година бил испратен до Министерството за надворешни работи за убиените и масакрирани војници кај Струмица. Имено се даваат податоци за 50 масакрирани српски војници кои од предната страна по образите и стомакот биле искасапени со ножеви. Кај Ќуприја во колиба биле изгорени 5 живи војници.[235]

Валандовската акција бил однапред утврден настан од страна на Австро Унгарија во соработка со бугарската влада и раководството на ВМОРО. Таа била замислена и подготвена со определан цел. Оваа вооружена акција требало да и послужи на Бугарија како причина за да ја нападне Србија и да влезе во војната на странаат Централните сили. Главната цел била да се разурне мостот кај с. Удово со цел да се прекине со достава на помош на српските војски од страна на нивните сојузници, Антантата. При изведувањето на оваа акција четите имале одлична дисциплина за време на борбата, добра сигнализација, одстапувале од борба во потполн ред. За време на оваа акција мал бил бројот на четници кои загинале.

За време на Валандовската акција се воделе жестоки борби за остварување на различните интереси на земјите кои биле вмешани во оваа акција. Србија се борела за зачувување на статус квото, односно за задржување на поставената граница, целта на Бугарија била да ја добие цела Македонија ветена од страната на Централните сили, додека раководството на ВМОРО постигнување ревизија на Букурешкиот мировен договор.

[235] ДАРМ микрофилм 471, Извештај од 23.03.1915 година до Министерството за надворешни работи

ГЛАВА ПЕТТА

## ***ЗДРАВСТВОТО ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ ОД МАКЕДОНИЈА 1912-1915 ГОДИНА***

Балканските војни претставуваат најмрачното минато во историјата на Македонија. Тие оставиле пустош и катастрофални последици на нејзино тло. Не останало ниту град, ниту село, ниту пак куќа, а да не биде разрушена. Не се слушале ниту веселби, не била забележана ниту насмевка на лицата кај населението кое по војните живеело во крајно тешки економски услови. Животот на населението во Македонија по војните станал борба за егзистенција. Биле нанесени големи материјални штети, уништено земјоделство, сточарство, стопанство, трговија и др.  Оставено гладно, босо без основни елементарни услови за егзистенција и борба со заразните болести кои во тоа време земале голем замав. Во Македонија се случувала една невидена трагедија, од една страна борбата против непријателот, а од друга борбата за живот и борбата против епидемиите од колера и пегав тифус.

Здравствената состојба на населението во Македонија била загрижувачка и алармантна која се должела на повеќе фактори како: недоволна медицинска заштита, непреземање на превентивни мерки, слабата исхрана, лошите хигиенски услови во домовите, користењето на загадена вода за пиење (биле користени бунарите во чија близина биле поставени санитарните јазли) итн. Сето тоа довело многу лесно да се развијат голем број на заразни болести и да прераснат во епидемии.

Поради појавата на болести и поради потребата за лекување на ранетите војници голем број на училишни згради биле претворени во болници, бидејќи воените болници во Битола, Скопје, Штип, Струмица и Дебар биле недоволни. Биле формирани и уредувани територијални, привремни, постојани, полски и други

болници на целата територија на Македонија. Најголемата и најдобро опремената воена болница била во Битола и располагала со 560 постели[236].

Во Битола ранетите и болните војници се лекувале и во патријашиската болница „Благовештение", болницата за сиромашното население „Гураба Хаста Хане", болницата за кожно венеричните болни „Франги Хаста Хане", болница за психички болни „Тимар Хане", како и во привремените, резервните воени болници, болниците на странски хуманитарни мисии, болниците на Црвениот крст итн, а од 1912/13 година била користена и новоформиранта Општинска болница во зградата на Егзархиската гимназија во Битола[237].

Во Скопје за време на војната функционирале: турската воена болница на Калето, турската граѓанска болница „Црвена Полумесечина", новоформираната привремена општинска болница сместена во просториите на српската гимназија како и главната Српска воена болница која подоцна била сместена во просториите на старата турска болница на скопското Кале[238].

Домашните санитетски кадри во тој период не ги задоволувале потребите. Бројот на лекари во српскиот санитет бил многу мал за да може да ги задоволи потребите во една таква воена прилика[239].

Во Македонија за време на војната пристигнале голем број на странски лекари кои несебично се вложувале и им помагале на ранетите, заболените војници како и на цивилното население. Тие излегувале и на терен со цел да се справат со нечистотијата и заразената вода од бунарите.

Во 1912 во Македонија пристигнала мисијата на Велшкиот Црвен крст заедно со Шкотската мисија сместени во болницата „Црвена Полумесечина". Руската болница во Скопје била сместена во Султанското училиште во Скопје, потоа заменета со Британската санитетска мисија. Во Македонија во текот на 1912-

[236] Петар Бојаџиевски, Рената Бојаџиевска-Цветковска, Воениот санитет за време на балканските и Првата светска војна, Зборник на трудови, Трет Македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, Штип 2008, стр. 366-368

[237] Верица Јосимовска, Епидемиите во Вардарскиот дел на Македонија и борбата со нив за време на војните (1912-1918), Штип 2014, стр. 17

[238] Исто, стр. 16

[239] Српскиот воен санитет располагал со 370 лекари, 60 биле санитетски офицери и 310 цивилни лекари од нив 16 жени што не било доволно за 400.000 мобилизираните војници, кои заедно со цивилното население страдало од воените операции и заразните болести. Исто, стр. 15

1913 година пристигнале и дале голема помош: 9 мисии на рускиот Црвен крст, 4 санитетски мисии на белгискиот, 1 мисија на италјанскиот, 2 мисии на британскиот, 1 мисија на шкотскиот, 1 мисија на францускиот, 3 мисии на данскиот, 3 мисии на шведскиот, 3 мисии на норвешкиот, 3 мисии на холандскиот и 2 мисии на американскиот Црвен крст[240].

Во Македонија пристигнале и голем број на балкански и европски лекари. Така на пр. од Хрватска пристигнале 30-тина лекари, индивидуално или екипно меѓу кои биле: екипата на д-р Јулије Будисављевиќ, екипата на д-р Ватрослав Флоршутц, екипата на д-р Спишиќ, индивидуално учествувале д-р Фигатнер, д-р Гутши (се истакнал во борбата против колерата), д-р Станковиќ и др. Од Словенија како доброволци учествувале: д-р Е. Шлајмер и д-р Оражен[241].

Голама била помошта што ја пружале санитетски мисии од европските и балканските земји како и помошта на лекарите-доброволци кои несебично се вложиле и дале свој огормен доприност при лечењето на ранетите и заразените војници како и на целокупното население зафатено од болестите.

## *1. Колерата во Вардарскиот дел од Македонија*

За време на Втората балканска војна која пламнала во околината на Штип се се раширила болеста-колера. Таа била донесена од страна на бугарските војници од Тракија за време на Брегалничката битка. Во околината на Штип колерата земала голем замав, а населението лесно станало нејзина жртва поради исцрпеноста од војните, гладта и лошите хигиенски услови. Живеело во нечисти домови со најниско ниво на лична хигиена. Санитарните јазли биле во близина на бунарите од каде што ја црпеле водата за пиење. Тоа биле идеални услови за развојот на разни болести. Воениот санитет не бил во состојба да и се спротистави на епидемијата

[240] Исто, стр. 23
[241] Исто, стр. 23-24

која во тој период царувала и одзела голем број на животи. Превентивните мерки кои биле превземени од страна на военоит санитет биле незадоволителни со самиот факт што тој не располагал со доволно санитетски материјал, бактериолошки лабаратории, искусни бектериолози, дезинфекциони средства, лекови, вакцини и серуми како и шатори и бараки за изолација на заразените. Поради незнаењето како превентивно да се делува против колерата таа направила пустош по долината на Брегалница[242].

Веста за појавата на епидемијата по долината на р. Брегалница се нашла и на првите страници од дневниот печат во речиси сите европски држави со написи: "Колерата ја пустоши Македонија", "Мртвите војници лежат згрчени во рововите", "Жртвите од колера меѓу населението лежат по патиштата", "Жртвите од колера поголеми од жртвите од војната" итн.[243]

Извештај за епидемијата од колера дал бриселскиот професор д-р Лоран во кој вели: "80.000 мртви војници останаа на бреговите на Брегалница. За развојот на епидемијата од колера се добива објаснување кога се оди по патот од Штип за Кочани, и од едната и од другата страна на бреговите на Брегалница се гледаат логорите за колерични болни. Бугарските војници преку Тракиската пустина ја донесоа оваа болест, водата од изворите и сите рекички во околината се загадени и заразени со колера. По тридневните битки што се водеа, војниците жедни минувајќи ја реката Брегалница ја користеа нејзината вода за пиење. После пет дена болеста започна со видливи знаци и прерасна во епидемија".[244]

Македонскиот револуционер Алексо Мартулков бил замолен од страна на градоначалникот на Штип да стане градски комесар со задолжение да преземе мерки за запазување на хигиената со цел запирање на заразните болести. Тој во своите спомени запишал: „Секој ден во Штип имаше 50–60 смртни случаеви од колера меѓу војниците. Секој ден нивниот број растеше. Во прво време, дури имаше штици во градот, правевме сандаци за погребување на умрените, но кога

[242] Долината на Брегалница се претворила во заедничка гробница на разни националности, а со нив и членови на добртворни санитетски мисии од Европа и светот, воени известувачи и набљудувачи. Јосип Јосимовски, Верица Јосимовска, Колерата 13-та година во Брегалничкиот регион, Зборник на трудови, Прв македонски конгрес за историја на медицината, Штип 2001, стр. 92
[243] Исто, стр. 93
[244] Исто, стр. 93

веќе немаше штици ги погребувавме без сандаци. Жртвите беа огромни. Дури и сега кога ќе си спомнам за тие тешки денови косата ми се крева“.[245]

Извештај за состојбата во Штип дал и окружниот началник кој пристигнал на должност во градот на 16 јули 1913 година во кој вели: “Кога дојдов на должност го најдов градот речиси празен. Населението дали се сокрило по куќите и не излегува или се разбегало каде ќе стигне, така да во градот нема каде кафе да се напиеш, ниту стан да најдеш или било каква услуга или удобност. Никаде нема работилници отворени, освен аптеката. Многу од куќите од топовските гранати се разрушени или оштетени. Во градот владее мртвило...”.[246]

Сеќавања за колерата во Штип дале и старите штипјани за која велат: за време на колерата во градот на неколку места имаше ископано големи дупки полни со свежо гасена вар во кои, по наредба на санитетот и властите болните од колера ги фрлаа живи, со оправдување да не се шири епидемијата. Дупките со вар останаа заеднички гробници на војниците, цивилното население, санитетските мисионери-доброволци. Тие понатаму се сеќаваат на војниците во рововите како со стиснати пушки во згрчените раце останале плен на кучињата и гавраните. Со денови црвенилото на водите на р. Брегалница не се бистрело и неуморно, и ден и ноќ, Брегалница влечела илјадници надуени трупови-жртви на безмилосната колера.[247]

Што било по трагично за време на Брегалничката битка? Дали жртвите кои паднале од војната или жртвите кои ги земала колерата? Со самиот факт што колерата косела се пред себе не бирајќи дали се работи за српски, бугарски војски или пак за цивилното население, лекари, болничари од амбулантите и болниците како и лекари од странските мисии и хуманитарци, бројот на починати од колера бил поголем во однос на жртвите од војната.

Освен во Штип епидемијата од колера била раширена на целата територија на Македонија. Тодор Поп Антов заедно со сопругата доброволно учествувале во справувањето со болеста. Тој во своите спомени пишува за колерата која го зафатила Кочани и го дал следниот опис: „Бев задолжен заедно со студентот по

---

[245] Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби во Македонија, Скопје 1954, стр. 272

[246] Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914, Скопје 1979, стр. 258

[247] Јосип Јосимовски, Верица Јосимовска, Колерата 13-та година во Брегалничкиот регион, Зборник на трудови, Прв македонски конгрес за историја на медицината, Штип 2001, стр. 95-96

медицина Проевски од Ресенско да преземеме мерки за локализирање на болеста. Мојата задача беше умрените од колера веднаш да се кренат и да се дезинфицира просторијата од каде што е однесен умрениот. На располагање имав двајца боси Цигани, кола со еден коњ и колар. Во колата носевме бели чаршафи, натопени во раствор од вар. Ми соопштуваа каде (улица и број) има мртовец. Одев со Циганите, колата, чаршафите и со ситна негасената вар, во куќата, или во куќите (за повеќе умрени) и јас влегував прв. Носев чизми и во една рака шише вода со карбол. По мене доаѓаа двајцата Цигани и телото го завиткуваа со чаршафот и така го внесуваа во колата и потоа ги носеа умрените недалеку од градот, зад ридот и таму во една нива гробарите ги погребуваа. Тоа траеше доста време. Се сеќавам дека од едно влашко семејство кренавме тројца умрени од колера. И сега ми е пред очи еден случај со еден млад Влав, сопственик на многу овци, кој одејќи кај трлото овци што беше над нивното маало, падна со лицето на земјата и умре. Јас бев изложен на голема опасност од заразување, зошто влегував во допир со умрени од колера. Со карболната киселина си ги намачкував устата и рацете. И покрај сите мерки на претпазливост симтомите од таа болест се појавија и кај мене. Се разболе и мојата сопруга, но од самиот почеток презедовме мерки на претпазливост и го запревме развојот на болеста“.[248]

Во телеграмата од 13 август 1913 година Самерс, американски конзул во Белград известува дека во Македонија има 50.000 болни и ранети, 30.000 семејства со разорени домови и без глава на семејството, семејства без дом и родители, 8.000 заробеници, 18.000 мртви и епидемија од колера која ја пустоши Македонија. [249] Тој во целост го информирал Стејт департментот за колерата во Македонија и барал што е можно побрзо да се упатела помош.

Во Вардарскиот дел од Македонија за време и по Балканските војни ситуација била загрижувачка. Епидемијата од колера и појавата на други заразни болести направиле пустош. Невозможноста на домашните санитетски кадри да се справат со таквата ситуација, било причина на помош да притекнат многу здравствени организации, поединци, доброволци, хуманитарци од европските и

[248] Зоран Тодоровски, Тодор Поп Антов, Спомени, Скопје 2002, стр. 180-181
[249] Верица Јосимовска, Епидемиите во Вардарскиот дел на Македонија и борбата со нив за време на војните (1912-1918), Штип 2014, стр. 43-44

прекуокеанските земји. Помош пристигнувала од Србија, Хрватска, Словенија, Русија, Америка, Шкотска, Британија, Швајцарија итн.

## *2. Епидемијата од пегав тифус 1914-1915*

По завршувањето на Балканските војни следел период од затишје како од воени операции така и од епидемии. Но тоа затишје траело краток временски период. Сеуште биле свежи раните кај населението во Македонија од пустошта што ја направија Балканските војни, а веќе на повидок била нова војна Првата светска војна 1914-1918 која носела со себе и нова болест. Всушност се работи за болеста дамчест или пегав тифус која се појавила кон крајот на 1914 година. Епидемијата од дамчест тифус, или пегавец го достигнала својот максимум во почетокот на 1915 година. Болеста освен војската го зафатила и цивилното население. Од вкупно 600.000 заболени во текот на Првата светска војна од епидемијата  пегав тифус починале 150.000 луѓе[250].

Болеста земала голем замав и се ширела поради лошите хигиенско-епидемолошки прилики за кои дал опис санитетскиот полковник д-р Владимир Станојевиќ кој запишал дека војската била густо збиена во нечисти простории, без основни средства за лична хигиена, алишта за преслекување, без бањи, перални и без сапун. Во вакви нехигиенски услови се појавиле и вошките кои лесно се пренесувале од еден на друг. Војската била во контакт и со воените заробеници и населението кое се наоѓало во уште полоши нехигиенски прилики. Во болниците било најлошо, бидејќи таму лежеле заедно ранетите, воените заробеници и болните од заразни болести. На железничките станици се забележувала маса од заболени чија облека вриела од вошки. Железничкиот сообраќај претставувал расадник на болеста. Во вагоните се чуствувал мирисот на нафталин и камфор со цел инфекцијата да се спречи, но се било залудно. По железничките центри и

[250] Боро Николовски, Прилози за историјата на здравствената култура на Македонија, Скопје 1995, стр. 261

раскрсници се забележувало маса на луѓе кои немале домови и спиеле по подовите, клупите и чекалните.[251]

Од епидемијата пегав тифус починале голем број на војници, цивилно население, болничари, лекари итн. Градот Битола во тој период бил претворен во најголем санитетски центар од причина што во постојаната воена болница и во резервните болници биле сместени 4.114 ранети и болни[252]. Во градот имало недостаток од лекари, а за краток период Битола останала без своите искусни лекари кои подлегнале на болеста меѓу кои биле: д-р Ставро Нале (пегавец, 1913), д-р Аврам Балабан (пегавец, 1913), д-р Александар Протиќ (пегавец, 1915), д-р Тома Абраши (пегавец, 1915), д-р Димитри Воинидис (пегавец, 1915) д-р Јован Димитријадис (пегавец, 1915), д-р Поп Манојловиќ Манојло (пегавец, 1915) и др[253].

Веста за страотната состојба во Македонија се проширила низ целиот свет. Помош од медицински персонал, лекови, храна пристигнувала од целиот свет па дури и од прекуокеанските земји. Во Македонија одново на помош притекле многу здравствени екипи, доброволци, хуманитарци да му дадат несебична помош на напатеното и намаченото македонско население.

Во септември 1914 година прва пристигнала санитетската мисија на Рускиот црвен крст. Добротворни медицински мисии упатила и Велика Британија. Хуманитарните британски организации Друштовото на Шкотските жени и Српскиот потпорен фонд, создадени од страна на британските жени од Лондон и Единбург. Непроценлива била помошта што ја давала жената која како лекар, медицинска сестра несебично се вложила и помагала на војниците на фронотвите и на населението. Една од тие жени била и Лејла-Леди Пеџет[254].

---

[251] Верица Јосимовска, Епидемиите во Вардарскиот дел на Македонија и борбата со нив за време на војните (1912-1918), Штип 2014, стр. 81-83

[252] Исто, стр. 85

[253] Петар Бојаџиевски, Рената Бојаџиевска-Цветковска, Воениот санитет за време на Балканските и Првата светска војна, Зборник на трудови, Трет македонски конгерс за историја на медицината со меѓународно учество, Штип 2008, стр. 370

[254]Сопруга на Сер Ралф Пеџет, британски дипломат, пратеник на Велика Британија во Белград.. Мисионерка на “Српскиот потпорен фонд” од Лондон која организирала болница со 500 легла во турската воена болница “Полумесечина” во Скопје. Болницата била добро снабдена со лекови и санитетски материјал. Жена-мисионерка која тешко се разболела од пегавиот тифус. Боро Николовски, Прилози за историјата на здравствената култура на Македонија, Скопје 1995, стр. 258-259, Верица Јосимовска, Епидемиите во Вардарскиот дел на Македонија и борбата со нив за време на војните (1912-1918), Штип 2014, стр. 95

Првата единица на Српскиот потпорен фонд под управа на Пеџет пристигнала во Скопје на 17 ноември 1914 година со 270 постели комплетно опремена за хирургија. Кога пристигнала во воената болница во Скопје веднаш организирала чистење на просториите и нивна дезинфекција поради лошата состојба, а ранетите ги прифаќале во запуштена состојба, нечисти, исцрпени и со рани кои не им биле преврзувани со денови, а кај некои и со месеци.[255]

Втората единица на Српскиот потпорен фонд во Скопје пристигнала на 13 февруари 1915 година, составена од 46 члена и 150 болнички постели.[256] Третата единица на Српскиот потпорен фонд пристигнала во Скопје во април 1915 година која со себе донела добро опремена болница со 60 шатори, 300 постели, постелнина, ќебиња, лекови, санитетски материјал, апарати за дезинфекција, подвижни бањи и тоалети, комплетна кујнска опрема и неколку амбулантни возила.[257]

За време на епидемијата од дамчест тифус во Скопје работеле 6 болници кои биле преполни со болни. Во болницата на Пеџет во Скопје во јануари 1915 година имало 600 пациенти заболени од дамчест тифус, а меѓу нив била и самата Пеџет заедно со 16 членови од нејзината медицинска екипа[258]. Пеџет сведочи за тешката судбина на населението во Македонија за време на епидемијата од тифус за која вели: „Студот стануваше се посилен, а снегот подебел. Тоа некако не спаси од понатамошно ширење на инфекциите. Стотици незакопани коњи, мазги, волови и биволи лежеа расфрлани пред болниците, најверојатно убиени од пукотниците, сурии разбеснати кучиња и гаврани кинеа парчиња од нив. Истото се случуваше и со војниците и другите цивилни лица. Немаше кој да ги закопа и така остануваа таму каде што се нашле. Малкумина останаа да се грижат за живите, а умрените и не доаѓаа на ред. Смрадот беше ужасен но со време сетилата ни станаа толку тапи што почнавме да не го чуствуваме сиот тој трулеж"[259].

---

[255] Верица Јосимовска, Епидемиите во Вардарскиот дел на Македонија и борбата со нив за време на војните (1912-1918), Штип 2014, стр. 95-96
[256] Исто, стр. 108
[257] Исто, стр. 109-110
[258] Исто, стр. 98
[259] Исто, стр. 100-101

Кон крајот на јануари 1915 година пристигнала Француската лекарска мисија, а во февруари 1915 година владата на В. Британија испратила своја воена мисија од 22 санитетски поручници кои имале задача да изготват превентивен план со цел да го запрат натамошното ширење на болеста.

За разлика од Француската и Руската мисија која исклучително се занимавале со лекување на заболените, Британската мисија организирала планска работа за спречување на епидемијата. Имено д-р Хантер изготвил превентивен план, а додека д-р Стамерс конституирал импровизиран барел-дезинфектор[260].

На целата територија на Македонија освен епидемијата од пегав тифус населението требало да се бори и проти останатите болести како што биле дизентеријата, стомашен тифус, повратна треска, тетанус итн. Трагична била судбината на населението во Македонија во период од 1912-1915 година кое освен со непријателот се борело и против епидемиите од колера и дамчест пегавец, кои одзеле голем број на животи и направиле пустош.

За спречување на болеста од пегав тифус во САД добротворна помош собирала и Мабел Данлоп Груиќ, сопруга на српскиот амбасадор во Вашингтон. Како големи хуманитарци се истакнале и Џон Фротингхам, заедно со својата сестра Елизабета и сопруга Јелена Лозанчич[261]. Помош дале видни личности од Америка меѓу кои бил и научникот Михајло Пупин. Несебична помош дале и лекарите кои

[260] Наместо пропишаните парни дезинфекциони апарати на пареа за уништување на вошките д-р Стамерс конструирал импровизиран апарат познат како „српско буре" или како „партизанско буре", кој се покажал многу ефикасен. Тоа било обично буре со продупчено дно, поставено над казан со зовриена вода. На тој начин пареата ги уништувала вошките на алиштата и постелнината.Со помош на него во 1915 година вошките биле уништени, а болеста пегавец била запрена. Исто, стр. 91

[261] Џон Фронтингем во Скопје испратил комплетна опремена хирушка болница снабдена со голема количина на санитетски материјал, лекови, хирушки материјали, опрема за 200 легла. Болницата била поделена на два дела, дел бил стациониран во Скопје со повеќе од 100 легла, додека друг дел во Гевгелија. Џон Фронтингем во Македонија се истакнал како голем хуманитарец. Тој посебно се посветил во давањето помош на децата-сираци кои останале без родители и шетале незаштитени по селата, градовите и патиштата. Со цел да им помогне и да им овозможи покрив над главата и услови за живот тој во Гевгелија формирал "Дом на Џон Фронтингем" за воени сираци, каде биле сместени децата-сираци и ја добивале потребната грижа. Децата-сираци од Гевгелија подоцна биле префрлени во Јужна Франција каде постоел друг "Дом на Џон Фронтингем", а по завршувањето на војната биле упатени во третиот "Дом на Џон Фронтингем" кој се наоѓал во Сремска Каменица во близина на Белград. Во домовите им била пружана секаква помош, биле школувани и воспитувани да станал добри личности се до нивната 18 година, а целиот нивен престој до таа година паѓала на товар на Џон Фронтингем. Вкупната бројка на деца сираци во домот на Џон Фронтингем изнесувал 2.850. Ѓорѓи Чакарјаневски, Тодор Чепреганов, Добротворната мисија на Јелена Лозанчич-Фронтингхам во Првата светска војна, Зборник на трудови, Трет Македонски конгрес на медицината со меѓународно учество, Штип 2008, стр.189-190

пристигнале од Торонто, Монтрал и Ванкувер. Со свои активности се вклучил и Меѓународниот црвен крст.

Помошта која пристигнувала била добредојдена во секој момент, час бидејќи состојбата била крајно алармантна во која страдале голем број на човечки животи, мажи, жени, старци, а пред се децата оставени сами и незаштитени биле невини жртви на војната.

Условите во Македонија за време на епидемијата од тифус ги опишал и Томас Липтон кој вели: „Јас среќавав по селските патишта болни луѓе од тифус како ползат по патот кон болницата. Некои беа носени во воловски коли. Среќавав жени или деца како ги водат воловите додека во колата лежат болни во бунило од треска. Ретко се наоѓаше по некој човек што беше во состојба да ископа гроб за умрените. Обично мртвите останувaa да се распаѓаат по патиштата. Болните пак, во болницата или домовите лежеа без ќебиња и покривки, облечени во облеката со која поминале со месеци полна со гниди и вошки"[262].

Слика за тифусната епидемија ја опишал и д-р Ричард Стронг, професор по хигиена на Хардвардскиот мидицински факултет, санитетски организатор во Македонија на следниов начин: По моето доаѓање во Македонија, при посета на една од првите болници најдов шест од вкупно седумте лекари заболени од тифус. Очевидно дека недостасувале болници, бидејќи очекував да најдам по еден пациент на кревет, но таму не само креветите туку и подовите беа покриени со болни, ги имаше дури под креветите па и по дворовите. Условите во болниците не можеа да бидат полоши отколку што беа. Немаше никакви услови за болните, постелнината и облеката беа крајно нечисти. Болните во болниците не добиваа никаква помош или внимание. Во такви услови природно е дека смртноста ќе биде голема, изнесуваше дури и до 70%. Во неколку болници условите беа толку лоши што умрените по неколку дена лежеа заедно со мртвите.[263]

Потресна била ситуацијата во Македонија во период од 1912-1915 година. Воените дејствија и појавата на болести оставиле пустош во Вардарскиот дел од Македонија. Причина за ширењето на болестите биле: лошата исхрана и

[262] Верица Јосимовска, Епидемиите во Вардарскиот дел на Македонија и борбата со нив за време на војните (1912-1918), Штип 2014, стр.104-105
[263] Исто, стр. 103-104

нехигиенските услови, недоволен санитетски кадар, материјали и лекови, лошата инфрастурктура.

Веста за трагедијата која ја зафатила Македонија набрзо се проширила низ балканските, европските, но и прекуокеанските земји. Во Македонија пристигнувала помош од медицински материјали, лекови, серум, постелнина како и голем број на санитетски мисии, болничари, лекари, хуманитарци-доброволци кои несебично ја давале својата помош на ранетите и болни војници како и на цивилното население.

## *ГЛАВА ШЕСТА*

# *ПРОСВЕТНО-ОБРАЗОВНИТЕ ПРИЛИКИ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА 1912-1915 ГОДИНА*

Српските власти во Вардарскиот дел од Македонија посебно внимание посветиле и на воспитно-образовниот систем, училиштето како важен фактор за спроведување на нивната политика во Вардарскиот дел од Македонија. Главен орган кој се зафатил со "решавањето" на просветните проблеми било Министерството за просвета и црковните работи на Кралството Србија. Првиот акт кој бил донесен во доменот на просветата било поставувањето на просветни инспектори.

Територијата на Вардарскиот дел од Македонија покрај извршена административна поделба била поделена и на просветни-обласни инспекторати кои по територијата што ја опфаќале биле поголеми од административните окрузи. Имено Вардарскиот дел од Македонија бил разделен на четири просветни инспекторати[264]. За училишен инспектор во Скопската училишна област бил назначен Драгомир Обрадовиќ, за Брегалничката просветна област со седиште во Велес бил Стеван Нешиќ, а за Битолската просветна област – Петар Типа[265]. Секој просветен инспекторат се состоел од околии (срезови) на чело со училишни надзорници кои биле најниски и непосредни органи на просветната власт и тие биле должни да го организираат училишниот живот. Нивната задача била:

- да извршат увид во постојните училишни згради;
- можноста да ги оспособат за редовна настава;
- да ги решаваат тековните проблеми кои ќе се појавеле на теренот;
- да ги приберат учениците во училиштата;

[264] Просветните инспекторати биле со седиште во Скопје, Битола, Велес и Приштина. Свет. К. Марковића и Јакова Ивановића, Школство Јужне Србије од 1912-1937 г., Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, Скопље 1937, стр. 911

[265] Димитьр Г. Гоцев, Национално-освободителната борба в Македония 1912-1915, София 1981, стр. 80

- да изнајдат учителски кадри и да ги прераспределат по соодветни училишта;.[266]

Просветните инспектори биле највисоки претставници во просветата и тие се избирале меѓу најспособните и најискусните просветни работници во Србија, од една страна стручни лица, а од друга личности со видни политички карактеристики. Овие кадри (просветни обласни и околиски инспектори) добиле значајни писмени упатства во кои стои: „Вие одите во новите краишта каде што допрва ќе го создавате српското основно училиште кое тука порано може да се рече го немало во вистинска смисла, или постоело само за еден дел од сегашните наши граѓани. Пред се треба да имате на ум дека сите училишта во споменатата околија се српски државни училишта, со исклучок на романските. Вие ќе настојувате најпрвин да се организираат училишни општини, а потоа да се изработат списоци на деца што мораат да се школуваат по Законот". [267]

По завршувањето на Балканските војни просветните органи побарале од тогашните училишни управи да достават точен број на училишта, ученици, класови, учители и наставници за учебната 1911/1912 година. Биле прибрани следниве податоци за бројот на основни училишта и наставници по окрузи:

Во Скопскиот округ: 27 српски училишта со 37 наставници, 60 егзархиски училишта со 114 наставници, 1 грчко училиште со 4 наставници, 1 романско училиште со 2 наставници, 18 турски училишта со 37 наставници и др.

Во Кумановскиот округ: 56 српски училишта со 75 наставници, 52 егзархиски училишта со 73 наставници, 1 грчко училиште со 2 наставници, 1 романско училиште со 1 наставник, 38 турски училишта со 45 наставници.

Во Тетовскиот округ: 46 српски училишта со 55 наставници, 43 егзархиски училишта со 58 наставници, 75 турски училишта со 89 наставници.

Во Кавадарскиот округ: 1 српско училиште со 1 наставник, 43 егзархиски училишта со 68 наставници, 9 грчки училишта со 24 наставници, 1 романско училиште со 1 наставник, 4 турски училишта со 14 наставници и др.

---

[266] Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Скопје 1981, стр. 294-295
[267] Исто, стр. 305

Во Дебарски округ[268]: 23 српски училишта со 28 наставници, 32 егзархиски училишта со 52 наставници, 26 турски училишта со 40 наставници.

Во Битолски округ: 25 српски училишта со 45 наставници, 60 егзархиски училишта со 128 наставници, 36 грчки училишта со 112 наставници, 13 романски училиште со 46 наставници, 6 турски училишта со 43 наставници и др.[269]

Во Дебарскиот санџак имало 124 училишта, додека во Битолскиот санџак 121 училиште.[270]

Српски основни училишта постоеле во следниве прилепски села: Тополчани, Врбјани, Секирци, Зрзе, Рилево, Слепче, Долгаец, Ропотово, Дреновци, Горно Село, Дупјачани, Добринци, Присад, Небрегово, Доленци, Гостиражни, Стровија, Степанци, Белица, Никодин, Црешнево, Крапа, Кривогаштани и др. [271]

Српски основни училишта постоеле во охридските села: Вевчани, Подгорци, Лабуништа и Беровци[272].

Освен податоци за основните училишта биле прибрани и податоци за средните и стручните училишта:

1. Турско средно стручно училиште во Скопје

- Турско училиште со 3 класа и 125 ученици;

2. Грчки средни училишта

- Гимназија во Битола со 7 класови, 243 ученици и 9 наставници;

- Учителска школа со 2 класа, 14 ученици и 9 наставници;

- Централно више женско училиште со 9 паралелки и 14 наставници;

-Граѓанско училиште со 5 класа, 38 ученици и 7 наставници. Грчки граѓански, машки и женски училишта постоеле во селата: Магарево, Трново и Нижеполе во кои работеле по 3 наставници. Грчко граѓанско училиште постоело и во Скопје со три класа, како и во Гевгелија со два класа гимназија, споено со основно училиште.

3. Романски средни и стручни училшта во Битола:

[268] Во Дебар Албанците немале отворено училиште. Постоеле неколку основни турски училишта и едно српско основно училиште во кое немало повќе од 7 ученици. Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914 година, Скопје 1979, стр. 93
[269] Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Скопје 1981, стр. 296
[270] Исто, стр. 296
[271] Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914, Скопје 1979, стр. 222
[272] Исто, стр. 222

- Машка гимназија со 7 класови, 132 ученици и 16 наставници;

- Женска учителска школа со 5 класови, 75 ученици и 12 наставници;

4. Американско женско училиште, постоело во Битола со 5 класови и 29 ученици. Наставен јазик бил англискиот, додека бугарскиот јазик бил споредeн предмет.

5. Српски средни и стручни училишта

- Српска Нижа гимназија постоела во Битола со 4 класа, додека во Скопје постоела Виша гимназија со 8 класови, 195 ученици и 13 наставници;

- Во Скопје постоела и Учителска школа со 4 класа и 55 ученици, како и Домаќинско-работничко училиште со 5 класа и 90 ученици;

6. Егзархиски средни и стручни училишта

- Во Скопје постоела Гимназија и учителска школа со вежбална. Во Гимназијата имало 142 ученика, во учителската школа 120 ученици и 12 наставници, во вежбалната 65 ученици и 2 наставници.

Во Битола:

- Машка класична гимназија со 7 класови и 222 ученици во која предавале 13 наставници;

- Женско класно училиште со 4 класови, 105 ученици, 5 наставници и 2 наставнички;

- Свештеничко училиште (вонреден курс) со 12 ученици и 2 наставници;

- Домаќинско училиште со 2 класа и 39 ученици

Во Прилеп:

- Трикласно музичко училиште со 193 ученици и 6 наставници;

- Трикласно женско училиште со 125 ученички и 3 наставнички;

- Домаќински курс со два класа и 4 ученички и 3 наставнички;

- Нижа гимназија со I клас, 9 ученици и 1 наставник постоела во Гостивар;

- Во с. Блатец (Кочанско) – I клас со 14 ученици и 1 наставник;

- Во Виница (Кочанско) – I и II клас и 1 наставник;

- Во с. Оризари (Кочанско) – I клас со 7 ученици и 1 наставник;

- Во Кочани – 3 класа, 58 ученици и 4 наставници;

- Во Куманово – 82 ученици, 4 наставници;

- Во Кратово – 79 ученици и 5 наставници;

- Во Крива Паланка – 64 ученици и 4 наставници;

- Во Тетово – 42 ученици и 3 наставници;

- Во Свети Николе – I и II клас со 25 ученици и 1 наставник;

Во Велес:

- Машка гимназија со 119 ученици и 4 наставници;

- Женска гимназија со 103 ученици и 3 наставнички;

- Во Кавадарци – 63 ученици и наставници;

- Во Гевгелија – 95 ученици и 3 наставници;

- Во с. Ваташа (Кавадаречко) – нижа гимназија со I клас и 1 наставник;

- Во с. Галичник (Дебарско) – со I, II и III клас со 20 ученици и 5 наставници;

- Во с. Лазарополе (Дебарско) – нижа гимназија со I клас, 10 ученици и 1 наставник;

- Во Дебар – нижа гимназија со 3 класа, 46 ученици, за наставниците нема податоци;

- Во Кичево – 3 класа, 36 ученици, за наставниците нема податоци;

- Во Охрид – трикласно училиште со 147 ученици и 5 наставници;.[273]

Во 1913 година било дозволено отворање на средни училишта, неполни гимназии во неколку градови во Македонија[274] како и назначување на повеќе основни учители во Вардарскиот дел од Македонија. На 15 октомври 1913 година со посебен кралски указ биле отворени полни гимназии во Скопје и Битола и учителска школа во Скопје[275]. Биле отворени прогимназии во градовите: Дојран, Скопје, Охрид, Крива Паланка, Гевгелија и Ресен во кои за директори биле поставувани лица од Србија.

Во споредба со времето пред Балканските војни бројот на отворени средни, неполни средни и основни училишта во Вардарскиот дел од Македонија бил

---

[273] Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Скопје 1981, стр. 296-302

[274] Неполни гимназии биле отворени во градовите: Велес, Штип, Охрид, Ресен, Куманово, Тетово, Прилеп, Гевгелија, Дојран, Крива Паланка и Кратово. Свет. К. Марковића и Јакова Ивановића, Школство Јужне Србије од 1912-1937 г., Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, Скопље 1937, стр. 930

[275] Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Скопје 1981, стр. 319

значително помал. Имало случаи каде во цели околии имало само по неколку отворени основни училишта како на пр. Горнодебарската околија во која постоеле само 4 српски основни училишта, додека пак во Царево Село (денес Делчево) се до февруари 1914 година немало отворено никакво училиште.

Во Скопската училиштна област биле отворени 5 нижи гимназии, една полна гимназија и учителска школа во Скопје која броела 282 запишани ученици[276]. Во Куманово била отворена четирикласна гимназија со преку стотина ученици, во Тетово двокласна, со 67 ученици, во Крива Паланка, двокласна со 34 ученици и во Кратово двокласна, со 54 ученици. [277] Во некои места биле отворени и работнички училишта.

Во некои села се појавил отпор против отворањето на српски училишта, како на пр. во с. Горно Врановци-Велешко каде селаните биле насила натерани од војската да се согласат да ги испраќаат децата во отвореното српско училиште[278].

Што се однесува до учителскиот кадар до Балканските војни бројот на поранешните егзархиски учители не бил воопшто мал, но тие биле непогодни за политиката која ја спроведувала српската власт. Тие биле ставени на посебен режим. Дел од нив за време и непосредно по Балканските војни ја напуштиле Македонија и преминале во Бугарија, додека голем дел од нив останале во дотогашните места каде што учителствувале, без да изведуваат настава во текот на учебната 1912/13 година. Мнозинството од поранешните егзархиски учители биле од македонско потекло, семејни луѓе без финансиски примања што ги довело во мошне тешка материјална положба. Нивната положба уште повеќе ја влошувале политичките услови со воспоставувањето на српската власт.

Српските просветни власти побарале од егзархиските учители да потполнуваат специјални изјави кои требало да го напишат своерачно и да ги дадат следниве податоци:

- да изјават дека сакаат да станат српски учители;
- да дадат детален опис за нивното дотогашно службување;
- видот на завршеното образование со приложена документација;

[276] Исто, стр. 325
[277] Исто, стр. 325
[278] Исто, стр. 322

- средствата што ги добивале од Егзархијата[279].

Дел од учителите го прифатиле горенаведените услови. Молбите ги пишувале на машан српско-македонски јазик и во нив изјавувале дека ќе работаат во интерес на српската држава и дека ќе се придржувале на упатствата кои им биле давани. Тие исто така морале да ја променат формата на своите презимиња.

Како услов за прием во српските училишта поранешните егзархиски учители морале да посетуваат специјални курсеви преку кои требало да ги изучуваат српскиот јазик, историја и географија на Србија. Тие биле организирани во Белград[280]. И покрај тоа што тие биле испраќани на курсеви тие не успеале да го совладаат српскиот јазик и да го употребуваат во наставата за што српските просветни власти воопшто не биле задоволни.

Најголем дел од егзархиските учители биле поставувани за учители во поранешните граници на Србија бидејќи српските просветни власти гледале со недоверба кон нив и не успеале да воспостават поблиски контакти.

Дел од поранешните егзархиски учители користејќи го избувнувањето на Првата светска војна и ангажирањето на Србија во неа пројавиле отпор против српските проветни власти кои преземале поостри мерки против нив, отстранување од учителската должност.

Во училиштата била спроведени нови наставни планови и програми во кои преовладувале српскиот јазик, историја и географија. Македонските ученици со големи тешкотии го совладувале српскиот јазик. Тие особено имале проблем со одучување на буквите ъ, ь, ѣ, я, ѫ. Српските просветни власти сакале македонската младина да ја србизираат, односно да направат од нив прави „Срби". Преку училиштето тие сакале да ја асимилираат македонската младина.

Српските просветни органи не успеале да ја нормализираат наставата во училиштата во текот на учебната 1913/14 година[281]. Не биле решени голем број на

[279] Исто, стр. 312

[280] Во Белград на првиот учителски курс биле примени 152 учители од Македонија, додека на вториот 84 учители. Исто, стр. 313

[281] Во учебната 1913/14 година биле изградени 12 училишни згради. Во гимназиите имало запишани околу 4.000 ученици и наставата ја изведувале околу 180 наставници. Свет. К. Марковића и Јакова Ивановића, Школство Јужне Србије од 1912-1937 г., Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, Скопље 1937, стр. 927, 931

проблеми како: немањето доволен број соодветни учителски кадри (голем број на села останале без основни учители што било резултат и голем број на деца да не можат да ги посетуваат училиштата), ненавременото почнување на училиштата со работа, несредените училишни згради (дел од училиштата биле разурнати од војните, дел биле зафатени од воените единици, а исто така голем дел од училиштата биле претворени во болници), немањето на соодветен училишен инвентар, промените во наставните планови и програми влијаело и негативно се одразило врз квалитетот и нормално изведување на наставата во учебната 1913/14 година.

Во училишната 1913/14 година наставата речиси и да не се изведувала поради голем број на нерешени проблеми кои останале да се "решаваат" и во наредната учебна 1914/15. Имено проблемите станале покомлицирани бидејќи летото 1914 година започнала Првата светска војна која била зафатена и Србија што директно се одразило врз воспитно-образовниот систем. Проблемите останеле речиси исти како и во претходната учебна 1913/14 година. Прашањето со учителите не било решено. Всушност српските просветни власти презеле поостри мерки против нив отстранување од учителската должност или преместување во „старите краишта" на Србија[282].

Врз работата на училиштата негативно влијаела и се одразила спроведената воена служба од страна на Србија. Таа опфатила и голем број на наставници од основните и стручните училишта од новозаземените области. Исто така таа негативно се одразила врз редовната настава во училиштата. Впрочем голем дел од учениците не ги посетувале училиштата, бидејќи тие ги заменувале нивните родители во земјоделските работи додека тие се наоѓале на воена служба. Децата

[282] Околискиот училишен надзорник на Горнополошката околија со акт под бр. 953 од 12.06.1915 година побарал да биде преместен учителот Томо Глигориевиќ, поранешен егзархиски учител во Гостивар, поради непознавање на српскиот јазик и дека не бил во состојба успешно да ги учи децата на српски јазик. Со истиот акт околискиот надзорник побарал преместување и на учителот Теофило Бибиќ, учител во Гостивар, поранешен егзархиски учител кој не го познавал српскиот јазик и поради тоа не бил погоден да работи во училиштата во овие краишта. Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Скопје 1981, стр. 329-330

од една страна морале да работат за да ја обезбедат понатамошната егзистенција на семејствата, а од друга страна тие го запоставувале училиштето[283].

Неповолно во работата на училиштата влијаеле и разните испади на четите кои биле подготвувани во Бугарија. Тие во пограничните села на српско-бугарската граница ги напаѓале српските учители кои со оружје во рака ја изведувале наставата и го обезбедувале својот живот[284].

Појавата на заразните болести на територијата на Македонија исто така негативно се одразила врз работата на училиштето. Имено македонското население било лесно подложено на заразните болести кои поради не преземање на соодветни превентини мерки прераснале во епидемии, како колерата во 1913 година и пегавиот тифус во 1914/1915 година, кога голем дел од училиштата морале да бидат затворени и не работеле. Во текот на учебната 1914/15 голем број на училишни згради биле претворени во болници што неповолно влијаело во функционирањето на редовната настава.

Образовниот систем и покрај сите проблеми со кои се соочувал во Вардарскиот дел на Македонија, сепак наставата во учебната 1914/15 се одвивала[285]. За состојбата и бројот на српските училишта извештаи доствиле училишните надзорници. Така на пр. во Малшевската околија состојбата била следна: работеле 22 основни училишта со 29 наставници и наставнички-учителки.

---

[283] Според еден извештај испратен од обласниот училишен инспектор до Просветното одделение при Министерството на просвета и на црковните работи пишува: повикувањето на воените обврзници од I и II позив придонело бројот на учениците по селските основни училишта уште повеќе да се намали. Во јануари 1915 година положбата особено се влошила кога на воена служба биле повикани и воени обврзници од III позив, со што бројот на ученици во основните селски училишта се намалил на 5-6 ученици, а имало и селски основни училишта во Битолската училишна област без ниеден ученик. Освен воени обврзници од I, II, III позив биле зимани и старците и младинците по што во Битолската област селата останале без машки лица. Исто, стр. 334

[284] Во еден извештај на училишниот надзорник на Малешевската околија пишува: „Работата на учителите во с. Царево Село (денес Делчево) и покрај сите напори и настојувања, станала невозможна поради многу причини. Како најглавна причина е тоа што сето машко возрасно население се наоѓало во бегство и поради тоа училиштето го посетувале само неколку деца. Некои села биле поставени без жандарми, а учителите без оружје. Учителите во пограничните села со оружје во рака требало да ја изведуваат наставата и да го обезбедуваат сопствениот живот. Исто, стр. 332

[285] Во 1914/15 година биле изградени 8 нови училишни згради. Работеле гимназиите во Штип, Приштина, Битола, Гевгелија и други народни училишта. Во споменатите гимназии имало околу 1.700 ученици и 102 наставници. Свет. К. Марковића и Јаков Ивановића, Школство Јужне Србије од 1912-1937 г., Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, Скопље 1937, стр. 927, 932

Во овие 22 училишта наставата ја посетувале 914 машки и 333 женски ученици или вкупно 1.247 од кои 1.052 биле христијани додека 195 ученици биле муслимани. Единаесет училишта во оваа околија воопшто не работеле поради: лошите училишни згради и сместување на војници во истите, немањето доволен број на учители, ненавремено почнување со изведувањето на наставата, прекини во наствата во текот на годината поради болести, спроведената мобилизација.[286] Сето тоа се одразило во редовното посетување на наставата.

Слична или речиси иста била состојбата во училиштата и во останатите училишни околии. Во Скопската околија работата во училиштата била отежната. Во однос на училишните згради во подобра состојба биле оние кои што се наоѓале во градот[287] во споредба со селата. Многу ученици од селата отсуствувале од наставата. Училиштата биле зафатени од воени единици, се појавила болеста тифус што било причина да се намали бројот на ученици во училиштата. Третите и четвртите одделенија во основните училишта во текот на учебната 1914/15 работеле само 4 месеци, додека вторите одделенија работеле само месец и половина во целата учебна година, што значи дека наставата во оваа околија не се изведувала редовно.[288]

Односот на српските просветни власти спрема образованието на децата од христијанско потекло во Вардарскиот дел на Македонија воопшто не се разликувал и не бил поразличен во однос на децата од муслиманско потекло (Албанци и Турци). Децата од муслиманска вероисповед морале да ги посетуваат српските државни училишта и наставата да ја следат на српски јазик. Тие воопшто не го познавале српскиот јазик и немале никаква допирна точка со него. Поради тоа во основните училишта биле формирани подготвителни паралелки. Се предвидувало за неколку месеци децата од муслиманско потекло да го совладале во основа српскиот јазик.

---

[286] Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Скопје 1981,стр. 341-342

[287] Во градот Скопје во текот на учебната 1914/15 година постоеле следниве основни училишта: Св. Богородица I со 8 одделенија, 8 учители и вкупно 394 ученици; Св. Богородица II со 6 одделенија и со вкупно 339 ученици; Доситеј Обрадовиќ со 5 одделенија, 5 учители и со вкупно 232 ученици; Ѓура Јакшиќ со 6 одделенија, 6 учители и 325 ученици. Исто, стр. 346

[288] Исто, стр. 346-348

Муслиманските деца требало да бидат запишувани од 7-10 годишна возраст во I-те одделенија во основните училишта и тие требало да бидат третирани, како ученици од подготвителни паралелки. Децата над 10 годишна возраст не можеле да бидат запишани во тие подготвителни паралелки и поради тоа биле третирани како неписмени. За нив требало да се отворат аналфабетски курсеви на кои тие требало да се описменуваат и да се стекнат со основните познавања на српскиот јазик. Во соодветни подготвителни одделенија децата ја изучувале веронауката на мајчин јазик што просветните власти им дозволиле на некои оџи да ја предаваат. Имено српските просветни власти знаејќи ја влијателната улога на оџите среде албанската и турската маса сакале да ги искористат за прифаќање на нивната власт. Во оние училишта кадешто наставниците предавале веронаука не добивале паричен надоместок, ниту право на станарина и други додатоци.

Покрај многубројните барања за отворање на турски или албански училишта тоа не било дозволено од српските просветни власти. Според законот за „народните училишта” во Вардарскиот дел од Македонија освен постоење на српски државни училишта не било дозволено отворање на други. И покрај барањата на родителите нивните деца да имаат училиште во кои наставата ќе ја следат на нивниот мајчин јазик тоа не било дозволено. Имено српските просветни власти максимално се вложувале да приберат што поголем број на муслимански деца во српските училишта кадешто примарно се изучувале српскиот јазик, историја.

Децата од муслиманска припадност без волја ги посетувале српските училишта. Извесен број на деца од муслиманска припадност биле запишани во српските училишта, но тие морале да се откажат бидејќи воопшто не го познавале српскиот јазик. Родителите на децата од турска националност биле принудувани по пат на сила од српските власти нивните деца да ги запишат во српските училишта. Тие не сакале да ги пуштаат своите деца во училишта кадешто наставата не се одвивала на нивниот мајчин јазик[289]. Во иста положба се наоѓале и децата од албанска припадност. Имено родителите на децата од албанска припадност не ги

[289] Во Кумановско во учебната 1914/15 година 240 турски деца не посетувале настава бидејќи нивните родители не сакале да ги праќаат во српските основни државни училишта. Глигор Тодоровски, Македонија по распарчувањето 1912/13-1915, Скопје 1995, стр. 289

пуштале во српските основни училишта, освен во училиштата каде што се предавало турски јазик. Така на пр. во учебната 1914/15 во селата во Кумановско кои биле население со Албанци не биле отворени српски училишта.

Влијанието, силата и настојувањата на српските просветни власти да го натераат и принудат турското и албанското население да ги пуштаат нивните деца во српските основни државни училишта не дале резултати, како што бил случајот и со македонското население. Целта на српските просветни власти била да не се отвораат други приватни училишта, туку сите деца без оглед на која националност припѓале да ги посетуваат српските државни училишта, за полесно да ја спроведат големо српската политика во Вардарскиот дел на Македонија.

Српската власт била присилена да се согласи со постоењето на романски училишта, поради услугата која Романија и ја направила на Србија што влегла за време на Меѓусојузничката војна против Бугарија. Имено за време на Букурешкиот мировен договор српската влада се согласила на влашкото население и училиштата во Вардарскиот дел на Македонија да им даде автономија. Српските власти не гледале мошне најдраго за отворањето и постоењето на романски училишта. Тие воопшто не сакале да постојат други приватни училишта освен српски училишта. Во овие училишта инспекциите биле поригорозни бидејќи сакало да се прикаже дека романската пропаганда не ги почитувала привилегиите коишто и биле дадени од страна на српската влада. На територијата на Вардарскиот дел од Македонија постоеле неколку романски училишта кои во текот на Балканските војни не ја прекинале наставата. Романски училишта постоеле во Битола, Крушево, во селата Маловиште и Гопеш, потоа во Куманово, Скопје, Тетово. [290]

---

[290] Во Битолскиот округ според извештајот на околискиот училишен надзорник испратен под бр. 149 од 13.12.1913 година биле отворени следниви романски училишта: во с. Наловиште било отворено основно училиште со 5 одделенија, во с. Магарево-основно училиште со 5 одделенија, во с. Нижеполе – основно училиште со две одделенија, во с. Трново-основно училиште со 5 одделенија. Во Кумановскио округ постоеле две романски училишта. Едно во Куманово со 23 ученици, друго во Крива Паланка. Со акт под бр. 993 од 21.07.1915 година училишниот надзорник за град Тетово и Долнополошката околија го известил Министерството за просвета и црковните работи за неговата ревизија во романското училиште во кој пишува: училиштето било сместено во приватна куќа. Тоа работело од 1908 година кога и за прв пат во Тетово било отворено романско училиште. Во ова училиште постоеле само 2 паралелки. Едната паралелка била составена од забавиште со запишани 6 ученици и I одделние со 7 ученици, додека другата паралелка била составена од II одделние-запишани 4 ученици, III одделени-4 и IV одделение-2 ученика, или вкупно 27 ученици и сите тие биле Власи. Наставата била изведувана на романски јазик. Меѓутоа ова

Освен романски училишта на територијата на Македонија постоеле унијатски училишта и еврејско-француски училишта. Во Гевгелиската околија постоеле неколку унијатски училишта кои работеле за време и по Балканските војни. Тие ја продолжиле својата работа по Балканските војни без да побараат одобрение од страна на српската просветна власт. Наставата ја изведувале на бугарски јазик, а во учебната 1914/15 биле употребени и неколку учебници на српски јазик. Овие училишта го пропагирале католицизмот и имале поткрепа од страна на француската влада. Во учебната 1913/14 година во Гевгелиската околија работеле унијатските училишта кои се наоѓале во селата Стојаково, Паљурци, Богданци и градот Гевгелија[291].

Во учебната 1914/15 година бројот на учениците во унијатските училишта не се намалил. Во Гевгелиското унијатско училиште биле запишани 85 ученици од кои 17 во I клас, што значи дека тоа во учебната 1914/15 прераснало во неполна гимназија. Во Гевгелија постоеле две унијатски училишта: женско основно училиште и машко основно училиште кон кое биле придодадени и два класа гимназија. Во селата Стојаково и Богданци основните училишта биле машки, додека во селото Паљурци постоело училиште во ранг на средна духовна гимназија при манастирот „Св. Јосиф".

Во Скопје постоело и француско-еврејско училиште. Тоа било со 5 одделенија во кое покрај францускиот се предавале и еврејски и српски јазик. Сите предмети биле предавани на француски јазик. Целта на ова училиште била ширење на францускиот јазик и култура.

Српските просветни власти не сакале воопшто да ја дозволат работата на унијатски училишта и на било други кои приватни училишта, бидејќи тоа претставувало пречка за спроведување на нивната големосрпска политика. Тие

---

училиште било слабо опремено, односно немало учебни помагала и прирачна библиотека, доволно учебници на романски јазик, прекин во наставата кој траела два месеци било причината да не биде постигнат задоволителен успех. Изучувањето на српскиот јазик во ова училиште било незадоволително. Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Скопје 1981, стр. 360-363

[291] Во Гевгелија наставата ја посетувале 44 машки и 25 женски ученици. Во Стојаково имало 35 машки и 43 женски ученици. Во Богданци бројот на машките ученици изнесувал 20, додека женски ученички имало 28. Во с. Паљурци наставата ја посетувале 20 машки и 30 женски ученици. Вкупниот број на ученици кои ги посетувале унијатските училишта изнесувал 245. Глигор Тодоровски, Македонија по распарчувањето 1912/13-1915, Скопје 1995, стр. 292-293

постојано барале причина и начин за нивно затворање. Имено преку образовнието тие сакале да спроведат целосна денационализација и асимилација на македонската младина, а отварањето на други приватни училишта претставувало пречка за остварување на таа цел.

Во период од 1912-1915 година образованието во Вардарскиот дел на Македонија се соочувало со многубројни проблеми: разурнати училишни згради (дел претворени во болници, додека дел заземени од војските), недоволно материјални средства, училишен инвентар, недостаток на училишен кадар, мал број на ученици што ги посетувале училиштата како последица од епидемиите, спроведената мобилизација и отпорот на нивните родители да ги пуштаат своите деца во српските државни училишта, воведувањето на новите наставни планови според кои се воведувало изучување на српскиот јазик, историја и географија, воената должност на учителите итн. Сите овие тешкотии негативно се одразиле врз нормално одвивање на наставата во училиштата. Српските просветни власти преку училиштето сакале да го елиминираат македонскиот јазик и да извршат денационализација и асимилација на македонската младина. Но во тоа не успеале. Нивните притисоци, наредби и закани биле попусти, бидејќи македонската младина како и останатото македонско население во Вардарскиот дел на Македонија ги игнорирале и не ги прифатиле новите власти. Тие и понатаму продолжиле да говорат и да користат јазик во домовите на улица кој бил поразличен од српскиот.

Српските просветни власти се спротисавувале на отворањето и постоењето на приватни училишта кои ги сметале за штетни за српските национални интереси.

# ЗАКЛУЧОК

